# Нацрт Извештај за стратегиска оцена на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година




Јули, 2025



| | |
|---|---|
| **Име на документ:** | **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, Република Северна Македонија, плански период 2023-2033 година (тех. бр. R0822)** |
| **Нарачател:** | Министерство за транспорт |
| **Изработен од:** | Агенција за планирање на просторот |
| **Донесувач:** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Име на документ:** | Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 |
| **Нарачател:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **Изработен од:** | Александра Каракашова Сачкарска<br>овластен експерт за СОЖС |
| **Период на изработка:** | Јуни – Јули 2025 година |

Со цел навремено да се согледаат евентуалните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо-економските аспекти од реализацијата на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033, согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 3/25), потребно е спроведување на постапка за стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е потпишан од Експерт за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (Копија на уверение, дадено во прилог). Извештајот за стратегиска оцена на животната средина го изработи Александра Каракашова Сачкарска, дипл. инж. за животна средина.

Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66, став 5, од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, која ја води Министерството за животна средина и просторно планирање. Како доказ за ова, во прилог на извештајот е дадена копија на Уверение со број 12-2885/5 од 08.05.2023 год. издадена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Александра Каракашова Сачкарска

Експерт за стратегиска оцена на животната средина

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број: 12-2885/5
Датум: 08-05-2023 година

# УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**Александра Јован Каракашова Сачкарска** родена на 22.10.1979 година во Штип, дипломирала на ден 29.12.2003 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје на Машински факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 18.11.2010 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ“ бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
**Каја Шукова**

М.П

## Содржина

КРАТЕНКИ ........ 9
1. ВОВЕД ........ 10
2. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ........ 12
2.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина ........ 13
2.2. Придобивки од спроведување на СОЖС ........ 16
2.3. Правна рамка со која се регулира СОЖС постапката ........ 17
2.4. Цел на извештајот за СОЖС и применета методологија ........ 17
3. РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА УППГДЗ ........ 20
3.1. Краток преглед на содржината на УППГДЗ за регионална депонија “Русино“ ........ 20
3.2. Главни цели на УППГДЗ за регионална депонија “Русино“ ........ 24
3.3. Граници на планскиот опфат ........ 25
3.4. Наменска употреба на земјиштето ........ 26
3.4.1. Сегашна состојба на предметниот простор ........ 28
3.5. Анализа на можности за просторен развој ........ 32
3.5.1. Изводи од Просторниот План на Република Македонија ........ 38
3.6. Усогласеност на целите на УППГДЗ со други релевантни стратешки и плански документи ........ 42
4. РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ........ 59
4.1. Карактеристики на просторот ........ 59
4.1.1. Местоположба ........ 59
4.1.2. Релјеф ........ 63
4.1.3. Геотектонски и инженерско-геолошки карактеристики ........ 63
4.1.4. Хидрогеолошки карактеристики ........ 64
4.1.5. Хидролошки карактеристики и квалитет на површински води ........ 64
4.1.6. Педолошки карактеристики ........ 67
4.1.7. Сеизмички карактеристики ........ 68
4.1.8. Климатски карактеристики ........ 68
4.2. Социјално-економски карактеристики ........ 70
4.2.1. Демографски карактеристики ........ 70
4.2.2. Економски и стопански развој ........ 70
4.3. Состојба со животната средина ........ 73
4.3.1. Квалитет на воздух ........ 73
4.3.2. Квалитет на вода ........ 76
4.3.3. Управување со отпад ........ 77
4.3.4. Бучава ........ 79
4.3.5. Биолошка разновидност ........ 80
4.3.6. Природно наследство ........ 86

4.3.7. Културно-историско наследство и археолошки локалитети ....................................87
4.4. Материјални добра ..........................................................................................89
4.4.1. Водостопанство и водостопанска инфраструктура ...........................................89
4.4.2. Одведување и прочистување на отпадни води ..................................................90
4.4.3. Енергетска инфраструктура.................................................................................91
4.4.4. Сообраќајна мрежа ..............................................................................................91
5. МОМЕНТАЛНИ ПРОБЛЕМИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО И ОКОЛУ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ..........................................................................................................................92
5.1 Состојби, трендови и закани врз медиумите и областите од животната средина .....92
6. ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ ..........................................................99
7. ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА УТВРДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО.......................................................................................101
7.1. Генерални цели на заштита на животната средина на планскиот опфат.................103
7.2. Цели на Стратегиската оцена на животната средина ..............................................104
8. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.................108
8.1. Влијанија врз социо-економските аспекти ............................................................110
8.2. Влијание врз човековото здравје ...........................................................................110
8.3. Влијание врз квалитетот на воздухот......................................................................111
8.4. Влијание врз климатските промени ........................................................................112
8.5. Влијанија врз квалитетот на водите ........................................................................112
8.6. Влијание врз почвата..............................................................................................113
8.7. Влијание врз пределските карактеристики ............................................................114
8.8. Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна) .....................................................114
8.9. Влијание врз културното наследство .....................................................................115
8.10. Влијание од зголемена бучава и вибрации ...........................................................115
9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ...................................................................................118
10. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ...................................................................................125
11. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА УП ..........................................129
12. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ.............................................................................................134
12.1. Вовед ....................................................................................................................134
12.2. Вовед во стратегиската оцена на животната средина (СОЖС)...............................135
12.3. Резиме/краток преглед на содржината на УППГДЗ ................................................140
12.4. Релевантни аспекти за моменталната состојба во животната средина .................147
12.5. Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати во отсуство на имплементација на УП .............................................................147
12.6. Области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите ............................................................................................147

12.7. Цели за заштита на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво ...149
12.8. Идентификација на значајни влијанија врз животната средина...150
12.9. Анализа на алтернативи...152
12.10. План за мониторинг врз имплементација на УП...156
13. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ...158
13.1. Заклучоци ...158
13.2. Препораки ...161
13. ПРИЛОЗИ ...161
13.1. Одлука за спроведување на стратегиска оцена ...161
13.2. Формулар ...161
13.3. Решение за спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина ...161

## Листа на слики

Слика 1. Пошироко опкружување на локацијата и нејзина сообраќајна поврзаност (Графички прилози на Документациона основа на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар)...26
Слика 2. Изграден градежен фонд и вкупната физичка супраструктура и комунална инфраструктура на планскиот опфат...30
Слика 3. Поглед на локалитет Русино од депонијата Русино (фотодокументација од Извештајот од извршен увид во границите на планскиот опфат за изработка на УППГДЗ за потребите за реализација на регионалната депонија „Русино“, КО Сушица 1 и КО Церово, Општина Гостивар ...31
Слика 4. Локација на археолошкиот локалитет во рамки на планскиот опфат ...32
Слика 5. Графички приказ на планскиот опфат со планирана намена на земјиштето на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар...34
Слика 6. Приказ на влезна и инфраструктурна област на депонијата...38
Слика 7. Користење на земјиштето – карта бр. 20, Извод од ПП на РМ според Условите за планирање на простор (УПП Y11119i и дополна УПП Y11119ii)...39
Слика 8. Систем на населби и сообраќајна мрежа – карта бр. 22, Извод од ПП на РМ според Условите за планирање на простор (УПП Y11119i и дополна УПП Y11119ii) ...40
Слика 9. Водостопанска и енергетска инфраструктура – карта бр. 23, Извод од ПП на РМ според Условите за планирање на простор (УПП Y11119i и дополна УПП Y11119ii) ...41
Слика 10. Реонизација и категоризација на просторот за заштита – карта бр. 24, Извод од ПП на РМ според Условите за планирање на простор (УПП Y11119i и дополна УПП Y11119ii)...42
Слика 11. Локација на постоечката регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар...60

Слика 12. Локација на постоечката регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар....61

Слика 13. Местоположба на локацијата и ружа на ветрови ....62

Слика 14. Местоположба на локацијата во однос на границите на заштитните зони на изворот Вруток....67

Слика 15. Оддалеченост на автоматската мониторинг станица во Гостивар од регионалната депонија Русино ....74

Слика 16. Прогноза за собирање на отпад по фракција (2019 - 2029) ....78

Слика 17. Слика од гробишта и црква која се наоѓа покрај патот што води до проектната локација....88

## Листа на табели

Табела 1. Главни класи на намена во рамки на планскиот опфат....26

Табела 2. Компатибилни и комплементарни класи на намена во рамки на планскиот опфат....27

Табела 3. Нумерички показатели за градежна парцела....28

Табела 4. Постојна наменска употреба на земјиштето - содржини ....28

Табела 5. Усогласеност на целите на УППГДЗ со целите на други плански документи....43

Табела 6. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, Општина Гостивар....71

Табела 7. Земјоделски површини по категории на користење во хектари, според НТЕС 2005 ....73

Табела 8. Квалитет на воздухот во Општина Гостивар ....75

Табела 9. Ниво на бучава изразено во dB....80

Табела 10. Верски споменици и објекти во областа на проектот....87

Табела 11. Оцена на животната средина во и околу планскиот опфат....93

Табела 12. Заштитени, предложени за заштита и други области од природен интерес во пошироката околина на проектот....100

Табела 13. Избор на цели на СОЖС за релевантни индикатори во однос на еколошките рецептори ....105

Табела 14. Идентификација на влијанијата на целите на планскиот документ врз различните елементи на СОЖС и оценка на влијанијата....117

Табела 15. Преглед на мерки за намалување на влијанијата од реализација на УППГДЗ за регионална депонија Русино....119

Табела 16. План за мониторинг на спроведување на мерките....131

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МТ | Министерство за транспорт |
| АПП | Агенција за планирање на просторот |
| УПП | Услови за планирање на просторот |
| НСУО | Национални стратегии за управување со отпад |
| НПУО | Национален план за управување со отпад |
| КО | Катастарска општина |
| РПУО | Регионален план за управување со отпад |
| УЦО | Управување со цврст отпад |
| УППГДЗ | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење |
| ЦО | Цврст отпад |
| ЦРППР | Центар за развој на Полошкиот Плански Регион |
| СОЖС | Стратегиска оцена на животната средина |
| ОВЖС | Оцена на влијание врз животната средина |
| СП | Споменик на природата |
| ЗПП | Значајни подрачја за птици |
| ЗРП | Значајни растителни подрачја |
| ЗЗЗ | Завод за здравствена заштита |
| УХМР | Управата за хидрометеоролошки работи |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| УГД | Универзитет „Гоце Делчев“ |
| МИЦЖС | Македонски информативен центар за животна средина |

# 1. ВОВЕД

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година е изработен врз основа на Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1 и КО Церово, Општина Гостивар. Планската програма е изработена од страна на Агенцијата за планирање на просторот (тех. бр. R0822), заверена е од Министерството за животна средина и просторно планирање, а одобрена од Министерството за транспорт (арх. бр. 67-929/2 од 16.02.2023). Објавена е на веб страната на Министерството за транспорт на 07.04.2023 год. (Министерство за Транспорт).

За Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година, изработени се и Услови за планирање на просторот за изградба на регионална депонија КО Сушица 1 и КО Церово, Општина Гостивар (тех. бр. Y11119i и дополна со тех. бр. Y11119ii) за кои е издадено Решение за Услови за планирање од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (арх. бр. УП1-15 1836/2019 од 31.12.2019 год. и арх. бр. УП1-15 1929/2022 од 10.10.2022 год. (Министерство за Транспорт).

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година, е изработен врз основа на член 17 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 32/20, 111/23, 171/24), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2021, 2023 и 2024 година (Сл. Весник на РСМ, бр. 15/21, 107/21, 258/21, 37/23, 15/24 и 160/24).

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година, е изработен во рамки на Проектот за подобрување на услугите за управување со цврст отпад во Полошкиот плански регион [1]. Во рамки на овој проект, во 2021 година, спроведена е постапка за ОВЖС, односно, изработена е Студија за оцена на влијанието врз животната средина за Проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад, Русино, Општина Гостивар (Студија за оценка на влијание врз животната средина), за која е изготвен Извештај за соодветноста на студијата и врз основа на тоа е издадено Решение за издавање на согласност за проектот.

На локацијата која е предмет на овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, се наоѓа

[1] Проектот за интегрирано управување со отпад се спроведува како резултат на:

- Националните стратегии за управување со отпад (НСУО), со кои се дефинираат долгорочните потреби и законски мерки за спроведување (2008-2020, прерботени се 2020-2032 година);
- Националниот план за управување со отпад (НПУО), кој ги оценува тековните состојби на УЦО и ги дефинира активностите за подобрување (2009-2015, преработен е 2018-2024);
- Регионален план за управување со отпад (РПУО) кој ќе биде во согласност со НСУО и регулира финансирање и надоместоци во врска со УЦО

постоечката депонија Русино. Оваа локација е дефинирана со Физибилити студијата за управување со цврст отпад (ЦО) во Полошкиот регион (2022 год.), која пак предвидува современ систем за одлагање на отпад со кој ќе се опслужува целокупното население од Полошкиот плански регион (кој во 2023 год. броел околу 328.407 жители, а според проекцијата за 2042 год. овој број ќе изнесува околу 352.788 жители). Генерираното количество на ЦО во 2023 год. изнесува 126.691 тони, а во 2042 год. се предвидува да достигне 156.794 тони/годишно.

Со овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење се разработува регионалната депонија „Русино“, која се простира на една катастарска општина и повеќе катастарски парцели: КП бр. 716, КП бр. 717, КП бр. 719, КП бр. 712/1, КП бр. 712/2, КП бр. 720, дел од КП бр. 718, дел од КП бр. 678/1, дел од КП бр. 721, дел од КП бр. 707, дел од КП бр. 710, дел од КП 679/3, дел од КП бр. 708, дел од КП бр. 706, дел од КП бр. 704, дел од 713/1, дел од 713/2, дел од КП бр. 709, КО Сушица 1, Општина Гостивар. Со овој Урбанистички план се предвидува и изградба на нов сообраќаен пристап, како и нови градби и инфраструктура, потребни за функционирање на депонијата.

Површината на планскиот опфат за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, општина Гостивар, изнесува 153644.8433 $m^2$ или 15,364 ha и е во рамки на земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија.

Законската регулатива од областа на животната средина при подготовка на краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи на национално и локално ниво за развој во сите области (урбан развој, управување со отпад, земјоделие, индустрија, стопански развој, туризам, транспорт и др.) инсистира на спроведување на постапка за стратегиска оцена на влијание на планскиот документ кој се изработува и донесува врз животната средина.

Постапката е правно обврзувачка и се спроведува во согласност со националното законодавство - Глава X, членови 65-75 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 124/2010, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22, 3/25 и подзаконските акти) и со нејзино навремено спроведување се обезбедува идентификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на планот, програмата или стратегијата, врз животната средина. Во овој процес се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување или ублажување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина. Исто така, при спроведување на постапката за СОЖС, треба да се замат предвид и социо-економските аспекти и влијанието на предметниот плански документ врз нив.

Министерството за транспорт донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена за животната средина за УППГДЗ за депонија РУСИНО, општина Гостивар (арх. бр. 67-712/3 од 12.11.2024 год.) и заедно со Формуларот за спроведување на СОЖС за УППГДЗ за депонија РУСИНО, општина Гостивар (арх. бр. 67-712/4 од 12.11.2024 год.) ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на член 65, став 13 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14,

44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Сл. Весник на РСМ, бр. 89/22, 171/22 и 3/25), Министерството за животна средина и просторно планирање донесе Решение, односно Известување за прифаќање на Одлуката за спроведување на стратегиска оцена (арх. бр. УП1-15-712/4 од 16.12.2024 год.). Одлуката, формуларот и известувањето од МЖСПП се дадени како прилози на овој Извештај. (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2).

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година е изработен во согласност со Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 153/07).

## 2. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) е постапка која има за цел да обезбеди дека еколошките аспекти се земени предвид при изработката на планови и програми од јавен интерес, пред тие да бидат усвоени. Преку овој процес, уште во најрана фаза се идентификуваат потенцијалните негативни и позитивни влијанија од реализацијата на планираните содржини во планот, програмата или стратегијата врз животната средина (во случајот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар), а исто така се дефинираат и мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОЖС постапката се спроведува во неколку чекори:

Проверка: овој чекор има за цел да идентификува и утврди дали УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС. Овој чекор предвидува подготовка на одлука и формулар за спроведување или неспроведување на СОЖС (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2).

Определување на обемот: овој чекор има за цел да го определи обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот за СОЖС. Овој чекор е претставен преку решението кое го изготвува Министерството за животната средина и просторно планирање (ПРИЛОГ 3).

Изработката на Нацрт Извештајот за СОЖС е главниот механизам во кој ќе бидат идентификувани значителните влијанија (негативни и позитивни) врз животната средина од имплементација на планскиот документ, како и мерките за спречување, намалување и ублажување на значителните негативни влијанија. Извештајот за СОЖС треба да ги содржи информациите кои се дефинирани во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиската оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07).

Процесот на консултации со јавност: опфаќа консултација со засегнатите страни и конкретната јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, Нацрт Извештајот за СОЖС и ставање на увид на јавноста. Овој чекор подразбира и изработка на План за вклучување на засегнатите страни во процесот. План за засегнати страни е изработен во рамки на проектот за управување со цврст отпад во Полошкиот регион. Како засегнати

страни се идентификувани: МЖСПП, Јавното регионално претпријатие „ЗЈП Русино/Полог“, Центарот за Развој на Полошкиот Плански Регион (ЦРППР), неформалните собирачи на отпад, Општина Гостивар (градоначалникот и релевантите одделенија/сектори: Секторот за инвестиции и развој на општината, Секторот за животна средина, Одделение за управување со отпад, заштита и унапредување на природата и зеленилото, Сектор за урбанизам, планирање и уредување на просторот, Одделение за урбанистичко планирање, Одделение за спроведување на урбанистички планови, Одделение за уредување на градежно земјиште и урбана опрема, Сектор за комунални работи, сообраќај, заштита и спасување, Одделение за комунални работи и сообраќај), претпријатието за водоснабдување и управување со отпад во Гостивар ЈП Комуналец, Регионалната канцеларија на Национални шуми јавно претпријатие, претставници на бизнис секторот, претставници на граѓанските организации и неформални групи на граѓани, претставници на неформалните собирачи на отпад, претставници на сопствениците на земјиштето, претставници на институциите на локалната и централната власт, претставници на „Стоп Русино“, жителите на селата Горна и Долна Бањица, градоначалници на останатите општини во Полошкиот регион (Тетово, Теарце, Маврово и Ростуше, Врапчиште, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце). Овој План може да биде ревидиран и искористен, и идентификваните засегнати страни да бидат повикани на јавен увид и јавна расправа за Нацрт Извештајот за СОЖС за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар.

Начинот на учество на јавноста во овој процес е точно пропишан во Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 147/08).

Прифаќање/одобрување: овој чекор дава информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементацијата на планскиот документ.

Мониторинг: овој чекор опфаќа следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти во рана фаза за да им се овозможи на одговорните органи да преземат мерки за подобрување во текот на имплементацијата на планските документи.

## 2.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Целите на Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) се насочени кон интегрирање на заштитата на животната средина во процесот на планирање и донесување, односно одлучување за политики, планови и програми, особено оние кои може да имаат значително влијание врз животната средина.

Главни цели на СОЖС се:

- ➢ Превенција на негативни влијанија врз животната средина
  - Навремено идентификување и спречување на потенцијалните штетни ефекти пред да се реализираат плановите или програмите. Ова подразбира преглед на тоа како предвидените активности за санација и надградба на постоечката депонија и

пропратните содржини, како што се нов сообраќаен пристап, нови градби и инфраструктура, потребни за оперативност на депонијата како ќе влијаат врз здравјето на луѓето, животната средина и социо-економските аспекти.

- **Интеграција на животната средина во процесот на планирање**
  - Вклучување на еколошките аспекти уште во најраните фази на изработка на стратегии, планови и програми. Ова подразбира предвидување на соодветни мерки за спречување на негативните влијанија од реализирање на предвидените активности за санација и надградба на постоечката депонија и пропратните содржини, како нов сообраќаен пристап, нови градби и инфраструктура, потребни за оперативност на депонијата.
- **Поддршка на одржлив развој**
  - Да се интегрираат принципите на одржливо управување со просторот, земајќи ги предвид долгорочните економски, еколошки и социјални ефекти.
- **Подобрување на транспарентноста и вклучувањето на јавноста**
  - Обезбедување консултација со јавноста и учество на засегнатите страни во процесот на донесување одлуки за одреден плански документ. СОЖС постапката обезбедува вклучување на јавноста во процесот, и тоа: преку давање мислење по однос на објавените одлука и формулар за спроеерување или неспроведување на СОЖС, по објавеното решение и по Нацрт Извештајот за СОЖС, кој се става на увид на јавноста во рок од 30 дена, во кој рок јавноста може да даде мислења и коментари, а во тој период се организира и јавна расправа.
- **Поддршка во процесот на правилно одлучување**
  - Обезбедување објективни информации и анализи за влијанијата врз животната средина, за да им се помогне на носителите на одлуки да изберат најодржлива опција. Информации, истражувања и анализи од страна на засегнатата јавност може да се достават до носетителите на одлуките (МЖСПП, Министерство за транспорт) **по писмен или усмен пат за време на периодот на консултации.**
- **Идентификација и проценка на алтернативи**
  - Разгледување на различни алтернативи и нивните потенцијални влијанија, со цел да се избере најповолното решение. При изработка на стратегиските оцени на планови, програми, стратегии, обично се разгледуваат алтернатива без имплементација на планскиот документ и алтернатива со имплементација на планскиот документ. Се анализира и утврдува во кој случај има помалку негативни влијанија врз животната средина, а поголем ефект врз социјалните аспекти.
- **Промовирање на квалитетна животна средина**
  - Придонесување кон заштита на природните ресурси, биодиверзитетот, квалитетот на воздухот, водата и почвата. Самата постапка се спроведува така што уште во процесот на планирање и донесување на политики, планови и програми се идентификуваат потенцијалните влијанија и се предложуваат мерки за нивно спречување или намалување.

- Обезбедување правна усогласеност
  - Исполнување на обврските според националното законодавство и меѓународните обврски (како што е ЕУ Директивата 2001/42/ЕС). Постапката за спроведување на стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во поглавје X од Законот за животната средина и Директивата 2001/42/ЕС.

Специфичните цели на стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошката разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот.

Специфичните цели на СОЖС за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година, се насочени кон:

- Проценка на потенцијалните влијанија врз животната средина
  - Да се идентификуваат и анализираат можните негативни и позитивни влијанија од надградбата и работењето на депонијата врз медиумите и областите на животната средина: воздух, вода, почва, биодиверзитет, шумски и земјоделски површини.
- Проценка на ризиците врз здравјето на населението
  - Да се процени влијанието на планираната локација за депонија врз здравјето и благосостојбата на луѓето, особено ако е во близина на населени места, земјоделски активности и чувствителни зони (училишта, болници, извори на вода и сл.).
- Утврдување на мерки за заштита, превенција и намалување на влијанијата
  - Да се предложат конкретни технички и плански мерки за заштита на животната средина, како што се: системи за собирање и третман на отпадни води, мониторинг на загаденост на воздухот, контрола на мириси, акустична изолација, зелени тампон појаси и др.
- Разгледување на алтернативи за минимизирање на негативните влијанија
  - Да се анализираат алтернативни локации, пристапни патишта, разни системи и методи за управување со отпадот, со цел да се најде алтернативно решение со најмало влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.
- Усогласеност со релевантните законски и стратешки документи
  - Да се утврди дали урбанистичкиот план е во согласност со националните политики за управување со отпад, просторниот план, европските директиви (Директива за депонии, Рамковна директива за отпад), како и други релевантни документи.
- Поддршка на одржливо просторно планирање
  - Да се интегрираат принципите на одржливо управување со просторот, земајќи ги предвид долгорочните економски, еколошки и социјални ефекти.
- Обезбедување на транспарентност и вклученост на јавноста

- Да се поттикне и зголеми нивото и начинот на информирање и учество на јавноста, граѓанските организации и локалната самоуправа во процесот на донесување одлуки.

## 2.2. Придобивки од спроведување на СОЖС

Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) е еден од најважните инструменти за насочување на процесот на стратешко планирање кон целите за одржлив развој во различни области на човековата активност. Ова важи и за областа на управувањето со отпад. Со примена на СОЖС во планирањето на управувањето со отпад, може да се видат придобивките и последиците од предложените промени во просторот што ќе се појават за време на имплементацијата на концептите за стратешко планирање и врз основа на тоа да се донесат соодветни одлуки почитувајќи го капацитетот на просторот каде што ќе се спроведуваат планираните активности.

Клучните придобивки од спроведувањето на стратегиска оцена за животна средина (СОЖС) за УППГДЗ за регионалната депонија „Русино“ се:

- **Рано препознавање на ризиците**
  - Можност за навремено откривање на потенцијалните негативни влијанија врз животната средина, здравјето на луѓето и социо-економските аспекти, што пак ќе овозможи дефинирање на превентивни мерки уште во фазата на планирање.
- **Донесување одлуки врз основа на анализи**
  - Дава технички поткрепена основа за носење позитивни или негативни одлуки од страна на институциите и инвеститорите, врз основа на анализи и податоци.
- **Подобра усогласеност со законската рамка**
  - Го олеснува исполнувањето на барањата од националното законодавство и европските директиви за животна средина и управување со отпад.
- **Минимизирање на еколошките и социјалните конфликти**
  - Со рана вклученост на јавноста и транспарентност, се намалува ризикот од отпор на локалната заедница и правните пречки во понатамошното спроведување на планот.
- **Одредување на еколошки и економски оддржливи решенија**
  - Анализата на алтернативи овозможува избор на најсоодветна локација и технологија, која ќе има најмало влијание врз здравјето на луѓето и животната средина и најдолгорочна употреба и бенефит.
- **Заштита на јавниот интерес**
  - СОЖС ја штити животната средина како јавно добро и го вградува интересот на идните генерации во планските одлуки.
- **Поддршка на одржлив развој**
  - Секогаш се стреми да обезбеди рамнотежа меѓу економскиот раст, еколошката заштита и социјалната компонента во регионалното управување со отпад.

## 2.3. Правна рамка со која се регулира СОЖС постапката

Постапката за спроведување на стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во поглавје X од Законот за животната средина, при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, **управувањето со отпадот**, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, за националниот акционен план за животната средина и локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (Сл. Весник на РМ, бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена (Сл. Весник на РМ, бр. 122/11).

При подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, земена е предвид и Директивата 2001/42/ЕС за оцена на влијанијата на одредени планови и програми врз животната средина, која е транспонирана во националното законодавство.

## 2.4. Цел на извештајот за СОЖС и применета методологија

Согласно член 3, точка 10 – управување со отпад, алинеја 7 – **плански документи за депонирање, односно одлагање со депонирање** од Уредбата за стратегии, планови и програми, вклучувајќи ги нивните промени, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година, е документ за кој задолжително се спроведува стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за СОЖС е изготвен врз основа на:

- Законот за животна средина (чл. 65–75)

- Директива 2001/42/ЕС на ЕУ за оценка на влијанијата врз животната средина од реализирање на стратегии, планови и програми
- Архуска конвенција за право на учество на јавноста во процесот на донесување на одлуки за прашања поврзани со животната средина

Извештајот е изработен во согласност со Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07) и ги содржи следните информации:

(а) резиме/краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи;

(б) релевантни аспекти на моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/најверојатната еволуција без имплементација на планот или програмата;

(в) карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;

(г) други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;

(д) целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;

(ѓ) веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, човечкото здравје, фауната, флората, почвата, водата, воздухот, климатските фактори, материјалните придобивки, културното наследство кое вклучува архитектонско и археолошко наследство, пејзажот и меѓусебната поврзаност на овие фактори. Овие влијанија вклучуваат секундарни, кумулативни, синергистички, краткорочни, со средно и долгорочни, трајни и привремени позитивни и негативни ефекти;

(е) мерките предвидени за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ;

(ж) резиме/краток преглед на причините за изборот на алтернативите и опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;

(з) опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;

(ѕ) не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во точките од а) до з).

Целта на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) е да се обезбеди систематска анализа на потенцијалните влијанија врз животната средина од реализацијата на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година. Преку оваа анализа се овозможува интегрирање на еколошките аспекти уште во раните фази на планирање, со што се:

- препознаваат ризиците и негативните влијанија;
- предлагаат алтернативи или мерки за ублажување;
- зголемува информираноста и учеството на јавноста;
- обезбедува усогласеност со националната и европската регулатива.

На овој начин, СОЖС придонесува за **одржлив развој, транспарентност и подобро управување со животната средина.**

Методологијата која се користеше при подготовка на Извештајот за СОЖС се базира на спроведување на истражувања, проценки и аналитички пристап кој се состоеше од следните чекори:

- **Дефинирање на опфат и цели на СОЖС**
  - Утврдување на границите на планскиот документ и целите на СОЖС;
  - Определување на еколошки, социјални и економски параметри кои ќе се оценуваат;
  - Идентификација на релевантни законски и стратешки документи (на национално, регионално и локално ниво);
- **Собирање и анализа на постоечки податоци**
  - Анализа на постојната состојба на животната средина на планираната локација (почва, вода, воздух, биодиверзитет, заштитени подрачја, население, природно и културно наследство);
  - Идентификација на чувствителни зони и потенцијални конфликти;
  - Идентификација и проценка на потенцијални влијанија;
  - Проценка на директни, индиректни, кумулативни, краткорочни и долгорочни влијанија од спроведување на урбанистичкиот план;
  - Акцент на влијанијата од изградба и функционирање на депонијата врз: Квалитетот на воздух и вода, Загадување на почвата, Јавното здравје, Биодиверзитетот, Пределски карактеристики;
- **Разгледување на алтернативи**
  - Вклучува споредбена анализа на: алтернативни локации, технички решенија, пристапна или постоечка инфраструктура;
  - Оценка на секоја алтернатива според еколошка, економска и социјална одржливост;
- **Предлог на мерки за заштита, намалување и ублажување на влијанијата**

- Технички и плански мерки за: спречување на загадување, зафаќање на исцедок и депониски гас, контрола на миризба, бучава и прашина, заштита на извори на вода, почва и биодиверзитет;
- Мониторинг и ревизија во текот на реализацијата;

➢ **Проценка на можности за мониторинг**

- Дефинирање на индикатори за следење на влијанијата и ефикасноста на предложените мерки;
- Подготовка на План за периодично известување;

➢ **Јавна консултација и вклучување на засегнати страни**

- Организирање јавна расправа и собирање на мислења од јавноста, граѓански организации, институции и сите засегнати страни кои се идентификувани во Планот за вклучување на засегнатите страни за регионална санитарна депонија Русино.
- Изготвување на извештај од консултации со јавноста, со записник од одржаната јавна расправа, листа на заинтересирани страни кои дале коментари, како и листа на одговори и негово споделување на веб страницата на органот кој го изготвува планскиот документ;
- Интегрирање на добиените мислења од јавноста во финалната верзија на СОЖС;

➢ **Изработка на финален извештај за СОЖС за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година**

- Сумирање на резултатите од анализите и консултациите;
- Формулирање на заклучоци и препораки;
- Доставување до надлежните органи (Министерство за животна средина и просторно планирање) за одобрување, односно добивање на мислење за спроведување или неспроведување на планскиот документ

# 3. РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА УППГДЗ

## 3.1. Краток преглед на содржината на УППГДЗ за регионална депонија “Русино“

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, Република Северна Македонија, за плански период 2023-2033 година е изработен од страна на Агенцијата за планирање на просторот во ноември 2024 год. (тех. бр. R0822), а нарачатели се Министерството за транспорт и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар е изработен врз основа на член 17 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 32/20, 111/23, 171/24), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021,

2023 и 2024 година (Сл. Весник на РСМ бр. 15/21, 107/21, 258/21, 37/23, 15/24 и 160/24) подточка 24 од точка III која гласи: Изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар. УППГДЗ е изработен врз основа на Планската програма заверена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, а одобрена од Министерство за транспорт (арх. бр. 67-929/2 од 16.02.2023). УППГДЗ е изработен во согласност со Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистичкиот план (тех. бр. Y11119i и дополна тех. бр. Y11119i) за кои е издадено Решение за Услови за планирање од страна Министерството за животна средина и просторно планирање (тех. бр. УП1-15 1836/2019 од 31.12.2019 год. и тех. бр. УП1-15 1929/2022 од 10.10.2022 год.).

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година е изработен врз основа на Физибилити Студија за управување со цврст отпад во Полошкиот регион (февруари 2020 год.), Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска подлога со бр. 0801-135/22 од 29.07.2022 год., Хидролошка Студија – анализа на еден и 24-часовни интензитети на врнежи и нивно влијание врз регионалната депонија Русино, во катастарска парцела КП бр. 679/3, во имотен лист ИЛ бр. 9, КО Сушица 1, Општина Гостивар (арх. бр. 05-18/23).

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 содржи: Документациона основа со текстуален и графички дел и Планска документација со текстуален, нумерички и графички дел.

Текстуалниот дел на документационата основа содржи географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни соседни простори на ажурирана геодетска подлога со граница на планскиот опфат. Содржи и Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи, планови и стратегии на развој, како и историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на и во близина на планскиот опфат и неговата непосредна околина.

Текстуалниот дел на документационата основа дава преглед и заклучни согледувања на студии, елаборати, работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат како што се:

- Физибилити Студија за управување со цврст отпад во Полошкиот регион (плански период 2023 – 2042 год.) чија цел е да го дефинира опфатот на идните проекти, со оценка на нивната изводливост со што ќе се придонесе кон подобрување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на услугите за управување со отпад во Полошкиот регион, како и намалување на негативните влијанија врз здравјето на луѓето и животната средина.
- Хидролошка Студија – анализа на еден и 24-часовни интензитети на врнежи и нивно влијание врз Регионалната депонија Русино, во катастарска парцела КП бр. 679/3, во имотен лист ИЛ бр. 9, КО Сушица 1, Општина Гостивар), која е изготвена со цел заштита на регионалната депонија Русино, Општина Гостивар од плавење при појава на големи води. Во студијата одредено е оттекувањето од сливните површини кои гравитираат кон регионалната депонија и дадени се препораки за одржување на

коритата или поставување на соодветни заштитни ободни канали, кои се во функција на безбедност од плавење при еден и 24-часовни интензитети на врнежи со веројатност на појава на 100 годишни води.

- Регионалниот план за управување со отпад (плански период 2019 – 2029 год.), чија цел е да придонесе за чисто и здраво опкружување за населението во Полошкиот плански регион.

Документационата основа ги систематизира податоците за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на територијата во рамките на планскиот опфат на планските решенија и нивното спроведување (географски податоци, релјефни услови, наклон и експозиција на терените; геотектонски и инженерско-геолошки карактеристики; сеизмички карактеристики; климатски и микроклиматски услови на регионот; хидрографија и хидрологија; пејзаж и природни реткости). Документационата основа ги систематизира и податоците за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на начинот на човековата употреба на земјиштето во рамките на планскиот опфат (Инвентаризација на изградениот градежен фонд на вкупната физичка супраструктура со одредена намена, состојба, како и на градбите што се во фаза на градење; Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура; Инвентаризација на постојни споменички целини, градби прогласени за културно наследство, културни предели и заштитени природни предели, природни блага, добра и други заштитени ентитети).

Во рамки на планскиот опфат направена е и анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат. Дадени се и заклучните согледувања од Изводот од Просторниот план на РМ 2002-2020 год.

Документационата основа содржи и изјави од државни установи, јавни претпријатија и други релевантни институции во однос на постоечка инфраструктура на планскиот опфат, како што се:

- Општина Гостивар – на планскиот опфат постои локален пат од село Сушички мост до депонија Русино;
- Јавно претпријатие за државни патишта – планскиот опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на претпријатието;
- Јавно претпријатие за железничка инфраструктура– планскиот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничка пруга;
- Агенција за цивилно воздухопловство – во планскиот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај;
- АД Водостопанство на РСМ – Скопје, во планскиот опфат нема свои објекти и инфраструктура. Во планскиот опфат е Сушичка река и истата треба да се третира согласно Законот за води.
- Сектор за води при Управата за животна средина - планскиот опфат се наоѓа во третата заштитна зона на водозафатениот објект извор “Вруток“ и дека треба да се

земат предвид мерките за заштита согласно Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатениот објект извор „Вруток“.

- МЕПСО и Електродистрибуција Дооел Скопје – во планскиот опфат не постојат постоечки подземни и надземни електрични инсталациии.
- Македонски Телеком АД Скопје – во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.
- АД за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост – во границите на планскиот опфат нема изградено и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.
- Од страна на Управа за заштита на културното наследство и НУ Национален конзерваторски Центар Скопје подготвен е Извештај од извршен увид, со кој се констатира постоење на културно наследство (на северниот и северозападниот крај на планскиот опфат се наоѓа археолошкото наоѓалиште „Русино“ - средновековна црква и некропола).

Нумеричкиот дел, односно нумеричките показатели на документационата основа содржи: податоци за постојна намена на земјиштето и изграден градежен фонд; податоци за сообраќајна инфраструктура, водостопанска инфраструктура, канализациона инфраструктура, електро-енергетска инфраструктура, електронско-комуникациска инфраструктура и гасоводна инфраструктура.

Графичкиот дел на документационата основа содржи: Извод од Просторен План на РМ (карта бр. 20, 22, 23, 24) – УПП Y11119i и УПП Y11119ii (1:250000); Пошироко просторно опкружување и сообраќајна поврзаност (1:10000); Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат (1:1000); Изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура и комунална инфраструктура (1:1000); Пошироко опкружување со нанесени опфати од издадени услови за планирање на просторот во непосредна близина (1:1000) и Претходна одобрена планска и проектна документација.

Текстуалниот дел на Планската документација содржи податоци за видот на планот, називот на подрачјето на планскиот опфат, планскиот период, површина на планскиот опфат и општината на која и припаѓа, како и опис на границата на планскиот опфат. Планската документација ги презентира и стратешките определби што произлегуваат од развојните стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво, целите на урбанистичкиот план и образложение на планскиот концепт за просторен развој. Даден е и опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, но и за изградба на сообраќајната и комуналната инфраструктура.

Во текстуалниот дел на планската документација, дадени се мерки за заштита на културно наследство, мерки за заштита на природни реткости и предели, мерки за заштита на животната средина, мерки за заштита и спасување и мерки за спречување на бариери за лица со инвалидитет. Дадени се и општите и посебни услови за изградба и користење на земјиштето и градбите, општи услови за изградба, како и посебните услови за градење од доменот на сообраќајната, водостопанската, електроенергетската и гасоводната инфраструктура.

Во Планската документација се дадени и нумеричките и билансните показатели од планските решенија за целиот плански опфат за постојна и планирана состојба (нумерички показатели за сообраќајната инфраструктура, патна мрежа, нумерички показатели за водоснабдување и одведување на отпадни води, нумерички показатели за електро-енергетска инфраструктура, нумерички показатели за електронско-комуникациска инфраструктура, нумерички показатели за јавно осветлување, нумерички показатели за гасоводната инфраструктура.

Графичкиот дел содржи: План на намена на земјиштето и градбите (1:1000); Регулационен план и план на зеленило (1:1000); План на површини за градење (1:1000); Сообраќаен и нивелациски план (1:1000), Водоводна и канализациска инфраструктура (1:1000); Електро–енергетска, електро–комуникациска мрежа и јавно осветлување (1:1000).

## 3.2. Главни цели на УППГДЗ за регионална депонија “Русино“

Главната цел на урбанистичкиот план е да овозможи создавање на услови за санација и надградба на постоечката регионална депонија „Русино“. Урбанистичкиот план треба да ги објективизира тенденциите на просторниот развој на предложената локација од аспект на правната, општествената, економската, еколошката и просторно-планерската оправданост за реализација, а кои претходно се анализирани и дефинирани во Физибилити студијата за управување со цврст отпад во Полошкиот плански регион.

Целта на урбанистичкиот план е да ги дефинира правилата во вид на плански одредби, кои ќе се однесуваат на изработката на проектните документации и изградбата на комплексот со градби кои во планскиот период ќе се користат и ќе бидат во функција на регионалната депонија Русино.

Планскиот период кој е предвиден е период од 10 години, 2023-2033 година, кој период практично е предвиден и како животен век на регионалната депонија. Една од целите е да се создадат санитарни и безбедни услови за времено ограничено користење на Русино како санитарна депонија за Полошкиот регион, а по завршување на овој период и нејзино прописно затворање.

Комплексот ќе биде испланиран согласно потребните програмски содржини за непречено функционирање и работа на вработениот персонал. На овој начин ќе се овозможи подобрување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на услугите кои придонесуваат за минимизирање на негативните ефекти предизвикани од генерирање и управување со отпад врз здравјето на луѓето и животната средина.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- Рационално користење на земјиштето;
- Максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- Оформување архитектонска целина;
- Почитување и заштита на правото на човекот на работа;
- Почитување и валоризација на кутурното и градителското наследство;

- Вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;
- Подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет;
- Вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;
- Вградување на мерки за заштита и спасување;
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- Почитување на законските прописи за дадената намена;
- Утврдување на параметрите и насоките за изработка на урбанистичките и основните проекти за идната планирана градежна парцела

## 3.3. Граници на плансkиот опфат

Планскиот опфат за реализација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“ се наоѓа во Општина Гостивар, поточно ја зафаќа катастарската општина КО Сушица 1 и зафаќа вкупна површина од 15.364 хектари.

Границата на планскиот опфат е дефинирана по следните оски:

- Од север минува низ катастарските парцели: КП бр. 709, КП бр. 713/1, КП бр. 704 и КП 706, КО Сушица 1;
- Од источната страна ги сече катастарските парцели: КП бр. 706, КП бр. 708, КП бр. 707, КП бр. 710, КП бр. 679/3, КП бр. 678/1, КО Сушица 1;
- Од јужната страна минува низ катастарските парцели: КП бр. 679/3, КП бр. 710, КП бр. 707, КП бр. 721, КП бр. 678/1, КП бр. 718, КО Сушица 1;
- Од запад минува по границата на КП бр. 718, КП бр. 707, КП бр. 709, КО Сушица 1;

Во планскиот опфат влегуваат следните катастарски парцели и тоа: КП бр. 716, КП бр. 717, КП бр. 719, КП бр. 712/1, КП бр. 712/2, КП бр. 720, дел од КП бр. 718, дел од КП бр. 678/1, дел од КП бр. 721, дел од КП бр. 707, дел од КП бр. 710, дел од КП 679/3, дел од КП бр. 708, дел од КП бр. 706, дел од КП бр. 704, дел од 713/1, дел од 713/2, дел од КП бр. 709, КО Сушица 1, Општина Гостивар.




Слика 1. Пошироко опкружување на локацијата и нејзина сообраќајна поврзаност (Графички прилози на Документациона основа на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар)

## 3.4. Наменска употреба на земјиштето

Просторот во рамки на планскиот опфат кој е предвиден за реализација на УППГДЗ за регионалната депонија Русино е со вкупен процент 98,32%. На останатата површина има крајбрежен појас на водотеци, со вкупен процент 1,68%.

Со УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето:

Табела 1. Главни класи на намена во рамки на планскиот опфат

| Групи на класи на намена | Класи на намена | Поединечна класа на намена | Површина | % |
|---|---|---|---|---|
| **Е. Инфраструктура** | Е3. Специјални некласифицирани инфраструктури | Е3.1. Регионална депонија за одлагање на неопасен отпад | 151.060 | 98,32 |
| **Е. Инфраструктура** | Е1. Сообраќајни, линиски и други инфраструктури | Е1.11. Одводнителни канали - водотеци | 2.585 | 1,68 |

* Предвиденото зеленило е во сопствена парцела и треба да изнесува мин. 20%, согласно со Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр. 11/2018).

На следната табела се наведени компатибилни и комплементарни каласи на намена кои што може да бидат застапени во рамки на планскиот опфат, со површина од најмногу 30% од површината предвидена за основната класа на намена.

Табела 2. Компатибилни и комплементарни класи на намена во рамки на планскиот опфат

| Групи на класи на намена | Класи на намена | Поединечна класа на намена | Дозволен % на застапеност |
|---|---|---|---|
| **Б. Комерцијални и деловни намени** | Б4. Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради | Б4.1. Деловни згради со канцеларии | 30 |
| **Г. Производство, дистрибуција и сервиси** | Г4. Стоваришта, складови и отпади | Г4.1. Отворени, полуотворени и затворени складишта за индустриска стока | 30 |
| **Д. Зеленило, рекреација и меморијални простори** | Д2. Заштитно и сообраќајно зеленило | Д2.1. Дрвореди и друго и заштитно зеленило | 30 |
| **Е. Инфраструктура** | Е1. Сообраќајни, линиски и други инфраструктури | Е1.1. Сообраќајни патни инфраструктури | 30 |
| | | Е1.6. Градби за прочистување на отпадни води | 30 |
| | | Е1.10. Гасоводи | 30 |
| | Е3. Специјални некласификувани инфраструктури | Е3.1. Постојки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад | 30 |

Со УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, планирана е 1 (една) градежна парцела (1.1) со површина од 15,106 ha (151059.5068 m$^2$). Површината за градење во рамки на оваа парцела е 11,194 ha (111943.5238 m$^2$). Висината на градбите, односно на завршниот венец на градбите може да биде 10 m’, додека бројот на катови е П (приземје).

Со овој план не се дефинирани елементите на внатрешната сообраќајна мрежа во градежната парцела, туку тоа е планирано во следната фаза со изработка на урбанистички проект, со што решението на сообраќајната мрежа ќе биде дефинирано како интегрирана сообраќајна површина.

Во рамките на планскиот опфат потребно е да се предвидат површини со класа на намена Д2, при што минималната застапеност треба да изнесува 20% од површината на парцелата под која не се планира градба. Дополнително, долж оградата на депонијата потребно е да се предвиди и заштитен појас со високо зеленило за да се спречи визуелен контакт и пристап кон депонијата. Овој заштитен појас ќе биде предмет на посебен проект за хортикултурно уредување.

Градежната парцела ќе биде оградена со транспарентна ограда со вкупна висина од 1.20 m до 2.00 m со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0.40 m до 0.80 m во согласност со стандардите и нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање.

На следната табела се дадени билансните показатели за градежната парцела ГП 1.01 каде е регионалната депонија „Русино“.

Табела 3. Нумерички показатели за градежна парцела

| Градежна парцела бр. | 1.1. |
|---|---|
| Површина на Градежна парцела ($m^2$) | 151.060 |
| Поединечна класа на намена | Е3.1 - Комунална супраструктура |
| Рамковна површина на градба (m’) | 111.944 |
| Максимален број на нивои (Катови) | 1 |
| Катност | П |
| Процент на изграденост во однос на градежната парцела (%) | 74,1 |
| Максимален дозволен коефициент на искористеност (k) | 0,74 |
| Максимална дозволена висина до венец (m') | 10,00 |
| Компатибилни и комплементарни намени во ГП | Б4, Г4, Д2, Е1, Е3<br>Предвиденото зеленило е во сопствена парцела и треба да изнесува мин. 20%, согласно со Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр.11/2018) |
| Процентуална застапеност на компатибилни и комплементарни намени во ГП | 30% |
| Паркирање | 13 паркинг места<br>Од вкупниот број на паркинг места, 10 паркинг места се наменети за вработените на депонијата, 1 паркинг место наменето за инвалиди и 2 паркинг места наменети за камионите во функција на депонијата, а нивната диспозиција ќе се дефинира со следна проектна документација. |

## 3.4.1. Сегашна состојба на предметниот простор

На локацијата предвидена за изработка на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, егзистира постојната депонија Русино и во рамки на комплексот евидентирани се градби во функција на депонијата. Депонијата не ги содржи основните и минимални еколошки стандарди и технички нормативи за нормално функционирање согласно Законот за управување со отпад и останатата законска и подзаконска регулатива.

Табела 4. Постојна наменска употреба на земјиштето - содржини

| Намена | Површина | % |
|---|---|---|
| Неизградено земјиште | 150.118,14 | 97,7 |
| Изградено земјиште (Објекти од времен карактер) | 187,3 | 0,13 |
| Сообраќајна инфраструктура (Постоен асфалтен пат) | 427,54 | 0,28 |
| Сообраќајна инфраструктура (Постоен земјен пат) | 2.911,87 | 1,9 |
| Вкупно во плански опфат: | 153.644,84 | 100 |

Во рамки на планскиот опфат е постоечката регионална депонија „Русино“ и во комплексот инвентаризирани се објекти кои согласно Правилникот за урбанистичко планирање се класифицирани како Помошни и времени градби (монтажни бараки):

- објект за администрација - монтажен објект со дрвена конструкција, со катност приземје, во лоша состојба со површина од 106 $m^2$,
- пријавница – монтажен објект со челична конструкција, со катност приземје, во лоша состојба со површина од 10 $m^2$ и
- вага – челична монтажна, во средна состојба со површина од 71 $m^2$.

### 3.4.1.1. Сообраќајна инфраструктура

Регионалната депонија „Русино“ е поврзана на локалната патна мрежа преку главен локален пат Гостивар – с. Горна Бањица – с. Сушица – Депонија „Русино“. Трасата на возилата за превоз на отпад оди низ улиците во Гостивар и Горна Бањица, патот М4 К4, доаѓајќи до крстосницата на селото Митрој Крсти и селото Сушица/Русино. Оваа раскрсница е во подрачјето на фабриката Микро Калцит, а растојанието до депонијата е 5 km.

Во 2019 и 2020/21 година беше реновиран патот до с. Сушица. По должината на патот, постои жичана ограда за да се спречи нелегалното фрлање отпад во коритото на реката Сушица.

Во непосредна близина на планскиот опфат се протега магистралниот пат А2 (Граница со Бугарија – ГП Деве Баир – Крива Паланка – Страцин – Романовце – Куманово - Миладиновце – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Требениште – Струга – граница со Албанија – ГП Ќафасан).

### 3.4.1.2. Водостопанска инфраструктура

Во границите на планскиот опфат нема изградена инфраструктура за водоснабдување и одведување на отпадните води (фекална и атмосферска канализација), ниту пак системи за наводнување и/или одводнување на обработливи површини. Во границите на планскиот опфат се наоѓа Сушичка река која треба да се третира во согласност со Законот за водите, а исто така предметната локација се наоѓа во третата заштитна зона на Вруток и планскиот опфат граничи со два водотеци, за што е потребно да се превземат сите неопходни мерки предвидени со Одлуката.[2]

Во непосредна близина на границата на планскиот опфат поминуваат повремени, непостојани водотеци од СЗ-С и Ј-ЈИ страна. Во Хидролошката студија која е изработена за потребите на овој УППГДЗ одредено е оттекувањето од сливните површини кои гравитираат кон регионалната депонија и дадени се препораки за одржување на коритата или поставување на соодветни заштитни ободни канали кои се во функција на безбедност од плавење при еден и 24-часовни интензивни врнежи со веројатност на појава Р1%, т.е. 100 годишни води.

[2] Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начини на воспоставување на заштитните зони (Сл. Весник на РМ, бр. 89/2018).

### 3.4.1.3. Електроенергетска, електро-комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

Во границите на планскиот опфат не постојат инсталации во сопственост на АД МЕПСО и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, но при реализација на УППГДЗ задолжително треба да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно мрежните правила за дистрибуција на електричната енергија.

Во границите на планскиот опфат, за постојна телефонска мрежа, евидентирано е дека не постојат инсталации во сопственост на Македонски Телеком АД Скопје.

При посета на локацијата констатирано е дека не постои јавно осветлување, ниту пак е изведена инсталација за јавно осветлување.

Во границите на планскиот опфат нема изградено и не се планира изградба на гасоводна мрежа.




Слика 2. Изграден градежен фонд и вкупната физичка супраструктура и комунална инфраструктура на планскиот опфат

### 3.4.1.4. Постојни споменички целини, културно наследство и заштитени природни подрачја

Во рамки на планскиот опфат се наоѓа археолошко наоѓалиште „Русино“ (средновековна црква и некропола) – добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство. Од страна на НУ Националниот конзерваторски центар Скопје извршен е увид на терен каде е констатирано постоењето на археолошкото наоѓалиште „Русино“, кое е лоцирано на северниот и северозападниот дел на планскиот опфат.

Проценето е дека при вршење на земјените и градежните работи при имплементација на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионалната депонија Русино, овој локалитет може да биде загрозен па затоа е потребно задолжително присуство на овластен археолог-конзерватор и примена на мерки за

заштита на културното наследство предвидени во Законот за заштита на културното наследство.



Слика 3. Поглед на локалитет Русино од депонијата Русино (фотодокументација од Извештајот од извршен увид во границите на планскиот опфат за изработка на УППГДЗ за потребите за реализација на регионалната депонија „Русино“, КО Сушица 1 и КО Церово, Општина Гостивар




Слика 4. Локација на архолошкиот локалитет во рамки на планскиот опфат

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот План на Република Македонија, на предметниот простор на кој се предвидува изградба на регионална депонија, КО Сушица 1, Општина Гостивар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при реализација на УППГДЗ за потребите на регионалната депонија „Русино“ или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство.

## 3.5. Анализа на можности за просторен развој

Во рамки на документационата основа на УППГДЗ за потребите на регионалната депонија „Русино“ изработена е и анализа на можности за просторен развој, која покажува дека на предметниот плански опфат постои изграден градежен фонд од времен карактер.

Не е изградена комунална супраструктура и инфраструктура, така што УППГДЗ за регионалната депонија „Русино“, предвидува плански концепт кој максимално ќе ги почитува просторните природни и создадени услови и ќе овозможи просторен развој за многу повисоко ниво на услуги, кој треба да биде базиран врз: приоритети и потреби, корелативни меѓусебни условености, комплементарност и економска исплатливост.

При дефинирање на планскиот концепт, треба да се земат предвид следните критериуми:

- Дефинирање на сообраќајната мрежа во посебни релјефни услови за потребите на висококвалитетен флексибилен простор, односно поврзаност со сите делови на државата преку системот на регионални и магистрални патни правци;
- Условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап;
- Условување на пешачкото движење во функција на лица со посебни потреби, без бариери;
- Задоволување на потребите од водоснабдувањето, односно поврзување на водоснабдителниот систем (санитарна вода) и можност за обезбедување на техничка вода (за противпожар и за наводнување), преку соодветна инфраструктурна мрежа;
- Прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку соодветна инфраструктурна мрежа;
- Можност за поврзување на инфраструктурните водови за снабдување со електроенергија и телекомуникации.




| НАМЕНА | ПОВРШИНА (м²) | % |
|---|---|---|
| НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 150.118,14 | 97,7 |
| ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ (ОБЈЕКТИ ОД ВРЕМЕН КАРАКТЕР) | 187,3 | 0,13 |
| СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА (ПОСТОЕН АСФАЛТЕН ПАТ) | 427,54 | 0,28 |
| СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА (ПОСТОЕН ЗЕМЈЕН ПАТ) | 2.911,87 | 1,9 |
| ВКУПНО ВО ПЛАНСКИ ОПФАТ: | 153.644,84 | 100 |

Слика 5. Графички приказ на планскиот опфат со планирана намена на земјиштето на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар

За потребите на проектот „Управување со цврст отпад во Полошкиот регион, Република Северна Македонија, Фаза I“, беше изработена и Студија за оценка на влијание врз животната средина и социјалните аспекти за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар (2021 год.), каде беше опфатена и планираната инфраструктура[3] (постоечката инфраструктура и објектите се во многу лоша состојба и потребно е  нивно реконструирање или замена со нови) за создавање на санитарни и безбедни услови за времено користење на Русино како санитарна депонија за Полошкиот региони.

Инфраструктурата за целата депонија е поделена на влезна (контролна) област и инфраструктурна област.

Влезната област вклучува изградба на:

- рампа со влезна зграда (контролна зграда[4]) за проверка на отпад, регистрација и безбедност на локацијата.

[3] Во рамки на планскиот опфат е постоечката регионална депонија „Русино“ и во комплексот инвентаризирани се објекти кои согласно Правилникот за урбанистичко планирање се класифицирани како Помошни и времени градби (монтажни бараки): времен монтажен објект – администрација со дрвена конструкција, со катност приземје, во лоша состојба со површина од 106 m², пријавница – монтажен објект со челична конструкција, со катност приземје, во лоша состојба со површина од 10 m² и вага – челична монтажна – во средна состојба со површина од 71 m².

[4, 5] Контролната зграда и вага се изградени во рамките на проектот „брзи мерки за подобрување“.

- вага[5] со должина од 18 m, што овозможува максимално оптоварување од 60 Mg (вклучувајќи и достава на податоци до канцеларијата за регистрација на отпад во влезната зграда) и
- единица за чистење на тркала на камиони што ја напуштаат депонијата (чистење со вода).

Инфраструктурната област вклучува изградба на:

- административна (оперативна) зграда, вклучувајќи санитарни јазли и метеоролошка станица,
- паркинг простор за вработените во депонијата (близу административната зграда),
- зграда за одржување што служи исто така како засолниште за целата механизација што ќе се користи на депонијата,
- област за проверка на отпад, за контејнери и јавна површина,
- контролна комора за собраниот исцедок,
- резервоар за исцедок и пречистителна станица за третман на исцедок, и
- гасна (компресорска) станица, факел и доволен простор за останати блок станици за електрична енергија

Административната зграда е предвидена како приземен објект со површина од 156 m и ќе се состои од: две канцеларии; сала за состаноци; лабораторија; машки и женски тоалети, вклучително и за лица со посебни потреби; соблекувални со оддел за туширање; санитарна просторија и кујна со просторија за одмор на вработените.

Работилница и гаража (зграда за одржување на возила)

Вкупната површина на работилницата и гаражата е 156 $m^2$ и ќе служи како засолниште за целата механизација што треба да се користи на депонијата (освен компакторот кој ќе биде постојано на депонијата). Во рамки на оваа зграда предвидени се: просторија за складирање, тоалет и посебна работна просторија. Бидејќи ќе се вршат поправки на возилата во внатрешноста на зградата, во рамки на подната инсталација ќе бидат поставени отвори за чистење за да се избегне директно мешање на водата за чистење со масло, а сепараторот за масло ќе биде поставен помеѓу отворите и септичката јама.

Патишта и други поплочени делови

Патот во рамките на депонијата ќе се реконструира (на истата, постоечка траса). Ќе има коловоз со асфалтирана површина од 6 m, со неопходни падови за одводнување и придружни помошни делови. Асфалтираните области, како што се паркинг и пешачки патеки ќе бидат од бетонски поплочни елементи од набиен песок.

Областа за контрола на отпад ќе се наоѓа во инфраструктурната област (најмалку 300 $m^2$), која ќе служи за идентификување на отпадот што доаѓа до депонијата, со цел да се провери, да се контролира изворот, како и да се сегрегира/раздвојува и да се ограничи доаѓање на некласифициран отпад на депонијата.

Покрај контролата на отпадот, ќе бидат изградени и други две бетонски поплочени области (контејнер и јавна површина), како и подконструкција со заштита од мрзнење.

Привремено користените улици и патишта ќе бидат поплочени со слој од песок (патишта во депонијата и после исполна – врз површинскиот слој, таканаречена работна патека).

Се планираат 13 паркинг места, од кои 10 паркинг места се наменети за вработените на депонијата, 1 паркинг место наменето за инвалиди и 2 паркинг места наменети за камионите во функција на депонијата, а нивната диспозиција ќе се дефинира со следна проектна документација.

<u>Уред за чистење тркала</u>

На излезната патека на возилата ќе се инсталира уред за чистење тркала. Предвидена е едноставна единица за чистење тркала за возила што ја напуштаат депонијата. Чистењето на тркалата ќе се врши со возење низ единицата исполнета со вода.

Единицата за чистење ќе се состои од бетон со хоризонтална челична решетка во бетонската конструкција. Празнењето ќе биде со пумпа и гребење со утоварувач.

<u>Ограда</u>

Депонијата ќе има рампа за да се спречи неконтролиран пристап на камиони до локацијата. Помеѓу влезниот дел и депонијата ќе се изведе влезната зона (контролна зграда) и инфраструктурна област (згради, контејнери и сл.).

Целата депонија (ќелиите за отстранување на отпадот, влез и инфраструктуна област) ќе биде оградена со ограда, во должина од околу 1.4 m. Оградата ќе има висина од 2.0 m и ќе биде изградена од бетонски столбови и жичана ограда.

<u>Опрема</u>

За секојдневното работење и оперативност на регионалната депонија „Русино“, ќе се користи следната мобилна опрема:

- Компактор со челични тркала и булдожер кои ќе се користат за набивање на отпад и земјени работи;
- Багерот ќе се користи за различни активности за товарење поврзани со работата на депонијата.
- Пикап камион ќе се користи за превоз на персонал и опрема, а ќе има и кипер камион и цистерна со вода.

<u>Водоснабдување и одведување на отпадни води</u>

Депонијата е лоцирана на место каде што не е достапна водоводна мрежа, поради што потребната вода ќе се обезбеди преку експлоатација на подземни води со помош на бунар. Во бунарската бушотина ќе биде инсталирана потопна бунарска пумпа.

Дневната количина на вода за пиење ќе се движи во просек од околу 1.0 $m^3$ (околу 80 литри на лице и на ден). Во близина на административната зграда ќе има септичка јама, резервоар за гориво и генератор. Ќе биде инсталиран подземен полиетиленски водонепропусен резервоар со капацитет од 2.000 l за непречено снабдување на објектите со санитарна и питка вода.

За собирање и одведување на отпадните води од санитарните јазли од објектите, предвидена е канализација за фекални отпадни води, која ќе заврши со септичка јама. Септичката јама ќе биде водонепропусна со капацитет од 16.000 l. Предвидениот третман на отпадни комунални води треба да ги исполни пропишаните гранични вредности за испуштање на третирани отпадни води во реципиент.

Санитарната топла вода ќе биде обезбедена преку систем со соларна енергија, поставен на кровот од административниот објект. Соларниот систем ќе биде опремен со сета потребна опрема за негово соодветно функционирање, која опфаќа и циркулациона пумпа, сет за управување, вентили и останата опрема.

За константно и непречено снабдување на објектите со хидрантска вода за потребите за гаснење во случај на пожар, ќе биде инсталиран полиетиленски водонепропусен резервоар со капацитет од 21.000 l, кој ќе биде вкопан и ќе се полни со дождовна вода.

<u>Снабдување со електрична енергија</u>

Објектите ќе се снабдуваат со електрична енергија преку новопредвидената трансформаторска станица 20/0.4KV 250KVA, со вклучена средно напонска постројка, ниско напонски табли, трансформатор, кабелски врски и заземјување. Во случај на пад на мрежата, како резервно напојување ќе се користи дизел електричен генератор од 125KVA, поставен веднаш до трафостаницата. Истиот ќе биде опремен со вграден резервоар со капацитет од 700 литри, за 8h-непрекинато напојување.

<u>Греење и ладење</u>

За греење и ладење на објектите ќе биде инсталиран VRF систем со директна експанзија. Ќе биде инсталирана една надворешна централна единица, поставена на плато позади објектот.

<u>Вентилација</u>

Во лабораторијата ќе биде инсталиран систем за вентилација, составен од вентилациона хауба која ќе биде поставена над работната маса и лимен канал за вентилација кој ќе биде поврзан со надворешниот ѕид.

<u>Видео надзор</u>

Камери за видео надзор ќе бидат инсталирани на влезот и на административната зграда. Тие ќе бидат интегрирани во системот за набљудување во реално време и ќе имаат можност за снимање од една недела.




Слика 6. Приказ на влезна и инфраструктурна област на депонијата

(Извор Студија за оценка на влијание врз животната средина и социјалните аспекти за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар)

### 3.5.1. Изводи од Просторниот План на Република Македонија

Предметната локација за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар е опфатена со:

- Услови за планирање на просторот за изградба на регионална депонија КО Сушица 1 и КО Церово, Општина Гостивар (тех. бр. Y11119i) и Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање (арх. бр. УП1-15 1836/2019 од 31.12.2019 год.)
- Услови за планирање на просторот за изградба на регионална депонија КО Сушица 1 и КО Церово, Општина Гостивар (дополна со тех. бр. Y11119ii) и Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање (арх. бр. УП1-15 1929/2022 од 10.10.2022 год.

Карактеристиките на планскиот опфат и директната компатибилност со Просторниот План на РМ (2004-2020) се дадени на следните изводи од ПП.




Слика 7. Користење на земјиштето – карта бр. 20, Извод од ПП на РМ според Условите за планирање на простор (УПП Y11119i и дополна УПП Y11119ii)




Слика 8. Систем на населби и сообраќајна мрежа – карта бр. 22, Извод од ПП на РМ според Условите за планирање на простор (УПП Y11119i и дополна УПП Y11119ii)




Слика 9. Водостопанска и енергетска инфраструктура – карта бр. 23, Извод од ПП на РМ според Условите за планирање на простор (УПП Y11119i и дополна УПП Y11119ii)




Слика 10. Реонизација и категоризација на просторот за заштита – карта бр. 24, Извод од ПП на РМ според Условите за планирање на простор (УПП Y11119i и дополна УПП Y11119ii)

## 3.6. Усогласеност на целите на УППГДЗ со други релевантни стратешки и плански документи

Со цел да се утврди дали целите на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за реализација на регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар се поврзани со целите на веќе донесените стратешки и плански документи на национално, регионално и локално ниво и како тие ќе придонесат за постигнување на целите на овие документи, направен е табеларен преглед претставен во табелата дадена подолу.

Табела 5. Усогласеност на целите на УППГДЗ со целите на други плански документи

| Стратешки/плански документи на локално, регионално и национално ниво | Цели на документот | Позврзаност на целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
|---|---|---|
| Стратешки/плански документи на национално ниво | | |
| Просторен план на Република Македонија (2002-2020) [6] | Клучните цели од Просторниот план на Република Македонија во контекст на управување со отпад на регионално ниво се:<br>1. Хиерархија при постапување со отпад<br>— Воведување на стриктна хиерархија: намалување, реупотреба, рециклирање, транспорт, третман и депонирање на отпадот, со цел оптимизација и заштита на ресурсите<br>2. Развој на регионални системи (интеграција на комунални претпријатија)<br>— Воспоставување на регионални системи за собирање и транспорт до централизиран третман и депонирање, со модернизација на капацитетите и техничките средства<br>3. Загарантирано безбедно третирање и депонирање<br>— Затворање на неконтролирани депонии и формирање на контролирани регионални депонии,<br>4. Минимизирање на создавањето отпад и биоразградливи компоненти<br>— Намалување на количината на отпад (особено биоразградлив) што завршува на депонии преку селекција, третман и рециклирање<br>5. Поттикнување на циркуларна економија<br>— Отпадот се третира како потенцијален ресурс, односно обезбедување на ефективно користење на материјалите и стимулирање на рециклирачките процеси<br>6. Развиена инфраструктура и технички капацитети<br>— Модернизација на возила, опрема и инфраструктура за собирање и селекција на отпад уште на изворот (примарно) | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со Просторниот план на Р. Македонија. |

[6] Во отсуство на важечки Просторен план на Република Македонија е консултиран наведениот ПП

| | | |
|---|---|---|
| | 7. Усогласеност со законската рамка и европски стандарди<br>— Планот обезбедува усогласување со национални и европски закони и директиви (како Европскиот зелен договор), како дел од политиката за управување со отпад | |
| **Национална стратегија за заштита на природата, 2017-2027** | Цели на стратегијата за заштита на природата:<br>— Зајакнување и унапредување на системот на заштитени подрачја,<br>— Зајакнување на институционалните капацитети за заштита на природата на централно и локално ниво,<br>— Воспоставување и развој на еколошки мрежи за ефективна заштита и управување со природното наследство,<br>— Постигнување на интегрирана заштита на природата преку промовирање на холистички пристап во заштитата на биолошката и пределската разновидност;<br>— Заштита и мониторинг на биолошката и пределската разновидност.<br>— Намалување на директните и индиректните притисоци врз биодиверзитетот;<br>— Подобрување на статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија.<br>Организираното собирање и соодветно одлагање/депонирање на цврстиот отпад на депонијата, ќе придонесе кон зачувување на пределските карактеристики. |
| **Стратегија за биолошка разновидност со акционен план (2018- 2023)[7]** | Оваа Стратегија ги објаснува целите и задачите на заштитата на биолошката разновидност и го дефинира интегрираниот пристап во заштитата и одрживото користење на компонентите на биолошката разновидност. | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија.<br>Организираното собирање и соодветно одлагање на цврстиот отпад на депонијата, ќе придонесе кон зачувување и унапредување на биолошката разновидност. |
| **Национална Стратегија за води (2011-2041)** | Главна цел на Стратегијата е спречување на загадувањето на водата и зачувување на водата во добра состојба:<br>— Заштита на луѓето и материјалните добра од штетните ефекти на водата; | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. |

[7] Во отсуство на важечка Стратегија за биолошка разновидност е консултирана наведената

| | | |
|---|---|---|
| | — Да се постигне и да се зачува добар статус на водата на површинските и подземните водни тела;<br>— Заштита на водата и екосистемите зависни од вода;<br>— Усогласување на мерките за управување со водите со корисниците на просторот од другите сектори;<br>— Одржливо управување со водите со рационално и одржливо користење на водните ресурси. | Организираното собирање и соодветно одлагање/депонирање на цврстиот отпад на депонијата, ќе придонесе кон зачувување на квалитетот на површинските и подземните води.<br>Предвидени се дополнителни мерки за два непостојани водотеци и мерки согласно одлуката за заштитни зони за Вруток и Рашче (опфатот се наоѓа во третата заштитна зона). |
| Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030) | Целите на оваа Стратегија се насочени кон одржлива интеграција на туризмот, шумарството, земјоделството и индустрискиот сектор со одржлива поддршка од енергетскиот сектор, инфраструктурата и секторот за транспорт.<br>Цели во контекст на управување со отпад се:<br>1. Промоција на циркуларна економија и ефикасност на ресурсите<br>— Поддршка за трансформацијата на отпадот во ресурс преку селекција, рециклирање, и повторна употреба, со цел враќање на материјалната вредност во економијата<br>2. Намалување на создавањето отпад<br>— Поттикнување на мерки за избегнување и минимизирање на отпадот уште на изворот, со посебен фокус на биоразградлив отпад, заштита од депонирање<br>3. Развој на регионални инфраструктурни системи<br>— Утврдена интеграција на регионални системи за собирање, транспорт, третман и депонирање, обезбедувајќи контролиран и еколошки прифатлив ток на отпадот.<br>4. Заштита на здравјето и животната средина<br>— Системот за управување со отпад треба да ги спроведува превентивните мерки за да го намали загадувањето на вода, почва и воздух и да ги намали климатските ризици и емисиите на стакленички гасови<br>5. Усогласеност со национална и ЕУ регулатива | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија, особено со точките: Развој на регионални инфраструктурни системи; Заштита на здравјето и животната средина; Усогласеност со национална и ЕУ регулатива; Зголемување на регионалниот капацитет и контрола |

| | | |
|---|---|---|
| | — Усвојување на законската хиерархија (намалување, рециклирање, третман, депонирање) и усогласување со европски стандарди и Зелената агенда за Западен Балкан<br>6. Зголемување на регионалниот капацитет и контрола<br>— Модернизација на опрема и системи за следење на отпад, обезбедување на оперативен мониторинг, инспекции и контрола на депониите наместо нерегулираните локации за отпад | |
| Национална Стратегија за развој на туризмот (2016-2021)[8] | Цели за управување со отпад во туристичкиот сектор:<br>1. Интеграција на одржливи практики и заштита на животната средина<br>— Воведување на регулативи кои го намалуваат еколошкиот отпечаток од туризмот, вклучително и строги мерки за управување со отпадот. Тоа вклучува воведување на механизми за селекција, рециклирање и правилно отстранување на отпадот генериран од посетителите.<br>2. Контрола на загадувањето и депонирањето во туристички зони<br>— Прекин на праксите на диво фрлање и неправилно депонирање на отпад, особено во чувствителни области како што се крајбрежјата, археолошките локалитети и националните паркови.<br>3. Мрежа на меѓусекторска соработка<br>— Поддршка и координација меѓу министерствата, локалните власти и комуналните претпријатија за обезбедување на инфраструктура и услуги за собирање, транспорт и третман на отпадот од туризмот.<br>4. Промоција на еко-сертифицирани туристички активности<br>— Поддршка за развој на „зелен“ туризам, вклучувајќи еко-сертификација на објектите за сместување и операторите, кои ќе вклучуваат и стандарди за ефикасно управување со отпад<br>5. Мониторинг и примена на индикатори поврзани со отпадот<br>— Воспоставување на систем за собирање податоци (пример: количество отпад по лице) за да се идентификуваат регионалните притисоци и да се планираат таргетирани интервенции | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. |

[8] Во отсуство на важечка Стратегија за развој на туризамот е консултирана наведената

| | | |
|---|---|---|
| **Национална Стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020)** | Цел на оваа стратегија е зголемена конкурентност на земјоделското производство и прехрамбената индустрија, развој на руралните средини и одржливото користење на природните ресурси.<br>1. Ефикасно справување со агро-отпад<br>— Стратегијата предвидува ефикасно и одржливо управување со отпадот создаден од земјоделски активности (растителен отпад и остатоци од животни)<br>2. Одржливо користење на природните ресурси<br>— Рационална употреба на вода, почва и природни ресурси, следејќи ја целта за одржливо управување; ова вклучува минимизирање на отпадот и реупотреба на отпадот од агрокултурите.<br>3. Користење на агроеколошки практики<br>— Стратегијата промовира широка употреба на агроеколошки методи – кои вклучуваат третман на отпад, како дел од мерките против климатските промени и заради подобра состојба на земјоделските екосистеми.<br>4. Интеграција во ИПАРД-финансирани активности<br>— Преку ИПАРД II програмата се потпомагаат проекти за рурална инфраструктура што вклучувале подобрување на системи за собирање и третман на отпад од фарми, што помагаат за регионално регулирано управување.<br>5. Поддршка на циркуларната економија<br>— Во согласност со националната политика за циркуларна економија, стратегијата ја препознава вредноста на отпадот како ресурс, особено во руралните и земјоделски сектори | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. |
| **Национална стратегија за транспорт 2018 – 2030** | Главна цел на Националната транспортна стратегија е да се развие хармонизиран транспортен сектор што е меѓународно компатибилен и интегриран во системот на ТЕН-Т 16 17 мрежите, што го стимулира економскиот и социјалниот развој на земјата, ја зачувува животната средина и ги обезбедува потребите на идните генерации.<br>Цели поврзани со управување со отпад во транспортниот сектор се:<br>1. Подобрување на еколошката ефикасност | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. |

| | | |
|---|---|---|
| | — Развој на „зелена мобилност и логистика“ преку еколошки прифатливи транспортни системи со ниски емисии на $CO_2$.<br>— Примената на интермодален и мултимодален транспорт овозможува оптимизација на маршрутите и намалување на отпадот од транспортните активности.<br>2. Интеграција на ИТ-технологии и следење во реално време<br>— Воведување на интелигентни транспортни системи (ITS) и мониторинг во реално време, кои помагаат во планирање на ефикасни и логистички процеси кои бараат минимални ресурси.<br>— Еколошка ефикасност и намалување на создавање на отпад преку оптимизирани маршути и помало трошење на ресурси.<br>3. Поддршка на циркуларниот пристап<br>— Еколошки прифатливи транспортни системи, што вклучува и управување со отпадот од возила и инфраструктура (на пример, стари возила, асфалт, инертни материјали).<br>— Интеграција на зелени инвестициски практики и поддршка при изградба на транспортната инфраструктура според европски стандарди со циркуларен пристап.<br>4. Заштита на животната средина<br>— Основна цел е зачувување на животната средина преку намалувње на влијание врз квалитетот на воздухот од транспортот и управување со отпадот примарно и секундарно.<br>— Промовирање на транспортни системи кои се одржливи и со низок јаглероден отпечаток, со намалување на загадувањето и правилно управување со отпадот од инфраструктурата и возилата | |
| Стратегија за управување со отпад (2008 – 2020)[9] | Целокупните општи и посебни стратешки цели во управувањето со отпадот се:<br>— Усогласување на политиката и законодавството во доменот на управувањето со отпадот и барањата на економската средина за соработка; | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија, особено со заложбите за усогласување |

[9] Во отсуство на важечка Стратегија за управување со отпад е консултирана наведената

| | | |
|---|---|---|
| | — Воспоставување на ефективна институционална и организациска поставеност во сите фази на реализацијата на новиот интегриран систем за управување со отпадот;<br>— Зајакнување на човечките ресурси и капацитети во јавниот и во приватниот сектор во текот на воспоставувањето на системот за управување со отпад;<br>— Подигањето на свеста на јавноста и на сите инволвирани субјекти во општеството за нивните улоги, одговорности и обврски во процесот на управување со отпадот и во заштитата на животната средина со цел да се обезбедат значителни промени во практиката на управување со отпадот, од собирањето до депонирање;<br>— Воспоставување на технички современ систем за управување со отпад кој зема предвид различни технички решенија во поглед на избегнувањето на отпадот, намалување на неговиот потенцијал на опасност, искористување на материјал/енергија, преработка на отпадот и безбедно депонирање на стабилизираните остатоци во согласност со „најдобрата остварлива опција од аспект на заштита на животната средина“;<br>— Воспоставување на депонии за опасен и за неопасен отпад и други капацитети за депонирање на отпадот во согласност со современите стандарди со цел да се спречи појава на нови оптоварувања на животната средина; | на политиката и законодавството во доменот на управувањето со отпадот и барањата на економската средина за соработка; и воспоставување на ефективна институционална и организациска поставеност во сите фази на реализацијата на новиот интегриран систем за управување со отпадот; |
| План за спречување на создавање на отпад на Република Северна Македонија (2022 – 2028) | Цел на овој План е да се намалат штетните влијанија на отпадот и врз животната средина и врз човековото здравје, на пример преку намалување на количината на штетни состојки кои се користат во производните процеси.<br>Останати цели на овој План се:<br>— Намалена потрошувачка на материјалите, водата и енергенсите кои предизвикуваат создавање на поголеми количини отпад, со тоа што ќе се променат навиките и однесувањето на деловните субјекти, домаќинствата и јавниот сектор;<br>— Развивање на системи за собирање и рециклирање, во кој се одредува вредноста на собраните материјали и истите може повторно да се преработат во тековите на локалните економски дејности;Аци за сите аспекти на управувањето и спречувањето на создавањето на отпад; | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на овој План. |

| | | |
|---|---|---|
| | — Зголемување на свесноста за важноста на спречувањето на создавањето на отпад кај граѓаните, деловните субјекти и јавниот сектор со цел да се издејствуваат позитивни промени во однесувањето | |
| План за затварање на нестандардните депонии во Република Македонија, 2011 | Овој План ги идентификува нестандардните депонии на национално ниво (вкупно 54), инвентаризација на различните податоци на комуналните депонии (присуство на опасен отпад на комуналните депонии, големина, количина на отстранет отпад, хидрогеолошки услови, оддалеченост од водотеци, станбени подрачја и инфраструктура) со цел да се оцени ризикот врз животната седина од постоењето и функционирањето на истите. Депониите се категоризирани според оцената на ризикот по животната средина. Според Планот секоја од општините треба да подготви засебен план со услови за затворање на општинските ризични депонии. Уште во 2011 година депонијата кај с. Долна Бањица “Сушички Мост”, општина Гостивар е идентификувана како депонија со висок ризик. | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на овој План, особено во тоа што ќе се воспостави регионален пристап и контролирано одлагање на отпадот. |
| Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2018)[10] | Главната цел е „Постигнување и задржување на квалитет на воздухот во согласност со националните и ЕУ гранични вредности, преку системски, законски и оперативни меркито, со цел заштита на здравјето и околината“.<br>Стратешки цели се:<br>1. Транспонирање на ЕУ директивите во националното законодавство<br>— Имплементација на Директивата 2001/42/ЕС, CLRTAP, и директивите за квалитет на амбиентален воздух – $SO_2$, $NO_2$, $PM_{10}$, $PM_{2.5}$ и др.<br>2. Намалување на емисиите од индустријата и енергетските извори<br>— Воведување на најдобри достапни техники (BATs) во металургијата и енергетиката, зголемување употреба на чисти горива (природен гас, пелети) наместо фосилни горива<br>3. Развивање и одржување на мониторинг мрежи<br>— Надградба на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздухот, акредитација на лаборатории и воведување на систем за известување и размена на податоци со ЕЕА<br>4. Намалување на аеро-загадувањето од домаќинства во сезоната за греење | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на овој План. |

[10] Во отсуство на важечки Национален план за заштита на амбиентниот воздух е консултиран наведениот

| | | |
|---|---|---|
| | — Префрлување кон почисти технологии, кампањи, субвенции за филтри и алтернативни горива<br>5. Образование и вклучување на јавноста<br>— Подигнување на јавна свест преку информативни кампањи, интегриран пристап и јавно известување за загадувањето | |
| Планска програма за почист воздух 2024 - 2030 | Целите на планската Програма се залагаат за:<br>— Намалување на емисијата на честички од домашни ложишта;<br>— Намалување на емисијата на честички од јавни објекти;<br>— Намалување на емисијата на честички од индустриските процеси;<br>— Забрането палење на недозволени горливи материјали;<br>— Одржливо управување со зеленило и шуми;<br>— Спречување на шумски пожари;<br>— Намалување на емисии од транспорт;<br>— Контрола и управување со емисиите; | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Програма, бидејќи преку контролирано депонирање ќе се намалат појавите на самозапалување на депонијата, горење на отпадни материјали, намалување на создавање на ѓубришта и емисии на стакленички гасови |
| Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност во Р. Македониија до 2020 година | Главна цел е „Постигнување намалување на финалната потрошувачка на енергија за најмалку 9 % до 2018–2020 година“, односно усогласување со обврските од договорот за Енергетска заедница и Директивата 2012/27/ЕУ.<br>Цели во контекст на управување со отпадот<br>1. Искористување на енергијата од отпад<br>— Производство на електрична/топлинска енергија од отпад, од биомаса и други обновливи компоненти);<br>— Намалување на употребата на фосилни горива преку интеграција на отпадот во локалните енергетски системи<br>2. Максимизирана енергетска ефикасност – намалување на вкупната потрошувачка<br>— Промовирање на рационално користење на енергија во домаќинствата, инфраструктурата и индустријата;<br>— Намалување на енергетската зависност и нездрава потрошувачка, што индиректно води до помала количина на отпад и емисии | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Воведување на обновливи извори, вклучувајќи биомаса од отпад<br>— Поддршка за користење на биомаса – вклучително и отпадна дрвна маса и земјоделски биопроизводи;<br>— Развој на инфраструктура за собирање и енергетско користење на био-отпадот, особено во руралните региони<br>4. Јакнење на енергетската инфраструктура и технолошки капацитети<br>— Поттикнување на инвестиции за обновливи технологии, меѓу кои и системи за искористување на отпад за енергија;<br>— Поддршка на локални обновливи енергетски проекти (сончеви, ветерни и инсталации за согорување на отпадот) | |
| **Стратегија за развој на енергетиката во РСМ до 2040 година** | Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2040 во контекст на управување со отпад ги има следните цели:<br>1. Покривање и затворање на неконтролирани депонии<br>— Една од приоритетите е затворање на постојните неконтролирани депонии, со цел спречување на директно загадување на почвата и водите<br>2. Инсталација на системи за зафаќање на гас<br>— Со поставување на системи за екстракција на метан $CH_4$ од депониите и негово согорување се намалуваат стакленичките гасови, претворајќи го $CH_4$ во помалку штетен $CO_2$.<br>3. Изградба на нови регионални депонии со механичко-биолошка обработка<br>— Стратегијата предвидува отворање на регионални депонии со МБТ-третман, кои овозможуваат третман (разложување) на органскиот дел и селекција на отпадот на самата депонија.<br>4. Поттикнување на компостирање<br>— Доколку количините органски отпад не се доволни за енергетска употреба, стратегијата го посочува компостирањето како подобар пристап за претворање на биоотпад во ресурс.<br>5. Модерна инфраструктура за селекција на комунален отпад | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија, особено во делот на изградба на регионални депонии со модерна инфраструктура за селекција на комунален отпад. |

| | | |
|---|---|---|
| | — Во рамките на регионалните депонии се планира изградба на станици за селекција, каде отпадот ќе се одделува уште пред депонирање, овозможувајќи организирана повторна употреба и рециклирање. | |
| Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020[11] | Оперативните цели во областа на животната средина и климатските промени се:<br>— Целосно транспонирање на ЕУ законодавството за животна средина;<br>— Донесени плански документи во одредена временска рамка, мерки и активности потребни за спроведување на законодавството;<br>— Воспоставена и зајакната административната структура, подготвена да го обезбеди спроведувањето на законодавството и да управува со процесот на пристапување кон ЕУ;<br>— Повисоко ниво на спроведување на законодавството од областа на животната средина, во согласност со барањата на ЕУ и обврските од меѓународните договори;<br>— Интегрирање на заштитата на животната средина во сектори кои влијаат врз животната средина;<br>— Мониторинг, анализа и оцена на состојбата на животната средина и известување за состојбата;<br>— Подигање на свеста за прашања од областа на животната средина;<br>— Намалување на негативните ефекти од климатските промени и воспоставување систем мерки за да се ограничат стакленичките гасови;<br>— Зголемување на капацитетите за прилагодување на најранливите сектори на климатските промени;<br>— Поддршка за „чисти“ технологии и промени чија цел е користење обновливи извори на енергија и намалување на потрошувачката на енергија. | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија, особено во делот на: намалување на негативните ефекти од климатските промени и воспоставување систем мерки за да се ограничат стакленичките гасови, кое ќе се постигне преку контролирано депонирање на отпадот. |
| Долгорочна Стратегија за Климатска Акција со Акциски План | Општата цел на Стратегијата е намалување на националните нето емисии на стакленички гасови (вклучително шумарство и друга употреба на земјиште и со исклучок на МЕМО[12]) за 72% до 2050 година во споредба со нивото од 1990 година | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија, |

[11] Во отсуство на важечка Стратегија за животна средина и климатски промени е консултирана наведената.
[12] МЕМО емисиите вклучуваат емисии на стакленички гасови од авијацијата и увоз на електрична енергија.

| | | |
|---|---|---|
| | (или намалување на емисијата на стакленички гасови за 42% до 2050 година во споредба со 1990 година, со исклучок на секторите шумарство и друга употреба на земјиштето и МЕМО) и зголемена отпорност на општеството, економијата и екосистемите на Р. Северна Македонија кон влијанијата на климатските промени.<br>Цели поврзани со управување со отпад се:<br>1. Намалување на емисиите на стакленички гасови од отпад<br>— Анализи на политики и мерки во секторот „Отпад“ со акцент на метанот ($CH_4$), како еден од најсилните стакленички гасови.<br>— Во акциониот план се воведуваат мерки за екстракција на депониски гас – метан и негово согорување, како значајна компонента во климатската акција.<br>2. Интеграција на циркуларна економија во секторот “Отпад“<br>— Подготовка на „циркуларен економски план за ублажување на емисиите во секторот отпад“.<br>— Отпадот да се третира не само како отпад, туку и како ресурс, преку селекција, реупотреба, рециклирање и енергетско искористување.<br>3. Развој на систем за следење и известување (MRV)<br>— Акциониот план предвидува изработка на механизам за „следење/известување/верификација (MRV)“ кој го вклучува и секторот „Отпад“ во рамки на климатските политики.<br>4. Интеграција на климатски мерки за секторот „Отпад“ во националните политики<br>— Отпочнување на проекти поддржани од ЕУ и IPA за поддршка на легислативата и моделите како „проширена одговорност на производителот“ за отпад од пакување, батерии, електронски отпад и слично.<br>5. Долгорочна визија за ниско-јаглероден, сектор „Отпад“<br>— Стратегијата се стреми кон економија со ниска емисија на јаглерод до 2050 година, вклучувајќи ги и депониите како неенергетски сектор | особено во делот на: контролирано депонирање на отпад и намалување на емисиите на стакленички гасови |
| Стратегија за Регионален Развој на Република Северна Македонија 2021- 2031 | Целите на Стратегијата за регионален развој на РСМ во контекст на управување со отпадот, се:<br>1. Интегрирани регионални системи за управување со отпад | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Стратегија, особено во делот на: воспоставување на интегрирани регионални системи за |

| | | |
|---|---|---|
| | — Стратегијата се потпира на концептот одделни региони за управување со отпад: пет регионални системи, секој со свој собирни станици и депонии, за поефикасно и организирано управување со цврстиот отпад во соработка со комуналните претпријатија.<br>2. Затворање на неконтролирани депонии и изградба на санитарни депонии<br>— Приоритет е затворањето и санацијата на општински диви депонии/ѓубришта, замена со модерни регионални и санитарни депонии што ги исполнуваат европските стандарди.<br>3. Изградба на инфраструктура за селекција и третман<br>— Инвестиции во регионални постројки за сортирање, механичко-биолошка обработка (МБТ), компостирање, трансфер-станици и зелени острови<br>4. Примена на европски практики и стандарди во управувањето со отпад<br>— Стратегијата е усогласена со европската регулатива и „Зелената агенда“: воведување интегриран систем, зголемување на стапки на селекција, рециклирање и енергетско искористување, како и редовна контрола и мониторинг.<br>5. Јакнење на капацитетите вклученост на јавноста<br>— Поддршка на заеднички јавни претпријатија кои ги опслужуваат регионалните системи, зајакнување на инспекциските служби, и активности за подигнување на јавната свест и образование. | управување со отпад и инвестиции во регионални постројки за сортирање, механичко-биолошка обработка (МБТ), компостирање, трансфер-станици и зелени острови |
| **Национален еколошки акционен план (2006-2012)[13]** | Цели на НЕАП II поврзанни со управување со отпад се:<br>1. Усогласување со ЕУ директиви и развој на национална политика<br>— НЕАП II ја дава главната рамка за управување со отпад во согласност со европските стандарди, преку развој на стратешки документи<br>2. Формирање и јакнење на институционални механизми<br>— Развивање капацитети на МЖСПП и на општините за имплементација на законодавството, мониторинг, евиденција, дозволи и изработка на локални еколошки акциони планови (ЛЕАП). | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на овој План, особено во делот на: Воспоставување на интегрирано управување со отпад и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад |

[13] Во отсуство на важечки НЕАП, конултиран е наведениот

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Интегрирана системска политика за управување со отпад<br>— Воведување на долгорочна стратегија, национален план и периодични програми за управување со разни видови отпад (комунален, индустриски, опасен) согласно Законот за управување со отпадот и подзаконските акти.<br>— Воспоставување на интегрирано управување со отпад и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад<br>4. Чистење на ѓубришта и развој на регионални системи<br>— Чистење и затворање на ѓубришта, создавање техничка и инфраструктурна рамка за регионални системи со стандарди за депонирање, трансфер станици и санитарни депонии во сите региони.<br>5. Подобрена статистика и системи за известување<br>— Усвојување на стандарди за собирање, обработка и извештај за отпадот (генериран, складиран, третман, транспорт и депонирање) и известување на национално и меѓународно ниво.<br>6. Поттикнување на циркуларна економија и намалување на емисии на стакленички гасови<br>— Поддршка на проекти за користење на отпад како ресурс, вклучувајќи проекти поврзани со механизмот за чист развој, со цел намалување на емисиите и промоција на рециклирачки вредности. | |
| Стратешки/плански документи на регионално ниво | | |
| Програма за развој на Полошкиот плански регион 2021-2026 | Стратешки цели на Програмата за развој се:<br>1. Потикнување на економски развој преку функционални екосистеми за бизнис и иновации<br>2. Поддршка и развој на современо образование, развој на човечки капацитети, подигнување на степенот на социјален развој и спортот во полошкиот регион<br>3. Заштита и унапредување на животната средина и природата во полошкиот регион<br>— Воспоставување на регионален интегриран пристап во управување со отпадот и подобрување на постојното управување со отпадот<br>— Заштита и унапредување на природните ресурси | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на оваа Програма, особено во делот на: Заштита и унапредување на животната средина и природата во Полошкиот регион, а особено воспоставување на регионален интегриран пристап во управување со отпадот и подобрување на постојното управување со отпадот. |

| | | |
|---|---|---|
| | — Континуирано следење и подобрување на состојбата со животната средина во регионот<br>— Заштита на биолошката разновидност<br>— Заштита на вода, воздух и почва од загадување<br>— Ублажување на негативните ефекти од климатските промени | |
| Регионален план за управување со отпад за Полошкиот плански регион | Цели на овој План се:<br>— Минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето предизвикани од создавањето и управувањето со отпад.<br>— Минимизирање на негативните општествени и економски влијанија и максимизирање на општествените и економските можности.<br>— Усогласеност со законските барања, целите, принципите и политиките поставени со европската и националната правна рамка. | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на овој План. |
| Физибилити студија „Управување со цврст отпад во Полошкиот регион“ | Главни цели на Физибилити студијата се:<br>1. Поддршка и подготовка на проектна рамка<br>— Подготовка на економска анализа и Cost-Benefit Analysis (CBA) за тековниот Регионален план за управување со отпад (RWMP).<br>2. Рехабилитација и санација на регионалната депонија Русино<br>— Изработка на подготовителни проекти за реконструкција: документи и технички спецификации за санација на депонијата Русино.<br>3. Организациски и финансиски модел<br>— Развој на модел за организација и финансиска одржливост: основање регионално јавно комунално претпријатие и решенија за самоодржливо работење на депонијата.<br>4. Институционално јакнење и техничка документација<br>— Подготовка на тендерска документација: детални проекти, мониторинг планови, анализа на влијание врз животната срединс и социјалните аспекти.<br>5. Краткорочни интервенции и промоција<br>— Имплементација на „quick-win“ мерки: итни активности (оградување, мониторинг на исцедок) и активности за зголемување на свеста кај јавноста. | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со главните цели на Физибилити Студијата. |

| | | |
|---|---|---|
| Студија за ОВЖС за Проект за израдба на санитарна депонија за неопасен комунален отпад Русино, Општина Гостивар | Целта на Студијата е да се оцени влијанието врз животната средина и социјалните аспекти од имплементацијата на проектот во сите негови фази, како и да се предвидат соодветни мерки за спречување на потенцијалните негативни влијанија. | УППГДЗ за регионална депонија Русино има предвидено мерки кои што се предвидени во самата студија. |
| Просторен План на регионот за заштитните зони на изворот Рашче, 2002 - 2020 година | Просторниот план е базичен документ со помош на кој ќе се насочува процесот на интегралниот развој на просторот на Првата и Втората поширока заштитна зона на изворот Рашче до 2020 год, по пат на оптимално користење на просторните и природните погодности, локалните услови и можности, а во согласност со заштитата на квалитетот, стабилноста и режимот на изворот Рашче. Со овој План се лоцираат мерките за заштита дефинирани со Одлуката, преку планските решенија за разместеноста на дејностите и стопанските капацитети, развојот на населбите, инфраструктурните системи, намената и користењето на земјиштето и одржливото користење на природните ресурси. Значењето на овој план особено се истакнува заради неговата улога да создаде услови за заштита на изворот Рашче, кој претставува главен изворник за водоснабдување на населението во Скопскиот регион. | Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче. Во оваа зона мора да се почитуваат условите за заштита дефинирани со „Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита (Сл. Весник на РМ, бр. 36/90). |
| Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Врутoк мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ | Со оваа одлука се определуваат заштитните зони на водозафатниот објект извор „Вруток“ кој е во интерес на јавното водоснабдување на вода наменета за консу мирање од страна на човекот, за градот Гостивар и околните селски населби (Равен, Мердита, Здуње, Деб реше, Горна и Долна Бањица, Балин Дол, Беловиште, Мало Турчане и Чајле). | Регионалната депонија се наоѓа во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“. Во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“ дозволено е депонирање и исфрлање на отпадни цврсти материи на организирани, обезбедени и контролирани депонии и кои се наоѓаат надвор од сливното хидрогеолошко подрачје. |
| Стратешки/плански документи на локално ниво | | |
| План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух за Општина Гостивар за период 2022-2026 | Основната цел на Планот за квалитет на амбиенталниот воздух за Општина Гостивар за период 2022-2026 е утврдување на состојбите и дефинирање на мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух на територијата на Општина Гостивар. | Целите на УППГДЗ за регионална депонија Русино се во согласност со целта на овој План. Ќе се намалат појавите на палење на отпад на разни места и на самата депонија, а со тоа ќе се спречи влошување на квалитетот на воздухот. |

# 4. РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 4.1. Карактеристики на просторот

### 4.1.1. Местоположба

Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ се наоѓа на КО Сушица 1, Општина Гостивар.

Границата на планскиот опфат е дефинирана по следните оски:

- Од север минува низ катастарските парцели: КП бр. 709, КП бр. 713/1, КП бр. 704 и КП бр. 706, КО Сушица 1;
- Од источната страна ги сече катастарските парцели: КП бр. 706, КП бр. 708, КП бр. 707, КП бр. 710, КП бр. 679/3, КП бр. 678/1, КО Сушица 1;
- Од јужната страна минува низ катастарските парцели: КП бр. 679/3, КП бр. 710, КП бр. 707, КП бр. 721, КП бр. 678/1, КП бр. 718, КО Сушица 1;
- Од запад минува по границата на КП бр. 718, КП бр. 707, КП бр. 709, КО Сушица 1;

Во планскиот опфат влегуваат следните катастарски парцели и тоа: КП бр. 716, КП бр. 717, КП бр. 719, КП бр. 712/1, КП бр. 712/2, КП бр. 720, дел од КП бр. 718, дел од КП бр. 678/1, дел од КП бр. 721, дел од КП бр. 707, дел од КП бр. 710, дел од КП 679/3, дел од КП бр. 708, дел од КП бр. 706, дел од КП бр. 704, дел од 713/1, дел од 713/2, дел од КП бр. 709, КО Сушица 1, Општина Гостивар.






Слика 11. Локација на постоечката регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар

Локацијата се наоѓа на оддалеченост од околу 8 km јужно од градот Гостивар (10 km од центарот на градот), јужно од с. Сушица кое е воедно и најблиско населено место (на оддалеченост од околу 1,5 km). Од селата Горна Бањица и Долна Бањица планскиот опфат е ограничен околку 3 km односно 4 km. Во близина на магистралниот пат А2 (Граница со Бугарија – ГП Деве Баир – Крива Паланка – Страцин – Романовце – Куманово – Миладиновце – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Требениште – Струга – граница со Албанија – ГП Ќафасан).

Релевантни регионални патни правци во близина на планскиот опфат се: „Р2„ регионални патишта - Р2231 - Гостивар (врска со Р2233) – Србиново – Туин – Осломеј - врска со А2 и Р223-Гостивар (врска со А2) – Чегране - клучка Тетово запад (врска со, Брвеница) и „Р29„ регионални патишта - Р29279 - Здуње (врска со А2) - Вруток.




Слика 12. Локација на постоечката регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар

Регионалната депонија „Русино“ е поврзана на локалната патна мрежа преку локален пат Гостивар - с. Горна Бањица - с. Сушица – Депонија „Русино“. Пристапниот пат се протега на околку 5 km од производниот погон Микро Калцит (јужната граница на градот Гостивар) директно до депонијата. Пристапниот пат е реконструиран во 2019 година на околу половина од должината (во правец кон север). Меѓутоа, со оглед на тоа што стариот пристапен пат е во многу лоша состојба, преостанатиот дел треба да биде повторно реконструиран. Во близина на постојната депонија има две напуштени згради.




Слика 13. Местоположба на локацијата и ружа на ветрови

### 4.1.2. Релјеф

Во геоморфолошки поглед просторот на планскиот опфат е ридски предел со 929 м.н.в. Поголемиот дел претставува блага депресија, која некаде е испресечена со плански и ридести подрачја.

Целиот терен е со наклон од границата на планскиот опфат кон внатрешноста, а надморската височина изнесува од мин. 740 м.н.в. до макс. 790 м.н.в.

Планскиот опфат се наоѓа на почетокот на долината на Сува Река. Локацијата има релативно мали сливни подрачја. Таа е отворена према север. Површината што се користи за одлагање на отпадот се наоѓа во поранешна глинена јама, главно е рамна (освен делот кој се полни) и не е оградена. Околината на локацијата е природен шумски терен и е визуелно покриена од сите правци.

Во околниот простор позначајни се врвовите: Русино со 798 м.н.в, Крст со 842 м.н.в., Ќафа со 869 м.н.в, Грешаре со 856 м.н.в, Долна Краста со 889 м.н.в и Горна Краста со 929 м.н.в.

На локацијата во Русино нема постојани речни текови. Сепак, на северозапад и југоисток од локацијата лоцирани се две долини со испуст на сите дождовни води од околината кон Гостивар. Наклонот на долината достигнува дури и 100 %.

Југоисточно од локацијата следуваат брда со поблаг наклон (косини од 20 до 30 %). Соседните површини кон северозапад се релативно рамни.

### 4.1.3. Геотектонски и инженерско-геолошки карактеристики

Геотектонските и инженерско-геолошки карактеристики се презентирани во Физибилити студијата за управување со цврст отпад во Полошкиот регион, при што се добиени следните наоди:

- Депонираниот материјал во набљудуваната област е всушност цврст отпад и негова мешавина со земја. Дебелината на слојот на депониран материјал е од 2 до 8 m;
- Почвата е од палеозојски филитни шкрилци. Постојат доста расслоени карпи со јасно изразена фолијација, умерено дробена, со светло до темно сиво и зелена боја;
- Подземните води се наоѓаат на длабочина од 4 m;
- Глинестата подлога (под депонијата) може да се смета како геолошка бариера. Исто така, на метаморфниот слоевит комплекс под глинестиот материјал може да се смета како геолошка бариера;

Од сеизмички аспект, локацијата одговара на група релативно стабилни места. Според скалата Меркали – Канкани - Зиберг, зоната е дел од територијата со интензитет I=VIII° MCS со длабочина на појава околу 10 km.

Од горе наведеното може да се заклучи дека геолошката состојба не предизвикува проблеми при проектирањето на депонијата. Како и да е, површините наменети за изградба на згради треба да се исчистат од постојните наслаги и повторно да се пополнат

со соодветен материјал со збивање на слоеви од 20 до 30 cm, се додека односот на збивање не достигне барем 45 MPa.

### 4.1.4. Хидрогеолошки карактеристики

Според својата хидрогеолошка функција, карпестите маси на локацијата на проектот, се поделени како хидрогеолошки колектори (аквиферска зона) и хидро-геолошки аквиклуди, на следниот начин:

- Хидрогеолошки колектори (аквиферски зони) се претставени со слоеви на песок и ситен чакал (GF).
- Кохезивните и тврди карпести маси се класифицирани како хидрогеолошки аквиклуди, кои ги имаат следниве главни параметри на пропустливост:

  - N – Седиментарен материјал, измешан со разни видови отпад (градежен отпад, пластичен и индустриски отпад и др.);
  - FD 1,2 – палеозојски крилци, филитски крилци, високо споени и олабавени, светло сива до сива боја;
  - ML, MI - ситно, песочно и глинесто со мала до средна пластичност;
  - L - лапорец;

Од хидрогеолошка гледна точка, сегашните литолошки единици можат да се класифицираат како:

- Хидрогеолошки аквифери со фрактурирана порозност (лапорец и физички и механички деградирани шкрилци на површина);
- Релативни хидрогеолошки аквифери со фрактурирана порозност (лапорец и физички и механички деградирани шкрилци на површина);
- Хидрогеолошки аквиклуди (мил, глинест лапорец, филитски шкрилци)

Нивото на подземни води е регистрирано во сите бушотини со максимална длабочина од 8.0 m и минимална длабочина 3.5 m. Врз основа на толкувањето од извештајот, главната аквиферска зона е со суб-артески карактери. Приливот на вода во аквиферската вода е карактеризиран во корелација со стапките на инфилтрација од врнежните од дожд.

Со цел заштита на регионалната депонија Русино од плавење при појава на големи води (на барање на МЖСПП) изработена е Хидролошка студија – анализа на еден и 24 часовни интензитети на врнежни и нивното влијание врз регионалната депонија Русино во КП бр. 679/3, КО Сушица 1, Општина Гостивар.

### 4.1.5. Хидролошки карактеристики и квалитет на површински води

Територијата на општина Гостивар и целиот Полошки регион припаѓа на сливното подрачје на реката Вардар, која извира од карстен извор кај с. Вруток во југозападниот

дел на Полошката Котлина во подножјето на Шар Планина на надморска височина од 683 m. На северо-западната и на југо-источната страна на локацијата Русино се наоѓаат долини. Двете долини припаѓаат на реката Сушица која е од непостојан карактер и се суши во текот на летните месеци. Реката Сушица низ сушички атар поминува во должнина од 7 километри, а целата нејзина должина од изворот во с. Ново Село до влевањето во река Бањешница во с. Долна Бањица, а потоа во река Вардар изнесува околу 15-тина километри. Во пролет и после силни дождови редовно ги поплавува нивите по целото течение. Мерени податоци за протекувањата низ овие водотеци нема – тоа се суводолици со многу нерамномерни протекувања кои се суви во поголемиот дел од годината.

Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, се наоѓа во ВП „Полог" и го опфаќа сливот на реката Вардар, извориштето до водомерниот профил „Радуша". На ВП „Полог" припаѓа и сливот на реката Горна Радика со притоките зафатени со хидроенергетскиот систем „Маврово".

На изворот на реката Вардар – Вруток изграден е водозафат од кој се водоснабдуваат градот Гостивар и селата Равен, Мердита, Здуње, Дебреште, Горна и Долна Бањица, Балин Дол, Беловиште, Мало Турчане и Чајле.

Со Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ (Сл. Весник на РМ, бр. 89/2018) дефинирани се три заштитни зони и режим на заштита на водозафатниот објект извор „Вруток":

- Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) I зона
- Широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) II зона
- Поширока заштитна зона (зона на хигиенско - епидемиолошко следење и набљудување) III зона

Регионалната депонија се наоѓа во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток". Во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток" врз основа на „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ", не треба да се врши:

- Изградба на објекти како што се трла, бачила, мандри, кланици, фарми за одгледување на животни и сл., освен врз основа на одобрен елаборат за заштита на животната средина;
- Изградба на индустриски, станбени, туристички, угостителски, спортско-рекреативни, земјоделско-стопански објекти и други објекти, како и вршење на дејности чии отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворот, освен ако се приклучени на канализација или поседуваат прописно изведени септички јами кои треба да се чистат, како и да се врши соодветно одлагање на отпадот од објектите;

- Изградба на бензински пумпи, механичарски сервиси или сервиси за миење возила чии отпадни води можат да го загрозат квалитетот и здравствената исправност на водата од изворот, освен врз основа на одобрен елаборат за заштита на животната средина;
- Интензивно земјоделство со примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди, освен за индивидуални потреби без употреба на вештачки ѓубрива и пестициди;
- Складирање на градежни материјали со опасни супстанции;
- Транспорт и испуштање на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- Изградба на сообраќајници без одводни канали за атмосферски води од површината на истите;
- Формирање на нови гробишта и проширување на капацитетот на постојните;
- Движење на тешки моторни возила и движење на неисправни возила освен транспорт на шумски сортименти и саден материјал;
- Одржување на авто и мото трки;
- Изведба на експлоатациони бунари кои не се во функција за јавно водоснабдување;
- Во поширокaта трета заштитна зона може да се спроведуваат мерки на одгледување, нега и обнова на шумите, пошумување на насадите за обнова на шумите и пошумување на голини за заштита од ерозија од страна на ЈП „Македонски шуми“.
- Одгледувањето на добиток треба да биде на постојниот традиционален начин.
- Во поширокaта заштитна зона, не треба да се користи земјиште доколку се загрозуваат неговите природни вредности, вклучувајќи ги подземните и површинските води кои може да го загрозат квалитетот, здравствената исправност и издашност на водата во извориштето.
- Во водотеците кои се дел од Вардарското сливно подрачје не треба да се испуштаат непречистени урбани отпадни води и непречистени индустриски води.
- Депонирање и исфрлање на отпадни цврсти материи е исклучиво на организирани, обезбедени и контролирани депонии и контролирани депонии кои се наоѓаат надвор од сливното хидрогеолошко подрачје.




Слика 14. Местоположба на локацијата во однос на границите на заштитните зони на изворот Вруток

### 4.1.6. Педолошки карактеристики

Речиси целиот простор на Полошката котлина е педолошки истражен. Долината се формира од младите терциерни прекини кои се уште сеизмички активни. Највпечатливи испрекинати форми се западните Полошки прекини, кои се наоѓаат во западниот дел на долината, каде што се наоѓаат минерални извори (Лешок, Слатина, итн) и прекинот на северо - источниот обод на долината - источен полошки прекиб, со кој долината е спуштена во однос на Шар Планина и Жеден. Долината е исполнета со плиоцен и кватернерни езерски седименти. Почвите кои се застапени во пошироката област на општината, а особено во рамничарскиот дел се: алувијални почви кои зафаќаат 300 ha, делувијални почви распределени по ободот на падините на Шар Планина - овие почви се

развиваат во конусни наноси и зафаќаат 360 ha површина. Содржината на хумусот варира, но најчесто е 2% од почвената површина и содржи големи количина $CaCO_3$. Механичкиот состав на почвите се карактеризира со плодност.

Делувијалните почви под падините на Шар Планина се разликуваат од оние под Сува Гора и Жеден по однос на составот на материјалот и гранулометрискиот состав, поради што доаѓа до значајни физички и хемиски разлики во својствата.

Од вкупна површина од 2.379 km², 1.697 km² од регионот се земјоделски површини. 25% од оваа област е обработливо земјиште, додека преостанатото земјиште се користи како пасишта. Обработеното земјиште се состои главно од ораници и градини (73%) и ливади (25%).

### 4.1.7. Сеизмички карактеристики

Полошката котлина припаѓа на тектонската област Шар или на тектонскиот блок на западен Масив и Западен Качаник формиран од Хецинич во доцната алпска орогенеза. Локацијата припаѓа на геотектонската единица наречена Западна македонска зона (според геотектонска регионализација на Македонија).

Во рамките на оваа геотектонска единица има неколку геотектонски структури: Полошки гребен; Јеловљанска синклинала; Западна Полошка долина; Источна Полошка долина.

Во регионалната сеизмолошки тектонска смисла локацијата припаѓа на Западно-македонската зона, што се карактеризира со мали пликатни структури и радијална тектоника. Полошкатата Котлина според сеимолошките карактеристики припаѓа на зона од висок степен сеизмичка активност, која е втората зона по сеизмичност од деветтиот степен на Меркалиевата скала. Оваа област се наоѓаа на 30 km западно од Скопското трусно подрачје. Според сеизмичката анализа, оваа област се карактеризира со земјотреси со различна сила и насока (од хоризонтална во вертикална) и времетраењето (од краток, ударен тип, долги) од кои некои се спуштаат длабоко под Земјината кора, така што фрагментирани прекини формираат сеизмички блокови кои се активни повремено.

Околината на локацијата на проектот се наоѓа во зона Z-3, каде очекуваното забрзување на земјата е 0,2 g (кога g е забрзување на земјата).

### 4.1.8. Климатски карактеристики

Просторот на Општина Гостивар се карактеризира со типично умерено-континентална клима во пониските делови, а на планините планинска клима.

<u>Температура на воздухот:</u> Средната годишна температура во Гостивар изнесува 10,6 °C. Средната зимска температура изнесува 0,7 °C. Просечната вредност на температурата изнесува 11,5 °C. Средната месечна вредност на температурата е под нулата само во јануари -1,1 °C, а најтопол масец е јули со (21,1 °C) и август (20,8 °C).

Средната максимална температура во Гостивар е под нулата од декември до март. Најниска средна минимална вредност има месец јануари (-5 °C), а апсолутно најниската температура изнесува -31 °C, забележана исто така во месец јануари.

Средната максимална температура е над 20 °C од мај до септември, а апсолутно највисоката температура е евидентирана од март до ноември. Варирањето на средните екстремни температури изнесува 35 °C. Ваквото високо варирање покажува дека во Гостивар температурниот годишен од е доста нерамномерен и пратен со изразена температурна осцилација, што е обележје на влијание на умерено-континентална клима во овој реон. Зимите се прилично студени, а летата топли со пријатно свежи летни ноќи, што е секако одраз на непосредно влијание на високите планински масиви. Просечно годишно во Гостивар има 86 мразни денови, а 17 ледени. Како мразни се земаат оние во кои минималната температура е под 0 °C, а ледени оние во кои е и дневната максимална температура негативна.

Денови кога максималната температура е еднаква или повисока од 25 °C, во Гостивар има просечно 95 дена, а жешки денови кога е над 30 °C, просечно годишно има само 29 дена.

Врнежи: Во Гостивар и воопшто во целиот Полог паѓаат доста врнежи и тоа просечно годишно по 954 mm, а во поедини години има варирање од 658 mm до 1229 mm. Најврнлежив месец е ноември со просечно 156 mm, а потоа декември со 111 mm. Пролетните месеци се доста врнежливи, но помалку од есенските. Со најмалку врнежи се одликува месец август, а исто така се и јуни и јули. Разликата помеѓу најврнежливиот месец ноември (156 mm) и најсушниот август (28 mm), изнесува 128 mm, што покажува дека годишната расподелба на врнежи на Гостивар е прилично нерамномерна. Врнежите во Гостивар се 80% дожд, а само 20% од снег.

Маглата не е честа појава во Гостивар и честината на денови со магла е двојно помала одошто во Скопската котлина. Најчести појави се во зимските месеци, а особено во јануари и декември, а сосема ретко се појавува во топлиот дел од годината.

Облачност: Просечната годишна облачност во Гостивар е 5,1 дестина. Најоблачен е месец ноември со 7,2, потоа декември со 7,1, десетина, т.е. месеците каде што има најмногу врнежи. Најведар е месец август со 2,1. Просечно годишно во Гостивар има 104 ведри и 105 тмурини дена. Како ведар ден се смета оној кога средната дневна облачност е помала од 2 десетини, а тмурен кога е таа поголема од 8 десетини. Практично може да се каже дека во Гостивар околку 260 денови се сончеви.

Влажност на воздухот: Просечната годишна релативна влага во Гостивар изнесува 77 % со максимум во месеците ноември и декември, а со нешто помалку и во останатите зимски месеци. Летните месеци во Гостивар се значително повлажни од Скопските и може да се заклучи дека и во најтоплиот дел од годината, релативната влажност на воздухот е прилично висока.

Ветрови: Како најчести и најизразени се ветровите од северен правец 148 ‰ и јужен 119 ‰. Од останатите правци доста изразени се североисточниот со 82 ‰ и југозападниот од 84 ‰. Во летото преовладуваат јужните ветрови, а после нив се северните. Брзината на

ветровите во Гостивар е умерена со средна брзина од 3-4 m/sek., а по нестабилна временска ситуација и при локални непогоди може да се достигне и до 18-20 m/sek. Непосредната близина на планинските масиви до овој град се чуствува во секој период од годината.

## 4.2. Социјално-економски карактеристики

### 4.2.1. Демографски карактеристики

Во општина Гостивар на 650 $km^2$ површина живеат 83.847[14] жители, со густина на населението од 129 жители/$km^2$ која е на нивото на густината на населението во Полошкиот регион (128) а над просекот во Република Северна Македонија (82 жит/$km^2$), односно 59.770,[15] со густина на населението од 120 жители/$km^2$.

Во Општина Гостивар живее 4,01% од вкупното население во Р. Северна Македонија. Со просечен број од 4,47 члена по домаќинство во општината живеат 3.21% од вкупниот број домаќинства во Р. Северна Македонија.

Националната структура на населението е: Албанци 66,7 %; Македонци 19,6 %; Турци 9,9 %; Роми 2,8 %; Власи 0,0002 %; Срби 0,2; %; Бошњаци 0,05 %; и останати 0,08 %.

Старосната структура на населението е поволна со 75,8% население на возраст од 15 до 64 години или работоспособно население, 14,8 % од 0 до 14 години, а останатите 9,4 % над 65 години.

Според половата структура, 49.9% од населението се жени, а 50.1% мажи, што е идентична како и половата структура во Република Северна Макеоднија.

Во состав на општината влегуваат и 35 села: Балин Дол, Беловиште, Бродец, Вруток, Горна Бањица, Горно Јеловце, Горна Ѓоновица, Дебреше, Долна Бањица, Долно Јеловце, Долна Ѓоновица, Железна Река, Здуње, Корито, Куново, Лакавица, Лешница, Мало Турчане, Мирдита, Митрој Крсти, Падалиште, Печково, Симница, Србиново, Сушица, Страјане, Равен, Речане, Трново, Тумчевиште, Ќафа, Форино, Чајле и Чегране.

### 4.2.2. Економски и стопански развој

Вкупниот број на економски субјекти во 2023 година изнесува 2.574. Преглед на стопанските гранки во кои делуваат економските субјекти на територија на Општина Гостивар е даден во следната табела.

[14] Според Државен Завод за статистика од 2015 година

[15] Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 - Државен завод за статистика на Македонија

Табела 6. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, Општина Гостивар

| Сектор | 2024 |
|---|---|
| Вкупно | 2 547 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 24 |
| Рударство и вадење на камен | 10 |
| Преработувачка индустрија | 336 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 9 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 13 |
| Градежништво | 269 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 875 |
| Транспорт и складирање | 125 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 233 |
| Информации и комуникации | 46 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 7 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 13 |
| Стручни, научни и технички дејности | 232 |
| Административни и помошни услужни дејности | 57 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 5 |
| Образование | 32 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 136 |
| Уметност, забава и рекреација | 24 |
| Други услужни дејности | 101 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | / |
| Дејности на екстратериторијални организации и тела | / |

Економската слика на Општина Гостивар покажува разнолика економска структура. Во општината доминира малата и средна економија: мали и средни претпријатија кои опфаќаат над 90% од вкупниот број на претпријатија. Овие претпријатија обезбедуваат најголемиот дел од вработеноста. Меѓу поважните економски сектори во општината се: дрвната индустрија (мебел), градежништвото, прехранбената индустрија, текстилната индустрија и трговијата. Преработувачката индустрија е еден од поконкурентните и бележи инвестиции во производствените капацитети. Традицијата на производство на текстил продолжува со добро етаблирани компании и со формирање на нови компании кои, главно, работат со странски партнери.

## Занаетчиство

Иако регионот на Гостивар е традиционално познат со своите занаети, во моментов се забележува одредена стагнација во оваа област. Ваквата ситуација е последица на објективни фактори: недоволни инвестиции, трансформација на занаетчиството и занаетчиските објекти во претпријатија кои имаат карактеристики на ситна индустрија. Од вкупниот број на активни луѓе во занаетчиството, активно работат околу 600 луѓе. Општинските податоци и податоците на Министерството за финансии имаат идентификувано различни типови на занаети: варџии, јажари, седлари, кројачи, бербери, фризери, слаткари, котлари, ковачи, филигранист, бурекџии, каменоделци и др.

## Други економски активности

Други активности и видови на услуги кои се регистрирани на територијата на општината се: различни видови на производство и преработка, добавувачи кои се занимаваат со: поправка на автомобили, патнички превоз, превоз на стоки, различни видови на добавувачи во областа на: градежниот инженеринг, градежништво, проектирање, нискоградба, производство на накит, производство на предмети од стакло, лотарија и обложувалници, издавачка дејност, општи лекари, стоматолози, аптеки, земјоделски аптеки, сметководствени услуги, тур-оператори, адвокати, итн.

## Угоститителство

Услугите во угостителството во општината главно се изведуваат во објекти од мала или средна големина. Во општината постојат голем број на ресторани, кафе барови, традиционални чајџилници, слаткарници и други помали угостителски објекти. Ваквите објекти се присутни во речиси сите населени места. Капацитетите на ваквите објекти варираат. Најголемите угостителски објекти имаат капацитети за околу 500 гости, додека најмалите имат способност да примат десеттина гости. Точни податоци за вкупните капацитети на општинско ниво не постојат, но проценка е дека оваа бројка изнесува над 4000 седишта. Дел од поголемите угостителски објекти се регистрирани и работат како мотели или хотели. На територијата на општината постојат и стопанисуваат десеттина хотели со капацитет од околу 1000 легла. Најголемиот број на хотели се во категоријата на хотели со 3 или 4 ѕвезди. Најчести гости во хотелите се туристите кои доаѓаат во посета на Гостивар поради стопански активности, посетители на семинари и конференции и викенд туристи. Најголемиот број на туристи се од Р. Северна Македонија и соседството (Косово, Албанија, и др.).

## Земјоделие и рурален развој

Земјоделството е еден од главните економски сектори. Поради начинот на практикување и бројот на вклучени субјекти и лица, земјоделството претставува многу важен елемент во развојот на економската и гео-социјалната структура на општина Гостивар. Од аспект на географската поставеност на општина Гостивар, зедмјоделството обезбедува дополнителен економски приход за населението но, истовремено е и лимитирачки фактор за експанзија на градот. Главен земјоделски производ се житните и градинарските култури. Тие се одгледуваат на екстензивен начин. Сточарството е

застапено преку одгледување на крупен и ситен добиток, но се одгледуваат во помал обем. Најзастапен вид на сточарство е овчарството.

Табела 7. Земјоделски површини по категории на користење во хектари, според НТЕС 2005

| Година | 2024 |
|---|---|
| Земјоделска површина во хектари | 66.266 |
| Вкупна обработлива површина | 6.486 |
| Ораници и бавчи | 5.581 |
| Овоштарници | 122 |
| Лозја | / |
| Ливади | 783 |
| Пасишта | 59.780 |

## 4.3. Состојба со животната средина

### 4.3.1. Квалитет на воздух

Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух во Р. С. Македонија вршат три институции, кои имаат поставено свои мониторинг мрежи на различни локации:

- Националната мрежа на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
- Мрежата на Заводот за здравствена заштита (ЗЗЗ) и регионалните подружници за следење на квалитетот на воздухот во поголемите градови во Р. С. Македонија;
- Мрежата на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР), која е во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ).
- 3 мерни станици MetOne Instruments ES642 поставени од Лабораторија за животна и работна средина АМБИКОН, Универзитет „Гоце Делчев“ (УГД) Штип, поставени на 3 локации Штип - Центар, Кавадарци – Центар и Кавадарци - Возарци

Мониторинг мрежата на МЖСПП, со која управува Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС) е автоматска мониторинг мрежа за следење на квалитетот на амбиентниот воздух која се состои од 23 фиксни и 2 мобилни мониторинг станици. Со овој систем се врши мониторинг на следните загадувачки супстанции: сулфурдиоксид, азотдиоксид, јаглеродмоноксид, озон, суспендирани честички со големина до 10 микрометри и до 2,5 ($PM_{10}$ и $PM_{2,5}$).

Автоматската мониторинг станица за квалитет на амбиентен воздух во Гостивар е поставена во дворот на ОУ „Гоце Делчев”, на западната страна, од левата страна на главниот влез во училиштето, на ул. Браќа Блажевски бб. Оддалеченоста од најблискиот пат е околу 5 метри. На растојание од 20 метри од станицата се наоѓаат првите станбени

згради и куќи, како и самиот објект од училиштето. Главната сообраќајница се наоѓа на околу 200 метри од станицата. Центарот на градот е оддалечен околу 500 метри.




Слика 15. Оддалеченост на автоматската мониторинг станица во Гостивар од регионалната депонија Русино

Од еколошките параметри се следат: $SO_2$ (Сулфур диоксид), CO (Јаглерод моноксид), NOx (Азотни оксиди), $PM_{10}$ (Суспендирани честички со големина до 10 микрометри), PM2.5 (Суспендирани честички со големина до 2.5 микрометри), $O_3$ (Озон) и BTX (бензен, етилбензен, толуен, орто и пара ксилен). Од метеоролошките параметри се следат: брзина и правец на ветер, температура, притисок, влажност и глобална радијација.

Во следната табела пркажани се измерените просечни месечни концентрации за квалитетот на воздухот во општина Гостивар за првата половина од 2025 година, односно за месеците за кои во моментот има достапни податоци. Означени се и бројот на денови кога е евидентирано надминување на ГВ.

Табела 8. Квалитет на воздухот во Општина Гостивар

| Месец/година | Параметар / број на надминувања | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2025 година | $SO_2$ (125[16] μg/m$^3$) | $PM_{10}$ (50[17] μg/m$^3$) | $PM_{2,5}$ (25[18] μg/m$^3$) | CO (10[19] mg/m$^3$) | $O_3$ (120[20] μg/m$^3$) | $NO_2$ (200 [21] μg/m$^3$) |
| Јуни | 1.8 | 31.04 / 0 | 16.08 / 0 | 0.32 | 92.51 | *[22] |
| Мај | 1.41 | 22.35 / 0 | 10.95 / 0 | 0.31 | 79.29 | * |
| Април | 1.15 | 25.67 / 0 | 14.83 / 0 | 0.48 | 68.67 | * |
| Март | 5.56 | 42.09 / 12 | 29.37 / 16 | 0.89 | 2.8 | * |
| Февруари | 2,18 | 74,8 / 23 | 60,08 / 26 | 1.3 | 44,62 | * |
| Јануари | 3,1 | 73.09 / 22 | 68,74 / 27 | 1.95 | 25,62 | * |

За потребите на проектот[23] и Студијата за ОВЖС направено е мерење на квалитетот на амбиентниот воздух на локацијата на Русино.

Индикативните мерења на миризба на локацијата покажале присуство на миризба односно непријатен мирис на распаѓање на органски материи, но на растојание од 500 m од Русино не биле детектирани непријатни тонови на миризба. Измерените вредности во зоната на депонијата се оценети како високи.

Иако станува збор за емисии од дифузен извор (отворена површина на депониска маса), не биле детектирани мерливи вредности на гасови карактеристични за депонија ($CH_4$, $NH_3$, $NO_x$).

Во однос на присуство на цврсти честички, мерењата детектирале дисконтинуирана емисија што се карактеризина со висок интензитет, но кратки периоди (траење од неколку минути). Надвор од овие кратки периоди, нивоата биле во рамки на дозволената гранична вредност.

[16] Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје

[17] Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје

[18] Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје

[19] Гранична 8h вредност за заштита на човековото здравје

[20] Целна вредност за заштита на човековото здравје

[21] Гранична 1h вредност за заштита на човековото здравје

[22] Според графичкиот приказ нема надминување на ГВ, но нема табела со измерени вредности за секој ден

[23] Управување со цврст отпад во Полошкиот регион, Северна Македонија, Фаза I. Студија за оценка на влијание врз животната средина и социјалните аспекти за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар

### 4.3.2. Квалитет на вода

Квалитетот на површинските води во Р. С. Македонија се следи од страна на Управата за хидрометеоролошки работи преку River Monitoring System програмата преку анализа на хидролошки параметри, физички и органолоптички индикатори, минерализација, кислородни индикатори, показатели на еутрофикација и штетни материи. Во рамки на Македонскиот информативен центар за животна средина, воспоставена е база на податоци за квалитетот и квантитетот на водотеците. Не се утврдени податоци за квантитет и/или квалитет на површинските текови во околината на локацијата на проектот, ниту за делот на р. Вардар каде р. Сушица се влева преку р. Бојешница.

Со цел оценка на квалитетот на водите во околината, биле земени примероци од подземна и површинска вода од р. Сушица и направени физичко-хемиски анализи.

Класификацијата на површинските води е извршена според Уредбата за класификација на површинските води, според која површинските води во нашата држава се подделени во пет класи (класа 1 – многу чиста вода, класа 2 – малку загадена вода, класа 3 – умерено еутрофична вода; класа 4 – силно еутрофична вода; класа 5 – многу загадена вода).

Согласно направената анализа за квалитет на подземни води на неколку примероци од бушотни, од кои едната била во зона на депониран цврст отпад, а другите две во зони каде не е депониран цврст отпад, хемискиот состав на подземните води под депонираниот комунален отпад е со високи вредности на електрична спроводливост (9760 µS/cm) што укажува на присуство на загадување на исцедокот, високи вредности на ХПК (900 mg/l) и БПК5 (479 mg/l).

По однос на анализираните параметри може да се заклучи следното:

- Матноста во сите проби е поголема од 3 NTU што значи дека оваа вода се распределува во 5 класа. Забележано е избистрување на водата од Сушичка река низводно, па така водата од последните две локации е помеѓу 3 и 4 класа.
- Според pH – вредноста и алкалноста ($CaCO_3$ mg/l), анализираните примероци се на граница меѓу класа 1 и 2. Оваа состојба е неочекувана и за зголемување на алкалноста на исцедокот во овој случај, веројатно (силно) најголемо влијание имаат депозитите на карбонатни материјали и гранулати кои се депонираат на самата депонија.
- Хемиската потрошувачка на кислород (ХПК mg$O_2$) изнесува 2,4-4,6 mg $O_2$/l што значи дека според овој параметар водата се класифицира во класа 2 (вредност за Класа 2 се 0,51 – 5) за сите примероци анализирана вода (вредност за Класа 2 се 0,51-5) за сите примероци анализирана вода (вклучувајќи и подземни води). Во класа 4 припаѓа само водата од една проба, додека примерокот од исцедокот е надвор од класа.
- Според граничните вредности на показателите на минерализацијата, задоволителни параметри има само во средните и долните делови на реката (1-2 класа). Водата од

горниот дел на реката и подземната вода покажува високи концентрации на суспендирани материи според кои овие води се категоризираат во Класа 5.

- Според концентрациите на Нитрати, Нитрити и Амониум, квалитетот на подземните води е 1-2 класа. Исцедокот е надвор од класа за анализираните параметри.
- Според концентрацијата на метали или нивни соединенија, генерален заклучок е дека депонијата врши притисок врз водите на Сушичка река. Концентрациите на одредени метали во исцедокот од депонијата и во горниот тек на реката се значително над максимално дозволените концентрации за класа 1 и 2. Во средниот и долниот тек, концентрацијата значително се намалува и скоро да нема вредности што надминуваат МДК што подразбира нивно таложење во седиментот. Во првите две проби се јавуваат значително зголемени концентрации на Fe, Ti, Mn, Cr, Zn, Bi, Cu и As кои некаде и неколкукратно ги надминуваат МДК вредностите. Во средниот и долниот тек, концентрацијата на метали значително се намалува и скоро да нема концентрации што ги надминуваат МДК вредностите (што упатува на најверојатно таложење на истите во седиментот).
- Во однос на Хлориди, сите примероци покажуваат високи вредности слични меѓу себе, додека кои првата локација како и примерокот од исцедок покажуваат неколку пати повисоки вредности од другите.
- За содржина на Фосфор, сите примероци покажуваат средна класа на води.
- Во подземните води не е забележано зголемено присуство на метали освен за As и Cu. Влијанието на депонијата врз квалитетот на овие води по однос на ова е дискутабилно бидејќи нивото на овие параметри во првиот пиезометар е доста повисоко, а истиот е над депонијата, односно пред влезот на исцедокот во р. Сушица.

### 4.3.3. Управување со отпад

Собирањето на отпадот во Полошкиот плански регион е преку собирни места каде што се собира цврстиот отпад од домаќинствата, деловните субјекти и институциите во контејнери или отворени места за собирање. Собирање на отпадот на дневна основа се врши само во делови од урбаните центри (односно делови од Тетово и Гостивар).

- За управувањето со отпад во општина Боговиње се грижи ЈКП Шари кое врши собирање на отпад еднаш неделно за домаќинствата, а за деловни објекти два пати неделно. Отпадот се транспортира и депонира на депонијата Русино.
- Во општина Тетово управувањето со отпад го врши ЈКП Тетово, односно РЕ Комунална Хигиена кој го собира, транспортира и депонира отпадот, ги одржува јавните површини и ги менаџира парковите, зеленилото и православните гробишта. Отпадот се транспортира и депонира на депонијата Дрисла, Скопје.
- Управувањето со отпадот во општина Гостивар го врши ЈП Комуналец Гостивар. Отпадот се транспортира и депонира на депонијата Русино.

- Во општината Маврово и Ростуша, ЈКП Маврово е задолжено за собирање и отстранување на комуналниот отпад во населените места околу Мавровското Езеро (поранешна општина Маврови Анови). Отпадот се транспортира и депонира на депонијата во општина Дебар.
- Во општините Брвеница, Јегуновце, Теарце, Врапчиште и Желино управувањето со отпадот го вршат приватни претпријатија кои ги опслужуваат сите населени места во општините. Отпадот од општина Брвеница за депонира на депонијата Дрисла, Скопје, отпадот од општините Теарце и Желино, делумно се депонира на депонијата Дрисла, а делумно на депонијата Русино. Отпадот од општина Врапчиште се одлага на депонијата Русино, а од општина Јегуновце се одлага на различни места (под обврска на концесионерот).

Речиси две третини од отпадот што се собира во Полошкиот плански регион потекнува од големите општини, општина Тетово и општина Гостивар. Врз основа на составот на отпадот, износите на отпад се пресметани според фракциите на отпад кои моментално се собираат, и под претпоставка дека карактеристиките на отпадот нема значително да се променат во неговиот состав.

На следната слика е дадена прогнозната количина на отпад по различни фракции.




Слика 16. Прогноза за собирање на отпад по фракција (2019 - 2029)

*Извор (Студија за ОВЖССА за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар)

Просечната стапка на собирање во Полошкиот плански регион, моментално изнесува 82%, што се смета како релативно висока. Во сите општини и населени места, особено

руралните и планинските, не се обезбедуваат сеопфатни услуги, поради големата оддалеченост, неразвиена инфраструктура, немање пристап за камиони и сл.

Отпадот се транспортира и депонира на локацијата „Русино“ која почнала да се користи за депонирање на цврст комунален отпад од 2005 година врз основа на договор (меѓу општините Гостивар и Тетово) за формирање на меѓуопштински (регионална) депонија за Полошкиот регион, што треба да прифаќа комунален отпад од најголемите општини Тетово и Гостивар и да биде финансирана и управувана од овие општини. Отпадот се одлага во субстандарни и небезбедни услови, а депонијата многупати се запалува и претставува вистинска опасност по здравјето на луѓето во овој регион.

Подготовките за санација и уредување на депонијата Русино започнаа во декември 2020 година, кога МЖСПП издаде наредба за итни мерки поради неконтролирано одлагање отпад и загадување, особено по пожарите на депонијата и прекумерни вредности на загадување во воздухот. Во март 2021 година, започна реализација на брзи мерки за санација — вклучително изградба на систем за третман на исцедок, поставување ваги за мерење на количини на отпад, изградба на насипи, асфалтирање на патот, како и координација на активности под надзор на Државниот инспекторат за животна средина.

Според проектот за депонијата, на локацијата Русино на располагање е простор за вкупно количество на отпад од околу 1.050.000 $m^3$. Животниот век на депонијата Русино ќе биде вкупно 10 години и тоа: Ќелија 1: Животен век 5.5 години (од 2023 год. – средина 2028 год.) и Ќелија 2: Животен век 4.5 години (од средина 2028 год. –2032 год.).

#### 4.3.4. Бучава

Регионалната депонија „Русино“ се наоѓа на оддалеченост од околу 8 km јужно од градот Гостивар (10 km од центарот на градот), јужно од с. Сушица кое е воедно и најблиско населено место (на околу 3 km) и од селата Горна и Долна Бањица на оддалеченост од околу 3 km, односно 4 km.

Состојбата со бучавата на локацијата на регионалната депонија „Русино“ досега не е следена и анализирана. Во потесното опкружување на проектната локација нема населени места, има пасишта, шуми, вештачки неплодниземјишта, земјоделски поседи па затоа може да се каже дека нема извори на бучава во околината.

Во согласност со Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (Сл. Весник на РМ бр. 120/08) планскиот опфат се наоѓа надвор од урбана средина, на отприлика 10 km оддалеченост од центарот на градот Гостивар и токму поради тоа е дефинирано како подрачје со IV степен на заштита од бучава и влијанието од изворите на бучавата во животната средина.

Граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина се утврдени во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава. Според степенот за заштита од бучава, граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори не треба да бидат повисоки од:

Табела 9. Ниво на бучава изразено во dB

| Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучава | Ниво на бучава изразено во dB | | |
|---|---|---|---|
| | Лд | Лв | Лн |
| Подрачје од прв степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од втор степен | 55 | 55 | 45 |
| Подрачје од трет степен | 60 | 60 | 55 |
| **Подрачје од четврт степен** | **70** | **70** | **60** |

Лд – ден (период од 07.00 до 19.00 часот), Лв – вечер (период од 19.00 до 23.00 часот), Лн – ноќ (период од 23.00 до 07.00 часот)

### 4.3.5. Биолошка разновидност

За потребите на проектот била направена проценка на биолошката разновидност која има за цел да утврди дали има видови што се сметаат за „приоритетни карактеристики на биодиверзитетот“ во национален или контекст на ЕУ, а може да бидат засегнати со регионалната депонија „Русино“.

Областа се наоѓа под појас на типична плоскачево-церова шума. Ова е доминантен природен тип на вегетациски вид на ридско-шумскиот предел низ целата област на проектот. Рипариските живеалишта се наоѓаат покрај водотеците, претставени со мали шумски заедници од врба и топола или појаси долж потоците.

Сите типови на живеалишта биле под интензивен антропоген притисок и тие се во различни фази на деградација. Другите важни типови живеалишта претставени се мали парчиња на ливади распоредени близу до реката Сушица.

Проектната област се движи низ комплексни живеалишта што може да се поделат на:

- Прв дел (целата депонија Русино и околната тампон област, околу 300 ha): деградирана и добро развиена плоскачево-церова шума, како и крајречни појаси на врба и топола покрај реката Сушица и нејзината десна притока.
- Втор дел (пристапен пат од крстосницата на с. Сушица со депонија Русино): крајречна вегетација (појас на врби и тополи) и фрагменти од возрасна и деградирана плоскачево-церова шума како и мали фрагменти од ливади, земјоделско земјиште и вештачки производи.

Природните и полу-природни живеалишта што се наоѓаат во проектната област и пристапните патишта се:

Плоскачево-церови шуми

Плоскачево-церовата заедница во околината на депонијата го претставува шумската заедница Quercetum frainetto-cerris macedonicum Oberd. 1948 em. H-at. 1959. Карактеристични видови се плоскачот (Quercus frainetto) и церот (Quercus cerris). Покрај овие видови дрвја, Cornus mas, Carpinus orientalis, Crataegus monogyna, Rosa galica, Rosa arvensis го претставуваат субдоминантниот слој на дрвја и грмушки. Danaa cornubiensis, Trifolium pignantii, Inula salicina, Lathyrus inermis, Stachys scardica, Crocus veluchensis и др. се најчестите видови тревести растенија. Елементите од повеќе ксеротермна шума (Querco-Carpinetum orientalis) како што се Quercus pubescens, Carpinus orientalis, Pyrus amygdaliformis, Fraxinus ornus, Colutea arborescens, Coronilla emeroides и др. обично се мешаат со Quercus frainetto шума.

Забележани се многу видови габи во дабовите шуми, лигниколни и териколни. Најчести видови се Armillaria mellea, Boletus estivalis, Cantharellus cibarius, Clitocybe gibba, Hydnum repandum, Lactarius zonarius, Stereum hirsutum, Trametes hirsuta и T. versicolor. Одредени видови како Boletus aereus B. luridus, B. quelletii, Hygrophorus chrysodon, Lactarius piperatus, Russula cyanoxantha и Xerocomus chrysentheron се познати микоризални габи поврзани со даб.

Фауната на цицачи, птици, водоземци и влекачи е слична за сите дабови шуми во регионот. Веројатно еден од најчестите жители на дабовата шума е дивата свиња (Sus scrofa) и жолтогрлест глушец (Apodemus flavicollis). Друг типичен шумски вид е дивата мачка (Felis sylvestris). Ежот (Erinaceus concolor), црвената верверица (Sciurus vulgaris), обичниот крт (Talpa europea), шумскиот глушец (Apodemus sylvaticus), македонскиот глушец (Mus macedonicus), пругастото глувче (A. agrarius), полвот (Glis glis), кафеавиот зајак (Lepus europeus), волкот (Canis lupus), лисицата (Vulpes vulpes), јазовецот (Meles meles) и срната (Capreolus capreolus) може да се најдат во дабови шумски појаси, иако ова живеалиште не е примарно за нив или живеат во разновидни живеалишта. Во ова живеалиште има 30 резиденцијални видови и 20 вида птици гнездалки. Најчести се Erithacus rubecula, Fringilla coelebs, Carduelis chloris, Aegithalos caudatus, Pica pica и Corvus monedula, додека карактеристични видови за ваков вид живеалиште се Parus lugubris, Dendrocopus syriacus, Ficedula semitorquata, Streptopelia decaocto и Accipiter brevipes.

Водоземци што се наоѓаат во ова живеалиште се: дождовник (Salamandra salamandra), жолт мукач (Bombina variegata), обична крастава жаба (Bufo bufo), зелена крастава жаба (Pseudepidalea viridis). Рептилите што се наоѓаат во ова живеалиште се зелен гуштер (Lacerta viridis), голем зелен гуштер (Lacerta trilineata), ескулапов смок (Zamenis longissimus) и поскок (Vipera ammodytes).

Без´рбетниците се скоро секогаш исти во сите дабови шуми. Најкарактеристични се: Carabus convexus, Calosoma sycophanta, Calosoma inquisitor, Myas chalybaeus, Cymindis lineata, Cymindis axillaris, Brachinus explodens, Brachinus crepitans, Calathus fuscipes, Calathus melanocephalus. Дабовата шума е исто така дом на извонредни видови како Cerambyx cerdo. Најчести пеперутки се: Nymphalis polychloros, Lybithea celtis, Vanessa atalanta, Colias crocea, Polyommatus icarus, Gonepteryx rnini итн. Сепак, некои видови

мезофилни видови како Carabus intricatus и Carabus montivagus се вообичаени во ова живеалиште.

Живеалштето е распространето во западниот дел од тампон областа на депонијата и главно на потенцијалниот пристапен пат до каменоломот близу до регионалниот пат Гостивар-Кичево.

Деградирани плоскачево-церови шуми

Во однос на вегетацијата, фауната и габите, ова живеалиште е идентично со претходното. Деградацијата е резултат на прекумерна експлоатација на шумите, што довело до појава на тревни видови на растенија, животни и габи. Разликата од поранешното живеалиште е резултат на пониskiот процент на листопадни видови (Quercus frainetto, Q.cerris, Fraxinus ornus и други) заради нивната прекумерна експлоатација во минатото, но и во сегашноста; оттука, физиономијата на заедницата е изменета.

Деградираните природни состоини што го претставуваат ова живеалиште обично се нападнати од инвазивни видови како Juniperus oxycedrus, Paliurus spina-christi, Rosa spp, Prunus spinosa итн. Други карактеристики поради кои овој хабитат се разликува од претходниот се: многу подобро развиен растителен слој поради присуството на голини помеѓу грмушките, плитки еродирани почви итн. Тревестиот слој е претставен од Minuartia glomerata, Euphorbia myrsinites, Ajuga laxmanii, Knautia orientalis, Tunica Illyrica, Althea sp. итн.

Живеалштето е распространето во источниот дел од тампон зоната на депонијата и главно на потенцијалниот пристапен пат до каменоломот близу до регионалниот пат Гостивар-Кичево. Главниот дел од деградираната шума потекнува од интензивно искористување на шумите во минатото.

КРАЈРЕЧНИ ХАБИТАТИ

Овие шуми и појаси се развиваат долж бреговите на реките и потоците насекаде во предметната област. Добро сочуваните вакви шуми се многу ретки. Луѓето ги расчистуваат ове подрачја заради обезбедување на плодна алувијална почва за земјоделство. Во оваа област, шумските заедници припаѓаат на заедницата Salicion albae Soó (30) 1940.

Крајречни појаси на врби и тополи

Појасите со врба-топола се распространети по тековите на сите реки и потоци во областа на проектот. Тие претставуваат остатоци од типичните состоини на врба и топола. Таков шумски тип припаѓа на заедницата Salicetum albae-fragilis Issler 1926. Најтипични видови дрвја се Salix alba и Salix fragilis, додека Populus nigra, Alnus glutinosa, Sambucus nigra, Viburnum opulus, Cornus sanguinea, Rhamnus frangula, Amorpha fruticosa итн. се јавуваат во мали групи или индивидуално. Во тревестиот слој најчести видови се: Poa trivialis, Poa palustris, Carex vulpina, Polygonum lapatifolium, Polygonum hidropiper, Rumex sanguineum, Veronica anagalis-aquatica, Scirpus lacustris, итн.

Појасите со врба-топола се карактеризираат со послаб цветен состав и честопати недостасуваат некои карактеристични елементи. Мал број на габи се познати во овој вид на живеалиште. Сите тие се лигниколкни и се паразити и сапроби на врба и евла (Alnus glutinosa). Дел од регистрираните видови, како Laetiporus sulphureus, Phellinus igniarius и Panus tigrinus се видови типични за врби. Важно е да се потенцираат паразитски видови како што се: Phellinus igniarius, Ganoderma Appla¬natum, Polyporus squamosus и Laetiporus sulphureus. Фауната наликува на ориентален хабитат. Видови на птици што се вообичаени за ова живеалиште се: свиларче (Cettia cetti) и сипка торбарка (Remiz pendulinus). Многу видови ги користат врбите за гнездење и заштита, како славејче (Luscinia megarhynchos), црвеногушка (Erithacus rubecula), црвоглаво грмушарче (Sylvia atricapilla) и др. Многу преселни видови, како чапјите (Ardeidae), ги користат врбите како места за одмарање.

Појасите од врба и топола се присутни долж река Сушица и нејзините притоки.

<u>ОТВОРЕНИ ТЕРЕНИ</u>

<u>Ливади</u>

Многу од ливадите во истражуваното подрачје се користат за различни намени. Во зависност од интензитетот на косење, ливадите можат да имаат специфичен состав на растителни и животински видови (особено влажните ливади) или пак во флористичкиот и фаунистичкиот состав да доминираат видови од околните тревести и шумски станишта. Растителната заедница карактеристична за овој вид живеалиште припаѓа на заедницата Trifolion resupinati Mic. (1964). Сепак, во флористичкиот состав на ова мезофилно живеалиште не се претставени со големо изобилство и покривање како во влажните ливади. Видови на детелина (Trifolim resupinatum, T. balansae, T. filiforme и други) имаат поголемо изобилство и покриеност. Некои видови треви (Alopecurus utriculatus, Agrostis alba) се исто така чести.

Постојат помали ливади долж реката Сушица. Тие се наоѓаат во близина на пристапниот пат и се претставени со неколку мали фрагменти, честопати мешани со други тревести биотопи.

<u>ВОДНИ ЖИВЕАЛИШТА</u>

<u>Повремени текови</u>

Најзначајните повремени водотеци во проектната област се река Сушица и нејзината десна притока што тече во непосредна близина на телото на депонијата. Проток на вода има само во влажниот период од годината. Тие имаат високо ниво на вода по топењето на снегот во рана пролет, а во останатата половина година (повеќе или помалку) овие текови се суви. Ова е причината зошто тие немаат голема важност како водни екосистеми. Клисурите низ кои течат редовно се покриени со густи или ретки појаси од врба со што силно се разликуваат од околните пасишта или земјоделски површини.

Водоземците се претставени со: жолт мукач (Bombina variegata), обична крастава жаба (Bufo bufo) и зелена крастава жаба (Bufotes viridis). Карактеристични видови пеперутки се: Carcharodus flocciferus, Pygus alveus, P. sidae, Spialia orbifer, Zerynthia cerisy, Apanthopus

hyperantus, Arethusana arethusa, Lasiommata petropolitana, Pyronia tithonus, Vanessa atalanta и др.

## Привремени езерца

Овој биотоп е претставен со две мали езерца во депонијата делумно покриени со трска (Phragmites australis). Тоа се најчесто фрагменти од Scirpo-Phragmitetum W. Koch 1926 мочурливи растителни заедници (како во претходниот хабитат).

Најкарактеристични растенија се Typha latifolia и Phragmites australis. Привремените езерца се многу важни за водоземците затоа што тие имаат улога како репродуктивни центри за време на пролетниот период, кога е сезоната на парење, посебно за локациите каде што соседните хабитати се деградирани дабови шуми. Водоземци што се присутни во стоечките води се: жолт мукаќ (Bombina variegata), обична крастава жаба (Bufo bufo), зелена крастава жаба (Pseudepidalea viridis), гаталинка (Hyla arborea) и мочуришна жаба (Pelophylax ridibundus).

## АНТРОПОГЕНИ ЖИВЕАЛИШТА

Ова поглавје ги опфаќа антропогените живеалишта, како што се насади на четинари и листопадни дрвја и земјоделско земјиште (полиња, овоштарници).

## Напуштена обработлива земја

Што се однесува до флорниот состав, најважната карактеристика на овој биотоп е доминација на плевелите и рудералните растителни видови над видови пред растителните видови карактеристични за пасиштата. Вегетациската обвивка е повеќе или помалку затворена, што укажува на тоа дека нивите биле напуштени многу години.

Тревестите видови како Cynodon dactilon, Lolium spp., Bromus spp., Hordeum vulgare etc. ја формираат растителната покривка. Од миколошки аспект, присуството на терестрични тревести габи е главната карактеристика на ова живеалиште. Најчестите видови на цицачи во сегашното живеалиште се: источноевропски еж (Erinaceus concolor), јазовец (Meles meles), европски крт (Talpa europea), невестулка (Mustela nivalis) и др. Овој вид живеалиште е многу сличен на сувите пасишта, оттука, може да се најдат слични видови птици и влекачи. Водоземците се исто така многу ретки во тековното живеалиште, единствената разлика е во тоа што краставата жаба (Bufo bufo) е почеста. Земјишните бубачки се претставени со видови кои се карактеристични за земјоделско земјиште и ридски пасишта.

Напуштените полиња се претставени во мали области во рамките на опфатот на земјоделското земјиште.

## Земјоделско земјиште

Земјоделското земјиште се карактеризира со помали површини засадени со само еден растителен вид. Од гледна точка на зачувување на природата, помалите парцели се посоодветни од големите полиња и насади. Во секој случај, тие имаат ниска вредност за биодиверзитет.

Овоштарници

Во областа на проектот тие не се карактеристичен вид земјоделска активност и тие се претставени со мали индивидуални парцели одделени со полиња. Тие се состојат од јаболка, цреши и круши, а производството е наменето само за индивидуална употреба. Затоа, овоштарниците се јавуваат само спорадично во испитуваната област и немаат значителни димензии. Во однос на биодиверзитетот, животинските видови се важни за ова живеалиште.

Растителниот состав на овоштарниците е идентичен со оној на земјоделско земјиште. Главните разлики се видови поврзани со некои култивирани растенија домаќини. Што се однесува до птиците, најчести се сојката (Garrulus glandarius), билбилче (Carduelis carduelis), саријазма (Oriolus oriolus), обичен сколовранец (Sturnus vulgaris) и др., додека од влекачите може да се најдат некои змии и гуштери. Најчестиот водоземец е гаталинката (Hyla arborea).

Полиња

Насадите на монокултури имаат помала вредност за биодиверзитет од индивидуалните полиња. Монотипската структура на заедницата, еколошките услови контролирани од човекот и употребата на значителна количина пестициди и ѓубрива диктираат развој на биоценоза со ниска разновидност на видови. Малите градини во областа се засадени со различни видови пченка, но се јавуваат и луцерка и зелка.

Фауната на земјоделските живеалишта е претставена со видови кои се вообичаени во овој вид живеалишта во многу други региони во Македонија. Повеќето видови кои се поврзани со ова живеалиште се типични за урбаните и руралните области. Некои од нив се: источноевропски еж (Erinaceus concolor), европски крт (Talpa europea), невестулка (Mustela nivalis), куна белка (Martes foina), куќен глушец (Mus localus), домашен стаорец (Rattus rattus) итн.

Земјоделското земјиште е претставено со мали области на почетокот на постојниот пристапен пат.

Индустриски, комерцијални и други вештачки структури

Ова вклучува разновидност на индустриски капацитети, стакленици, каменоломи, депонии, итн.

Ваквите објекти се јавуваат на голем број локации во областа на депонијата, најчесто во населбите или во нивна близина. Карактеристика на овој биотоп е вообичаеното присуство на посебен вид природна вегетација диктиран од антропогените влијанија. Присуството на одредени неофити заедно со домашните растенија е исто така честа појава. Некои од рудералните растителни заедници се строго прилагодени на развојот на инфраструктурата во околината. Овие структури имаат мала важност од гледна точка на биодиверзитетот што е пониско од онаа на руралните населби.

### 4.3.6. Природно наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот План на Република Македонија, на предметниот простор на регионалната депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Во подрачјето се наоѓаат 2 заштитени подрачја и 2 предложени области за заштита во околината на проектот, меѓутоа, сите се оддалечени 5 km од депонијата. Две од овие места се предложени за заштита во согласност со Просторниот план на Република Македонија, но тие сѐ уште не се официјално прифатени од МЖСПП.

#### 4.3.6.1. Заштитени области

<u>Споменик на природата: Пештера Убавица</u>

Пештерата има зоолошко, геоморфолошко и хидролошко значење. Во близина на влезот на пештерата се среќава локален ендемичен полжав Euxinella radikae hristovski. Пештерата е позната локација на ендемичниот троглобионт Ceutophyes bukoviki (Leiodidae) и некои видови лилјаци како што се: Rhinolophus hipposiderus, Rhinolophus ferrumequinum, Myotis myotis, Myotis blythii и Miniopterus schreibersi.

Депонијата се наоѓа на растојание од 4,80 km северо-западно од СП Пештера Убавица.

<u>Национален парк Маврово</u>

Националниот парк Маврово се карактеризира со густа шумска вегетација на планинските падини, додека алпските пасишта се јавуваат во повисоките области. Различните климатски влијанија, како и големите разлики во надморска височина се главните фактори што придонесуваат за разновидноста на флората и фауната. Регионот е познат по постоењето на огромен број на реликтни и ендемични видови. Има вкупно 3.757 видови претставени со: 78 алги, 661 габи, 151 лишаи, 1.473 васкуларни растенија, 1.172 безрбетници, 8 риби, 11 водоземци, 24 влекачи, 129 птици и 50 видови на цицачи. Во рамките на границите на Паркот, констатирано е присуство на 115 ендемични видови, од кои: 13 васкуларни растенија, 86 безрбетници, три риби, три водоземци, пет влекачи и 5 цицачи. Од вкупниот број на 115 ендемични видови, 58 се локални/национални ендемити, а останатите 57 се балкански ендемити.

Депонијата се наоѓа 4,90 km источно од границата на Националниот парк Маврово.

#### 4.3.6.2. Предложени подрачја за заштита

<u>Споменик на природата Стража</u>

Преминот Стража е предложен за заштита според Просторниот план на Република Македонија, како и според последните документи на МЖСПП, заради неговата важност како ботаничко место. Овој локалитет е еден од најбогатите области со бројни ендемични, ретки и терцијарни реликтни видови во земјата. Од особено значење се заедниците на Corylus colurna, како и популациите на терцијарни реликтни растителни видови Ramonda serbica. Постојат и други важни и ретки видови, како што е Solenanthus

scardicus, која расте во букова шума, потоа ретки видови Mediterranaen Erodium absinthoides subsp. glandulosum, Hyssopus officinalis subsp. пилифер и други. Исто така, важно е да се напомене присуството на дневни видови пеперутки Euphydryas aurinia, кој е дел од Додаток II од Бернската Конвенција, Анекс II од Директивата за живеалишта и значајни емералд видови.

Депонијата се наоѓа 7,40 km северно-источно од Споменикот на природата Стража.

<u>Национален парк Шар Планина</u>

Шар Планина е планински венец кој вклучува бројни врвови што достигнуваат 2000 метри. Вредноста на биолошката разновидност на оваа област е извонредна како резултат на комбинацијата на балкански и медитерански видови флора и фауна, вклучувајќи голем број на ретки, ендемични и загрозени видови. До сега во повеќе од 600 научни статии има податоци за 4300 видови флора и фауна (1088 растителни видови). Постојат 32 растенија наведени во IUCN црвената листа на загрозени видови како ретки и загрозени видови. Меѓу нив се и македонскиот и босанскиот бор, големиот жолт џентлијан, балканскиот рис и многу други.

Депонијата се наоѓа 5,40 km југоисточно од границата на Националниот парк Шар Планина.

### 4.3.7. Културно-историско наследство и археолошки локалитети

Градот Гостивар и околината се богати со културни и религиозни споменици. На територијата на општината има 11 џамии, 5 гробишта, 1 саат кула и 9-цркви.

Гробиштата и часовник кулата се наоѓаат во градот, џамиите и црквите се во град и во населените места, и покрај патот до проектната локација. Тие не се директно засегнати од проектните активности.

На табелата подолу се прикажани црквите и џамиите што се наоѓат во околината на проектната локација.

Табела 10. Верски споменици и објекти во областа на проектот

| Име на објект | Локација | Растојание од Русино km, воздушна линија |
|---|---|---|
| Стара Џамија | Град Гостивар | 7,66 |
| Џамија во “Ново Маало” | Град Гостивар | 7,66 |
| Џамија во Леска | Леска (Лешница) | 7,16 |
| Стара Џамија | Чегране | 14,07 |
| Стара Џамија | Балин Дол | 8,22 |
| Џамија | Србиново | 8,01 |
| Џамија | Долна Бањица | 6,15 |

| | | |
|---|---|---|
| Црква Св. Димитрија | Град Гостивар | 7,66 |
| Црква Св. Параскева | Град Гостивар | 7,66 |
| Црква Св. Мајка Богородица | Град Гостивар | 7,66 |
| Црква Св. Никола | Балин Дол | 8,22 |
| Црква Св. Никола | Беловиште | 15 km |
| Манастар Св. Ѓорѓија | Дебреште | 9,22 |
| Црква Св. Мајка Богородица | Дебреште | 9,22 |
| Манастар Св. Атанасиј | Чајле | 9,1 |

Од страна на НУ Национален конзерваторски центар Скопје извршен е увид на терен каде е констатирано постоењето на археолошкото наоѓалиште „Русино“, Сушица, средновековна црква и некропола од средниот век, кое е лоцирано во северниот и северозападниот дел на планскиот опфат (на оддалеченост на околу 1 km од локацијата).

Проценето е дека при вршење на земјени и градежни работи при реализација на УППГДЗ за регионалната депонија „Русино“ овој локалитет може да биде загрозен, па затоа е потребно задолжително присуство на овластен археолог-конзерватор и примена на мерки за заштита на културното наследство предвидени во Законот за заштита на културното наследство.




Слика 17. Слика од гробишта и црква која се наоѓа покрај патот што води до проектната локација

Според Експертскиот елаборат, на подрачјето на катастарската општина Церово, кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата:

- Археолошки локалитет „Гробишта“, КО Церово, доцен среден век
- Археолошки локалитет „Липа“, КО Церово, доцен среден век

Во Археолошката карта на Р. Северна Македонија која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот

среден век, на анализираното подрачје на катастарските општини Сушица и Церово евидентирани се следните локалитети:

- КО Сушица, Русино, средновековна црква и некропола;
- КО Церово, Билјаново Црквиче, средновековна некропола;
- КО Церово, Гробишта, средновековна некропола;
- КО Церово, Крст, средновековна некропола;
- КО Церово, Липа, средновековна некропола;

## 4.4. Материјални добра

### 4.4.1. Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче од кој се водоснабдува Градот Скопје и селата во Скопскиот плански регион. Во оваа зона мора да се почитуваат условите за заштита дефинирани со „Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита (Службен весник на РМ, бр. 36/90).

Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, се наоѓа во ВП „Полог“ и го опфаќа сливот на реката Вардар, извориштето до водомерниот профил „Радуша“. На ВП „Полог“ припаѓа и сливот на реката Горна Радика со притоките зафатени со хидроенергетскиот систем „Маврово“.

На изворот на реката Вардар – Вруток изграден е водозафат од кој се водоснабдуваат градот Гостивар и селата Равен, Мердита, Здуње, Дебреште, Горна и Долна Бањица, Балин Дол, Беловиште, Мало Турчане и Чајле.

Со Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ (Службен Весник на РМ, бр. 89/2018) дефинирани се три заштитни зони и режим на заштита на водозафатниот објект извор „Вруток“:

- Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) I зона
- Широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) II зона
- Поширока заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување) III зона

Регионалната депонија се наоѓа во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“. Во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“ врз основа на „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“, дефинирани се активности кои може да се изведуваат, а кои не.

Во рамките на планскиот опфат нема изградена водоводна мрежа.

Во рамките на планскиот опфат минуваат дел од постојните водотеци. Југосточен водотек, со должина од 25.8032 m' и северозападен водотек со должина од 134.8081 m'.

Во рамките на планскиот опфат се планира изградба на нова водоводна мрежа која ќе се разработи со Урбанистички проект, која треба да ги задоволи потребните количини за пиење кои во просек се движат од околу 1,0 $m^3$ (околу 80 литри на лице/на ден).

Во следната фаза ќе се предвиди бунар за снабдување со свежа вода, кој треба да биде опремен со потопна пумпа со филтер за испорака на водата во резервоарот од 3 $m^3$ и пумпа за дозирање на хлор за дезинфекција на водата за пиење.

За вода која не е за пиење (противпожарна заштита и наводнување) ќе се користи дождовна вода, односно ќе биде изграден резервоар со капацитет од 20.000 l, со посебна постројка за зголемување на притисокот. Количината од 10.000 l се одржува како резерва за пожар.

На мрежата за техничката вода ќе бидат поставени и хидранти за противпожарна заштита. За противпожарна заштита треба да се обезбеди вода за истовремена работа на два хидранти со поединечен капацитет од 5 l/sek или вкупно 10 l/sek. Хидрантите ќе бидат на меѓусебно растојание од 80 до 150 m.

### 4.4.2. Одведување и прочистување на отпадни води

Во рамките на планскиот опфат нема постојна изградена канализациона мрежа.

Во рамките на планскиот опфат се планира изградба на сепарациона канализациона мрежа – фекална и атмосферска канализација.

Санитарните отпадни води заедно со исцедокот ќе бидат третирани во централната станица за пречистување на отпадните води чија позиција ќе се одреди во следна фаза со урбанистички проект.

Согласно „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“ (Службен Весник на РМ, бр. 89/2018), отпадните води, пред да се испуштат во реципиентот треба да бидат со квалитет на II класа.

Примарната фекална канализациска мрежа ќе биде изведена од цевки со минимален дијаметар од DN 125 mm, а на мрежата ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и други потребни објекти потребни за функционирање на канализациската мрежа.

Атмосферската (дождовна) вода од депонијата и околината прво ќе се третира, а по нејзиниот третман ќе се испушти по пат на гравитација преку канал кон северо-исток до планираниот реципиент – Сушичка Река.

Незагадената површинска вода се состои од атмосферска вода што се собира од асфалтираните патишта и зградите, од покриените површини на депонијата, од

површини на депонијата што не се функција и од околните површини надвор од депонијата.

### 4.4.3. Енергетска инфраструктура

Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови. Постојниот 110 kV преносен далновод ХЕЦ ВрутоК – ХЕЦ Шпиље минува на 4,1 km западно од локацијата.

За електроенергетските корисници потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници. Согласно Физибилити Студијата за управување со цврст отпад во Полошкиот регион снабдувањето со електрична енергија е преку високонапонска воздушна линија поврзана со најблиската точка дефинирана од јавното претпријатие кое ќе биде одговорно за изградбата.

Локалниот трансформатор ќе обезбедува снабдување со три фази од 380 V за целата област. Депонијата има своја разводна табла согласно поврзани потрошувачи, нејзината диспозиција во просторот, како и целосната електро-енергетска инфраструктура која ќе биде разработена со урбанистички проект.

Проценката за потрошувачка на енергија на дневно ниво е 20 kWh/d, што би било еднакво на 7,3 kWh на годишно ниво.

### 4.4.4. Сообраќајна мрежа

Во непосредна близина на планскиот опфат се протега магистралниот пат А2 (Граница со Бугарија – ГП Деве Баир – Крива Паланка – Страцин – Романовце – Куманово – Миладиновце – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Требениште – Струга – граница со Албанија – ГП Ќафасан).

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, кој влегува во групата на регионални патишта „Р1“, е со ознака: Р1202 (врска со А2 - Маврови Анови – Дебар - гр. со Р. Албанија - ГП Блато) и делница за манастир Св. Јован Крстител (Бигорски).

Во Полошкиот регион лоцирана е една железничка линија, Скопје – Тетово – Гостивар - Кичево, која што е дел од коридорот VIII: Драч – Тирана – Ќафасан – Кичево – Скопје – Куманово - Крива Паланка – Гуешево – Софија – Пловдив - Стара Загора - Варна/Бургас кој уште не е изграден, а во тек е реконструкција и рехабилитација на пругата Куманово – Бељаковце. Оваа железничка пруга е од огромно значење за целокупниот оштествено-економски развој на Североисточниот регион.

Железничката мрежа во Полошкиот регион има помала густина ако се спореди со просечната густина на државно ниво. Услугите кои се нудат во железничкиот транспорт се со низок квалитет. Проблемите кои се јавуваат кај овој вид на транспорт се застарен возен парк, мала брзина на транспорт, недоволно инвестирање и одржување на инфраструктурата.

Планскиот опфат не е поврзан со шински сообраќај и според дописот од ЈП Железничка инфраструктура – Железници на РСМ Скопје, предметниот плански опфат се наоѓа надвор до заштитниот појас на железничката пруга која гравитира во овој регион.

Во границите на планскиот опфат нема постоен ниту планиран хелиодром.

Во рамки на планскиот опфат не постои јавен превоз, велосипедски сообраќај, нити површини за пешачки сообраќај.

Регионалната депонија „Русино“ е поврзана на локалната патна мрежа преку локален пат Гостивар – с. Горна Бањица - с. Сушица - Депонија „Русино“.

Сообраќајната мрежа во рамки на планскиот опфат е асфалтирана и со профил и елементи кои не ги задоволуваат стандардите и нормативите за овој вид на патишта. Должината на патот изнесува 207,5 метри. Во 2019 и 2020/21 година беше реновиран патот до Сушица. Од страна на Општина Гостивар изработен е проект за инфраструктура за реконструкција и осовременување на постојниот пат со основна цел да се обезбеди соодветна комуникација до локацијата на регионалната депонија Русино по кој ќе се транспортира комуналниот отпад.

# 5. МОМЕНТАЛНИ ПРОБЛЕМИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО И ОКОЛУ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

## 5.1 Состојби, трендови и закани врз медиумите и областите од животната средина

Состојбата со животната средина во Општина Гостивар, како и на планскиот опфат на регионалната депонија „Русино“ беше утврдена преку анализа на постоечките документи кои беа изработени за потребите на проектот „Управување со цврст отпад во Полошкиот регион, Северна Македонија, Фаза I“ (Физибилити Студија за управување со цврст отпад во Полошкиот регион, плански период 2023 – 2042 год.; Хидролошка Студија – анализа на еден и 24-часовни интензитети на врнежи и нивно влијание врз Регионалната депонија Русино; Регионалниот план за управување со отпад, плански период 2019 – 2029 год.), Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар и пропратната техничка документација, но и локалните плански документи изработени и донесени од страна на општина Гостивар кои се поврзани со животната средина.

Табела 11. Оцена на животната средина во и околу планскиот опфат

| Област на СОЖС | Карактеристики на животната средина |
|---|---|
| Население и социо-економски развој | Моментална состојба |
| | — Во некои населени места нема задоволителна сообраќајна мрежа, отсуство на водоводна мрежа и канализација, непостоење услуга за собирање на комунален отпад;<br>— Низок животен стандард на локалното население;<br>— Како резултат на лошата социо-економска состојба, забележлива е миграција на населението од селата во градовите, во постојните населени места, поблиску до главните патиштата или формирање на нови населби;<br>— Отсуство на странски и домашни инвеститори; |
| | Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | — Состојбата со патната мрежа ќе остане иста,<br>— Состојбата со системите за водоснабдување и одведување на отпадни води ќе остане иста;<br>— Социо-економската состојба ќе остане иста или ќе се влоши;<br>— Квалитетот на живот ќе се намали или ќе остане ист;<br>— Отсуство на нови инвестиции; |
| | Состојба при имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино се предвидува рационално користење на земјиштето; максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот; вградување на пропратни содржини покрај основната наменска употреба на земјиштето; подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет и сл. Со реализацијата на УППГДЗ ќе се воспостави динамика и регулиран начин на собирање на ЦКО од сите населени места, а со воспоставувањето на санитарни и безбедни услови на депонијата ќе се намалат негативните влијанија врз воздухот (спречување на запалување на депонијата). |
| Здравје на населението | Моментална состојба |
| | — Несоодветно управување со отпад и отпадни води во повеќето населени места;<br>— Недоволна покриеност со вода за пиење и канализациона мрежа во сите населени места;<br>— Диви депонии во некои населени места;<br>— Нарушен квалитет на почвите, како резултат на несоодветен третман на отпадните води;<br>— Несоодветно користење на земјиштето;<br>— Загаден воздух особено во зимските месеци и грејната сезона, но и како резултат на самозапалување на депонијата;<br>— Неконтролирана урбанизација;<br>— Низок степен на еколошка свест; |
| | Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |

| | |
|---|---|
| | Состојбата со здравјето на луѓето ќе биде иста или влошена поради постоењето на дивите депонии во близина на населените места и несоодветниот начин на управување со отпадот, неконтролирана урбанизација и несоодветно користење на земјиштето, неодржливо управување со природните ресурси и слично. |
| | Состојба при имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино се предвидува рационално користење на земјиштето; максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот; оформување архитектонска целина; почитување и заштита на правото на човекот на работа; вградување на мерки за заштита и спасување; подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет.<br>Санитарните и безбедни услови за депонирање на отпад ќе влијаат позитивно врз здравјето на луѓето, преку воспоставување на систем за собирање на отпад, но и подобрување на квалитетот на воздухот како резултат на спречување на палење и горење на постоечката депонија. |
| Квалитет на амбиенталниот воздух и климатски промени | Моментална состојба |
| | — Загадување на воздухот од индустриски активности во околината;<br>— Загадување на воздухот од стационарни ложишта (загревање на домаќинствата во зимскиот период)<br>— Неконтролирана употреба на горива после чие согорување со гасовите се емитираат штетни супстанции;<br>— Загадување од прашината која се ослободува од каменоломите и ложиштата во домаќинствата, стопанските капацитети и јавните институции;<br>— Неконтролирано палење на отпад (ѓубришта) и спалување на стрништа;<br>— Диви депонии кои се потенцијални загадувачи на воздухот, поради мирис и прашина за време на ветровити периоди;<br>— Шумски пожари кои емитираат летечка пепел и други загадувачки материи;<br>— Мал процент на користење на обновливи извори (соларна енергија, биомаса, енергија на ветер, биогас) во однос на останатите извори на енергија (фосилни горива);<br>— Непостоење на локален план за климатска акција; |
| | Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | — Квалитетот на воздухот ќе остане на исто ниво или ќе се влоши;<br>— Емисии на штетни гасови од неправилно управување со отпадот и отпадните води;<br>— Емисии на штетни гасови од палење на постоечката депонија;<br>— Емисии на штетни гасови од согорување на фосилните горива;<br>— Работа на инсталации без одобрение, дозвола (одобрен елаборат или Б – ИЕД); |
| | Состојба при имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино се предвидува почитување на законските прописи за дадената намена; почитување на законските прописи, стандарди и |

| | |
|---|---|
| | нормативи во планирањето; вградување на мерки за заштита и спасување; вградување на мерки за заштита на природата и животната средина.<br><br>Со реализацијата на УППГДЗ ќе се обезбеди подобрување на квалитетот на воздухот како резултат на спречување на палење и горење на постоечката депонија, но и намалување на неконтролирано испуштање на метанот (CH4) како еден од стакленичките гасови. |
| Квалитет на вода | Моментална состојба |
| | — Загадување на површинските и подземните води како резултат на директното излевање на комуналните и индустриските отпадни води во водните тела;<br>— Нецелосна покриеност со фекална и атмосферска канализација (присуство на септички јами);<br>— Загадување на почвата и подземните води од исцедокот, нетретирани отпадни води, употреба на пестициди;<br>— Непостоење на систем за одведување на комунални отпадни води во сите населени места;<br>— Непостоење систем за зафаќање и користење на техничка вода за наводнување на јавни зелени површини;<br>— Недостаток на систем за информирање на граѓаните за состојбите со квалитетот на водата за пиење и наводнување; |
| | Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | — Ист или влошен квалитет на водите, подземните води и почви поради непостоење на третман на отпадни води;<br>— Ист или влошен квалитет на водите, подземните води и почви поради исцедокот, испуштање на нетретирани комунални води, пестицидите и другите хемиски средства кои се користат во земјоделието;<br>— Неконтролирано одлагање на отпад покрај површинските водни текови; |
| | Состојба при имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино се предвидува изградба на канализациона мрежа во рамки на планскиот опфат и за потребите на депонијата која ќе ги прифаќа комуналните и атмосферските отпадни води, но и исцедокот и по нивниот третман до задоволителна класа ќе ги испушта во реципиентот. Со тоа ќе подобри квалитетот на површинските водотеци (Сушичка река и други непостојани водотеци).<br><br>Но, од друга страна пак планскиот опфат на регионална депонија „Русино“ се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче и во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“. Доколку не се почитуваат одредбите во „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатни објекти (Рашче и Вруток)“, може да дојде до влошување на квалитетот на водите. |
| Почва | Моментална состојба |
| | — Незаконска изградба на објекти и узурпација на државен имот;<br>— Уништување шумски површини и плодно земјоделско земјиште (диви депонии);<br>— Загадување на почвата од неконтролирано излевање на исцедок; употреба на хемиски заштитни средства и пестициди; |

| | |
|---|---|
| | — Наводнување на почвата со загадени води или излевање на отпадни комунални води;<br>— Несоодветното управување со отпадот и отпадните води;<br>— Појава на непродуктивно земјиште – напуштени места и парцели и немање на механизам за управување со истите;<br>— Недоволна информираност на населението и низок степен на јавна свест во областа на заштита на почвата; |
| | Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | — Ист или зголемен тренд на намалување на површините под обработливо земјиште;<br>— Ист или зголемен тренд на бесправна сеча на шумите;<br>— Ист или намален квалитет на почва; |
| | Состојба при имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино се предвидува: рационално користење на земјиштето; максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот; почитување и валоризација на кутурното и градителското наследство; вградување на мерки за заштита на природата и животната средина; вградување на мерки за заштита и спасување. Една од главните придобивки при имплементација на УППГДЗ е тоа што ќе се воспостави третман на отпадните води (комунални, атмосферски, исцедок од депонија), а со тоа ќе се подобри и квалитетот на почви. |
| Биодиверзитет и природно наследство | Моментална состојба |
| | — Недостаток на податоци за бројноста на животинскиот и растителниот свет;<br>— Несоодветна заштита и управување со шумите;<br>— Деградирање на шуми од страна на добиток кој се напасува;<br>— Недоволна вклученост на јавноста во изготвување на плански документи за управување со заштитени подрачја;<br>— Негативно влијание на економските сектори (издавање на дозволи за каменоломи) врз биолошката разновидност со намалување на застапеноста на различни видови, нивно исчезнување и сл; |
| | Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | — Ист или зголемен тренд на узурпација на земјиштето со несоодветни соодржини;<br>— Бесправна сеча на дрвја;<br>— Појава на пожари (горење на шуми); |
| | Состојба при имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино се предвидува рационално користење на земјиштето; максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот; вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето; вградување на мерки за заштита на природата и животната средина; вградување на мерки за заштита и спасување и почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето. |

<table>
<tr><td rowspan="6">Предел</td><td>Моментална состојба</td></tr>
<tr><td>— Зафаќање на зелените површини со диви депонии, особено во руралните населени места;<br>— Дива сеча на шумите;<br>— Неконтролирано палење на отпад (ѓубришта) и спалување на стрништа;<br>— Недоволна промоција и познавање на природните реткости на територијата на општината<br>— Несоодветно управување со природното наследство.</td></tr>
<tr><td>Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино</td></tr>
<tr><td>— Неконтролирана узурпација на зелени површини;<br>— Наградување на пределот поради диви депонии;<br>— Деградација на шумските предели поради пожари и дива сеча;</td></tr>
<tr><td>Состојба при имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино</td></tr>
<tr><td>Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино се предвидува рационално користење на земјиштето; максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот; оформување архитектонска целина; почитување и валоризација на кутурното и градителското наследство; вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето; вградување на мерки за заштита на природата и животната средина; вградување на мерки за заштита и спасување; почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и утврдување на параметрите и насоките за изработка на урбанистичките и основните проекти за идната планирана градежна парцела.</td></tr>
<tr><td rowspan="5">Управување со отпад</td><td>Моментална состојба</td></tr>
<tr><td>— Создавање на диви депонии покрај реките и патиштата, но и во населените места;<br>— Немање доволен број контејнери/канти за собирање и селектирање на отпад во населените места;<br>— Ниска еколошка свест за фрлање на отпад;<br>— Спалување на отпад на отворени локации;<br>— Немање на соодветно место за депонирање на отпадот (лоша состојба со општинската депонија);<br>— Непостоење на функционален систем за селектирање на комуналниот отпад;<br>— Ниска јавна свест во однос на постапувањето со разни видови на отпад;<br>— Големи количини на земјоделски (биоразградлив) отпад кој се депонира заедно со комуналниот отпад;</td></tr>
<tr><td>Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино</td></tr>
<tr><td>Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино ќе остане на исто или полошо ниво, односно отпадот и понатаму во отсуство на безбедни и санитарни услови ќе се носи и ќе се одложува на депонијата Русино.</td></tr>
<tr><td>Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино:</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Со имплементација на УППГДЗ ќе се постигне намалување на бројот на диви депонии; подигање на јавната свест за спречување на создавање на диви депонии); правилно управување со комуналниот и друг отпад во согласност со законската регулатива; воспоставен систем за селектирање, рециклирање и реупотреба на отпад и сл.<br><br>Со реализацијата на УППГДЗ ќе се воспостави динамика и регулиран начин на собирање на ЦКО од сите населени места, а со воспоставувањето на санитарни и безбедни услови на депонијата ќе се намалат негативните влијанија врз воздухот (спречување на запалување на депонијата). |
| Материјални добра | Моментална состојба |
| | — Непостоење на системи за снабдување со вода во некои населени места во Општина Гостивар;<br>— Непостоење на системи за одведување на отпадни води во сите населени места во Општина Гостивар;<br>— Низок процент на покриеност со атмосферска канализација на територијата на Општина Гостивар;<br>— Неповолна состојба на сообраќајната инфраструктура;<br>— Немање знаење, свесност и финансиски средства за користење на обновливи извори на енергија; |
| | Состојба без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
| | Состојбата без имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино ќе остане иста, со присуство на сите идентификувани проблеми и недостатоци со кои се соочува Општина Гостивар при управувањето и подобрување на состојбата со материјалните добра.<br><br>Регионалната депонија, како инфраструктура за управување со отпад ќе остане во моменталната состојба, без воспоставени санитарни и безбедни услови (некотролирано одлагање на различни фракции на отпад, немање третман на исцедокот и депонискиот гас, состојбата со загадување на површински и подземни води, и сл). |
| | Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино: |
| | Со имплементацијата на УППГДЗ за регионална депонија Русино се предвидува рационално користење на земјиштето; максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот; почитување и валоризација на кутурното и градителското наследство; вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето; вградување на мерки за заштита на природата и животната средина; вградување на мерки за заштита и спасување; и утврдување на параметрите и насоките за изработка на урбанистичките и основните проекти за идната планирана градежна парцела.<br><br>Со имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино ќе се обезбеди одведување и пречистување на отпадните води од депонијата (исцедок, комунални и атмосферски води со изградба на канализациона мрежа) и воведување на енергетска ефикасност и искористување на обновливите извори на енергија (поставување на соларни панели на административната зграда за обезбедување на топлинска енергија за потребите на вработените и објектите). |

## 6. ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ

### Емералд подрачја

Република Северна Македонија иницираше развој на мрежата ЕМЕРАЛД во 2002 година, со цел промовирање на европски широк систем на заштитени подрачја. Овие Емералд подрачја сѐ уште не се официјално одобрени од Советот на Европа и националното законодавство сѐ уште не ги вклучило обврските што произлегуваат од член 6.4 од Директивата за живеалишта 92/43 / ЕЗ во однос на проценката на плановите и проектите што значително влијаат на Натура 2000 подрачјата.

Во Полошкиот плански регион има две подрачја кои се потецијални Емералд подрачја:

- Шар Планина, зафаќајќи го северозападниот дел на земјата, на границата со Косово. Површина: 46.980 ha. Локалитетот се наоѓа на 5,40 km северо-западно од локацијата на проектот.
- Маврово, зафаќајќи го западниот дел на земјата, на границата со Албанија. Површина: 73.088 ha. Локалитетот се наоѓа на 4,9 km западно од локацијата на проектот.

Двете локации се назначени како области важни за птици, други видови и / или живеалишта, кои сѐ уште не се официјално одобрени од Советот на Европа.

### Значајни подрачја за птици (ЗПП)

Значајните подрачја за птици се области каде што е присутен значителен дел од популацијата на еден или повеќе видови птици кои се сметаат за приоритетни од страна на организацијата BirdLife. Македонската ЗПП листа брои 24 подрачја, опфаќа 6.907 km$^2$ или 26,9% од целата територија на земјата.

Идентификувани се 2 ЗПП: Шар Планина и клисурата на реката Радика и тие се далеку од коридорот на депонијата.

- ЗПП Шар Планина, е едно од петте најважни места за златниот орел и големиот ушест був во земјава, а некои видови се ограничени на алпскиот биом на Балканскиот Полуостров, како што се галицата и ушестата чучурлига. До сега се најдени околу 130 вида, што значи дека областа сеуште не е добро истражена. Локалитетот се наоѓа 5,40 km северо-западно од локацијата на проектот.
- ЗПП Кораб и Клисура на Радика, Биогеографски и еколошки, локацијата е скоро идентична со ЗПП Шар Планина а списокот на регистрирани видови птици изнесува над 140 видови. Зачудувачки видови се златниот орел и големиот ушест був, но на локацијата се наоѓаат и интернационално значајни популации на еребицата камењарка, дрозд, додека ветрушката, галицата и ушестата чучурлига, кои веројатно се присутни со важни популации. Исто така, познато е дека тука се јавува и црниот мршојадец, брадест мршојадец, негнездечкиот белоглав мршојадец. Локалитетот се наоѓа 4,90 km западно од локацијата на проектот.

<u>Значајни растителни подрачја (ЗРП)</u>

Означувањето на ЗРП е иницијатива на Plantlife International за идентификација на области важни за разновидноста на дивите растенија засновани на присуство на загрозени растителни видови, загрозени живеалишта и богатство на видови. Постојат три идентификувани ЗРП во областа, Шар Планина, Маврово и Буковиќ - Стража и тие не се пресекуваат со областа на коридорот на депонијата.

- Најблиското ЗРП Буковиќ – Стража се наоѓа на околу 1,15 km јужно од локацијата на проектот. Вклучува важни живеалишта на европско ниво, во согласност со Класификацијата EUNIS. Исто така, постојат три важни растителни видови кои задоволуваат критериум A (iv): Solenanthus scardicus, Centaurea grbavacensis и Erodium guicciardii.
- ЗРП Шар Планина се преклопува со ЗПП Шар Планина. Вклучува важни живеалишта на европско ниво, во согласност со Класификацијата EUNIS. Исто така, постојат 24 важни растителни видови кои ги исполнуваат критериумите A (i, ii, iii и iv). Критериумот A (i) задоволува еден вид (Ranunculus degenii), A (ii) еден вид (Ramonda serbica), A (iii) задоволува два вида (Alkanna nonneiformis и Silene schmuckeri), додека критериумот A (iv) ги задоволува останатите 20 видови. Локалитетот се наоѓа на 5,40 km северозападно од локацијата на депонијата.
- ЗРП Маврово вклучува важни живеалишта на европско ниво, во согласност со Класификација на EUNIS. Исто така, постојат единаесет важни растителни видови кои ги исполнуваат критериумите A (ii, iii и iv): Campanula abietina, Ramonda serbica, Alkanna nonneiformis, Acer heldreichii subsp. visiani, Colchicum pieperanum, Lilium albanicum, Oxytropis purpurea, Sempervivum kosaninii, Sideritis scardica, Solenanthus scardicus и Trifolium pilczii. Локалитетот се наоѓа на 5,70 km западно од локацијата на проектот.

Табела 12. Заштитени, предложени за заштита и други области од природен интерес во поширокота околина на проектот

| Код | Име на областа | Заштитено/Предложено за заштита | Површина (ha) | Оддалеченост од телото на депонијата (km) |
|---|---|---|---|---|
| 185 | Маврово | НП | 73,088 | 4.90 западно |
| 378 | Пештера Убавица | СП / заштитен | 121 | 4.80 југо-источно |
| 263 | Стража | СП / предложен за заштита согласно Просторниот план | 30 | 7.40 југо-западно |
| 447 | Шар Планина | НП / предложен за заштита во согласност со Просторниот план | 47,003 | 5.40 северо-западно |
| | Буковиќ - Стража | Значајно раститечно подрачје (ЗРП) | 7,766 | 1.15 јужно |
| | ЗРП Маврово | Значајно раститечно подрачје (ЗРП) | 14,600 | 5.70 западно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ЗРП Шар Планина | Значајно раститечно подрачје (ЗРП) | 25,000 | 5.40 северо-западно |
| | ЗПП Шар Планина | Значајно подраче за птици (ЗПП) | 41,845 | 5.40 северо-западно |
| | ЗПП Слив на Река Радика | Значајно подраче за птици (ЗПП) | 66,384 | 4.90 западно |
| | Шар Планина | Емералд подрачје | 46,980 | 5.40 северо-западно |
| | Маврово | Емералд подрачје | 73,088 | западно |

## 7. ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА УТВРДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО

Целите за заштита на животната средина се дефинираат на национално и меѓународно ниво за да се обезбеди одржливо управување со природните ресурси, заштита на биодиверзитетот и намалување на загадувањето на областите и медиумите на животната средина.

Основните принципи за заштита на животната средина во државата се поставени со Уставот на Република Македонија (Сл. Весник на РМ, бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09), како највисок правен документ во земјата во кој согласно Член 8, една од темелните вредности на уставниот поредок претставува и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата.

Член 43, го регулира правото на здрава животна средина за секој еден поединец, притоа секој поединец има должност да ја унапредува и штити животната средина и природата. РСМ обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, преку донесување и имплементирање на релевантната законска регулатива.

СОЖС се подготвува во согласност со националната законска рамка и одредбите од други релевантни меѓународни правни инструменти, вклучувајќи ги Директивата за СОЖС 2001/42/ЕЗ, Архуската Конвенција, ЕСПО Конвенцијата и УНЕЦЕ Протоколот од Киев за ЕСПО Конвенцијата.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Заштита и унапредување на квалитетот на површинските и подземните води;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност, природното и културното наследство;
- Заштита и унапредување на квалитетот на почвите;
- Заштита и унапредување на квалитетот на воздухот преку намалување на емисии на стакленички гасови;

- Интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција, транспорт и рециклирање за зачувување на почвата, а со тоа и минимизирање на отпадот;
- Заштита и унапредување на пределот и животната средина;
- Заштита од бучава и вибрцаии;
- Заштита и унапредување на материјалните добра;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;

Целите за заштита на животната средина се инкорпорирани во многу други законски и подаконски акти.

Одредбите од меѓународната легислатива се инкорпорирани во нациналната легислатива во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони:

- Агенда 2030 за одржлив развој (Обединети нации):
  - Цел 13: Акција за климатски промени;
  - Цел 14: Заштита на океаните и морињата, односно на водените екосистеми;
  - Цел 15: Заштита на копнените екосистеми, шумите и биодиверзитетот;
- Париски договор (2015):
  - Ограничување на глобалното затоплување на - под 2°C (по можност 1.5°C);
  - Поттикнување на нискојаглеродни економии и инвестиции во зелени технологии;
- Конвенција за биолошка разновидност, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 54/97), која има за цел зачувување на биолошката разновидност, одрживо користење на компонентите на биолошката разновидност и еднаква распределба на придобивките кои произлегуваат од користењето на генетските ресурси;
- Картагенски Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 40/05);
  - Конзервација на биодиверзитетот;
  - Одржливо користење на природните ресурси;
  - Праведна распределба на бенефитите од користењето на природните ресурси;
- Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина (Архус), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 40/99);
  - Пристап на јавноста до информации, учество во донесување на одлуки и пристап до правда за прашања поврзани со животна средина;
- Рамковна Конвенција на ОН за климатски промени (Њујорк), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 6/97);

- Кјото Протокол кон Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 49/04);
- Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување, особено во Африка, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 13/02);
  - Меѓународна соработка во борбата против климатските промени;
  - Мониторинг на емисии и поддршка на адаптација и финансирање за земји во развој;
- Конвенција за оценка на влијанијата врз животната средина во прекуграничен контекст (ЕСПО), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 44/99);
- Конвенција за заштита и користење на прекугранични водотеци и меѓународни езера (Хелсинки), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 117/15);
- Протокол за стратешка оценка на животната средина, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 120/2013);
- Виенска Конвенција за заштита на озонската обвивка, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 1/90);
- Стокхолмска Конвенција за заштита на човековото здравје и животната средина од отпорни органски соединенија, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 19/94);
- Конвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар), Уредба за ратификација (Сл. лист на СФРЈ 9/77)
- Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни (Бон), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 38/99);
- Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и природните живеалишта во Европа (Берн), Закон за ратификација, (Сл. Весник на РМ, бр. 49/97);
- Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство, (Сл. Весник на СФРЈ" 56/74);
- Конвенција за вредностите на културното наследство за општеството (Фаро 2005) Закон за ратификација, (Сл. Весник на РМ, бр. 25/11);
- Конвенција за заштита на архитектурното наследство на Европа (Гранада 1985);
- Конвенција за заштита на археолошкото наследство на Европа (Валета 1992), Закон за ратификација, (Сл. Весник на РМ, бр. 56/05);

## 7.1. Генерални цели на заштита на животната средина на планскиот опфат

Генерални цели на заштита на животната средина на планскиот опфат за реализација на УППГДЗ за регионалната депонија Русино се:

- Воспоставување на санитарни и безбедни услови за прописно одлагање на цврстиот комунален отпад од територијата на Полошкиот плански регион;

- Отстранување на ЦКО во согласност со законската регулатива и на начин што е прифатлив за животната средина;
- Спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина (водата, воздухот, почвата), животот и здравјето на луѓето;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот (од опожарување на депонијата) и намалување на емисиите на депониски гас метан;
- Заштита на површинските и подземни водни тела и примена на мерките за заштита кои се предвидени во Одлуките за определување на заштитни зони на изворот Рашче и водозафатниот објект Вруток;
- Воспоставување на третман на отпадните комунални води кои потекнуваат од депонијата (исцедок, атмосферски води и санитарни води) до квалитет кој е прифатлив за класата на реципиентот каде ќе се испуштаат;
- Рационално и одржливо користење на природните богатства, одржување на постоечкиот биодиверзитет и избегнување на неповратни загуби (при изградба на пропратните содржини на депонијата);
- Навремено информање на јавноста за донесување на одлуки за прашања поврзани со управувањето со животната средина и можности за учество на јавноста во донесување на одлуки;
- Зајакнување на капацитетите на локалните власти (локална самоуправа, јавно комунално претпријатие) за донесување на одлуки, планирање и спроведување на законската регулатива во сите елементи на животната средина;

## 7.2. Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина (Цели на СОЖС) се идентификувани врз основа на анализа на проблемите со животната средина во планскиот опфат и околината и идентификација на најосетливите елементи на животната средина врз кои се чувствува најголем притисок и кои би биле најпогодени од реализацијата на планскиот документ.

Целите на стратегиската оцена на животната средина се претставени преку статусот на медиумите и областите на животната средина, односно на: населението и здравјето на населението, биолошката разновидност, водата, почвата, воздухот и климатските промени, пределот, културно наследство, материјалните добра и интеракцијата помеѓу нив.

Табела 13. Избор на цели на СОЖС за релевантни индикатори во однос на еколошките рецептори

| СОЖС област | Општи цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | Цели на УППГДЗ | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| **Воздух и климатски промени** | Намалување на нивото на загадувачи на воздухот | — Да се намалат емисиите на загадувачи во воздухот;<br>— Воведување на почисти технологии; | — Воведување на контрола на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот од депонијата;<br>— Спречување на појава на пожари (на депонијата);<br>— Воспоставување на ефикасен третман на отпадните води (од депонијата);<br>— Воведување на енергетски-ефикасни мерки (соларен систем за потребите на објектот); | — Намалување на загадувачите (%);<br>— Мониторинг извештаи за квалитетот на воздухот;<br>— Намалување на емисиите на стакленички гасови, првенствено $CH_4$ и $CO_2$ (%);<br>— Воведување на BAT и зголемување на уделот на RES во билансот (%); |
| **Води** | Заштита и зачувување на квалитетот на површинските и подземните води | — Да се намали загадувањето на површинските и подземните води;<br>— Да се ублажи негативното влијание на отпадот врз хидролошкиот режим и квалитетот на водата; | — Рационално користење на водите (дождовната вода ќе се користи како техничка);<br>— Подобрување на квалитетот на површинските водни тела (со воспоставување на третман на отпадните води од депонијата);<br>— Да се обезбеди квалитет на третираната вода во согласност со законската регулатива за дозволените гранични вредности за квалитет на вода пред испуст во реципиент; | — Индекс на квалитет на вода;<br>— Промена на режимот на водата;<br>— Контаминирана (непречистена) отпадна вода;<br>— Промена на класата на квалитет на водата (%);<br>— Извештаи од редовен мониторинг од страна на УМХР или друга овластена лабораторија;<br>— Тренд на подобрен квалитет на водата во површинските водни текови (физички, хемиски и микробиолошки карактеристики); |
| **Земја/почва** | Заштита и одржливо користење на шумите и земјоделското земјиште | — Заштита на шумите и земјоделското земјиште;<br>— Да се намали деградацијата на почвата; | — Чистење и намалување на создавање на ѓубриштата на територијата на Општина Гостивар и воопшто Полошкиот плански регион;<br>— Засилена контрола на инспекциските служби во однос на изградба на диви градби и | — Промена на површина на шумско земјиште (%);<br>— Промена на површина на земјоделско земјиште (%); |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | — Да се минимизира површината на земјиште контаминирана со активности за управување со отпад; | непочитување на урбанистичката планска документација; | — Површина на земјиште контаминирано поради активности за управување со отпад (ha);<br>— Број на исчистени ѓубришта;<br>— Тренд на намалени емисии во почвата и подземните води (намалено испуштање на отпадни води;<br>— Број на извршени увиди од страна на инспекциски служи; |
| **Природни вредности** | Заштита, зачувување и подобрување на пејзажите, природните вредности, биодиверзитетот и геодиверзитетот | — Заштита на пејзажот;<br>— Заштита на природните вредности и области;<br>— Зачувување на биодиверзитетот и геодиверзитетот - избегнување на неповратни загуби; | — Одржливо управување со биолошката разновидност и природното наследство (вклучувајќи ги и шумските ресурси);<br>— Намалување на бројот на пожари и штета врз шумските екосистеми како резултат на опожарување на депонијата;<br>— Урбанистички развој на просторот со примена на принципите и стандардите за заштита на природата;<br>— Подигање на јавната свест за зачувување на природните ресурси; | — Управување со контаминирани места (вклучително и ѓубришта);<br>— Број на загрозени видови флора и фауна кои можат да бидат засегнати од активностите за управување со отпад;<br>— тренд на бесправна сеча на шуми;<br>— тренд на заштита на подрачја со спечифични карактеристики (вклучително и шуми); |
| **Културно и историско наследство** | Зачувување на заштитените културни добра | — Заштита на културните добра, зачувување на историските згради и археолошки локалитети; | — Намалување/ублажување на влијанијата врз археолошкото наоѓалиште „Русино“;<br>— Заштита и одржување во првобитната состојба на културно-историското наследство во близина на депонијата; | — Број и важност на заштитени недвижни културни добра кои можат да бидат засегнати од активностите за управување со отпад; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | — Број на спроведени на конзерваторски активности за заштита на културното наследство; |
| **Социо-економски развој** | Подобрување на здравјето на населението | — Да се намали влијанието на отпадот врз здравјето на населението; | — Развој и примена на активности за подобрување на состојбата со медиумите и областите на животната средина (квалитетот на воздухот, почвата, подземни води, биолошката разновидност);<br>— Редовно собирање и отстранување на отпадот, забрана за фрлање и депонирање на отпад во близина на површинските водни текови; | — Фреквенција на болести кои можат да бидат поврзани со несоодветно управување со отпадот;<br>— Извештаи за количини на собран и депониран отппад;<br>— Извештаи за здравјето на населението; |
| | Зајакнување на институционалниот капацитет | — Да се зајакнат капацитетите за управување со отпад;<br>— Развивање на свеста и учеството на јавноста; | — Учество на јавноста во донесување на одлуки на локално ниво (пр. за донесување на УППГДЗ за Русино);<br>— Подигање на јавната свест на населението за значењето на правилно управување со отпадот; | — Мерки за зајакнување на капацитетот на администрацијата;<br>— Број на програми, спроведени кампањи; |
| | Стимулација на економскиот развој | — Да се стимулира економскиот развој;<br>— Да се промовира локалното вработување; | — Заштита и зачувување на постоечката инфраструктура;<br>— Изградба на нова комунална инфраструктура;<br>— Подобрување на квалитетот на животот;<br>— Користење на обновливи извори на енергија;<br>— Чистење на дивите депонии; | — Приходи на локалната самоуправа од секторот за управување со отпад;<br>— Намалување на бројот на невработени како резултат на вработувањето во секторот за управување со отпад (%); |

# 8. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во ова поглавје ќе бидат разгледани генералните општи влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето од реализација на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар за плански период 2023-2033 година.

На планскиот опфат веќе постои нестандардна депонија (ѓубриште) „Русино“ од поголем размер, која функционира од 2005 година и претставува предизвик за здравјето на локалното население и животната средина, па реализацијата на овој УППГДЗ се очекува да има значителни позитивни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето со создавање на санитарни и безбедни услови за времено депонирање на цврстиот комунален отпад од општините кои гравитираат во Полошкиот плански регион.

Од друга страна пак треба да се земе предвид дека УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ е временски ограничен, за плански период од 2023 до 2033 година и дека воспоставувањето на оваа депонија е времено решение. Според проектот за депонијата, на локацијата Русино на располагање е простор за вкупно количество на отпад од околу 1.050.000 $m^3$. Следствено, животниот век на депонијата Русино ќе биде вкупно 10 години. Животниот век на поединечните ќелии ќе биде: Ќелија 1: Животен век 5.5 години (од 2023 год. до средина на 2028 год.) и Ќелија 2: Животен век 4.5 години (од средина на 2028 год. до крај на 2032 год). По истекот на овој период, предвидено е оваа локација да биде санирана, односно затворена прописно.

Во текот на 2021 година, изработена е Студија за оценката на влијанијата врз животната средина од реализација на проектот - изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар, каде детално се проценети влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето и согласно тоа се предложени мерки за спречување, намалување и/или ублажување на негативните влијанија.

Во овој Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар ќе бидат разгледани општите влијанија на ниво на планска документација и ќе бидат предвидени превентивни мерки за намалување на идентификуваните влијанија во текот на временскиот период за кој е предвидена реализацијата на овој УППГДЗ.

Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче од кој се водоснабдува Градот Скопје и селата во Скопскиот плански регион. Во оваа зона мора да се почитуваат условите за заштита дефинирани со „Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита (Службен весник на РМ, бр. 36/90).

Регионалната депонија се наоѓа во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“. Во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“ врз основа на „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“ се дефинирани кои активности може да се изведуваат, а кои не.

Согласно одлуката, депонирање и исфрлање на отпадни цврсти материи е дозволено исклучиво на организирани, обезбедени и контролирани депонии кои се наоѓаат надвор од сливното хидрогеолошко подрачје.

Реализацијата на целите на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар се очекува да има позитивни влијанија врз социо - економскиот развој на општината и пошироко, од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, зголемено ниво на функционална и комунална опременост и др.

Некои од позитивните влијанија врз социо-економските аспекти би биле:

- обезбедување на квалитетни услуги во функција на задоволување на човековите и еколошките потреби и барања преку складирање на цврстиот комунален отпад на санитарна и безбедна локација надовор од населените места;
- подобрување на комуналната инфраструктура (водоводна, канализациона мрежа и третман на отпадни води, патна и енергетска) и уреденост на просторот;
- подобрување на квалитетот на живот и зголемување на животниот стандард;
- привлекување на нова работна сила и нови вработувања;
- зголемување на приходите на локалната самоуправа;
- поттикнување на развој на други дејности – неформални и/или формални постапувачи со разни фракции на отпад, концепт на циркуларна економија и др.;

Очекувани негативни влијанија врз здравјето на луѓето и животната средина од реализација на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, се:

- Негативни влијанија во фазата на изградба, како на пр. емисии на штетни материи во воздухот, емисии во површинските и подземните водни тела (во близина на локацијата се наоѓа Сушичка Река, а планскиот опфат се наоѓа во третата заштитна зона - зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче и третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“), штетни влијанија врз почвата и врз флората и фауната, зголемено ниво на бучава, создавање на градежен шут и отпад, влијанија врз културно наследство и арехеолошките наоѓалишта во близина на локацијата и сл.
- Негативни влијанија во фазата на експлоатација, како на пр. нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации, несоодветно управување со отпадот и сл.

За планскиот опфат не постои можност за појава на прекугранични влијанија, нити во фазата на градба, нити во фазата на експлоатација поради доволната оддалеченост на опфатот од границата на Р. Северна Македонија со Р. Албанија.

## 8.1. Влијанија врз социо-економските аспекти

Реализацијата на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, Општина Гостивар се очекува да има позитивни влијанија врз социо - економскиот развој, односно врз подобрувањето на условите за живот и квалитетот на живеење во Општина Гостивар.

Позитивните ефекти се должат на подобрување на квалитетот на комуналните услуги, отварање на нови работни места и ангажирање на нова работна сила, зголемување на стапката на економски раст и остварување на приходи за локалната самоуправа, стимулирање на развојот на останатите дејности поврзани со управувањето со отпад, како што се развој на неформални постапувачи со посебни текови на отпад за одвоено собирање, селектирање и повторна употреба, развој на концептот на циркуларна економија и сл. Подобрувањето на комуналните услуги ќе значи и обезбедување на основни предуслови за повисок стандард и квалитет на живеење што ќе влијае врз намалување на миграцијата на населението од овој регион.

Не се очекува отпор од населението за реализација на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, бидејќи на таа локација уште од 2005 година егзистира нестандардна депонија, која моментално е извор на загадување на здравјето на луѓето поради честите опожарувања и емисии на загадувачки материи во воздухот. Со релаизацијата на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ ќе се обезбедат санитарни и безбедни услови за времено депонирање на ЦКО од Полошкиот плански регион.

Иако поголемиот дел од земјиштето е во сопственост на државата, околу 6000 $m^2$ е во сопственост на поединци, кое што прашање треба да биде решено од страна на општина Гостивар и Владата на Р. Северна Македонија.

Во фазата на експлоатација негативни влијанија може да се јават кај ранливите категории на граѓани, неформалните собирачи на отпад за кои главна егзистенција е собирање и нелегално одлагање на отпад кое ќе им биде оневозможено, од една страна, и зголеменото плаќање на сметки за собирање на отпад од друга страна.

## 8.2. Влијание врз човековото здравје

Во фаза на реализација не се очекуваат негативни влијанија врз здравјето на населението. Локацијата е надвор од населени места, а најблиското населено место е Сушица кое е оддалечено околку 2 km и населените места Горна Бањица и Долна Бањица кои се оддалечени околу 3 km, односно 4 km, воздушна линија од проектната локација.

Во фаза на реализација, односно санација и надградба на регионалната депонија „Русино“ се можни краткотрајни негативни влијанија врз работниците кои ќе бидат ангажирани на проектот, а кои ќе потекнуваат од земјено-градежните работи и ќе се манифестираат како намалување на квалитетот на воздухот (прашина, издувни гасови од градежната механизација), зголемено ниво на бучава и сл.

Влијанијата врз човековото здравје на долгорочен план може да се оценат како позитивни поради тоа што реализацијата на УППГДЗ ќе обезбеди функционален систем

за управување со отпад, со што ќе се обезбеди подобрување на состојбите со квалитетот на воздухот (ќе се спречи опожарување на депонијата, а предвидено е и зафаќање на депонискиот гас), квалитетот на почвите и површинските и подземните води.

## 8.3. Влијание врз квалитетот на воздухот

Во фаза на реализација, односно санација и надградба на регионалната депонија „Русино" и планираните пропратни содржини (административна зграда, работилница, канализациона мрежа и сл.) се очекуваат локални, краткотрајни негативни влијанија врз квалитетот на воздухот.

Изведувањето на земјено-градежни активности, како што се расчистување на терен, ископи на земјиште, бетонски и асфалтни работи, манипулација со зрнести материјали, оформување и компактирање на старото депониско тело се главни извори на емисии на честички на прашина, земја и песок.

Сообраќајот (движење на транспортните возила, градежната механизација и опрема) како и работењето на градежната механизација за време на санација и надградба на регионалната депонија „Русино" и планираните пропратни содржини ќе продуцираат емисии, односно издувни гасови, како што се: $NO_x$, CO, $PM_{10}$, несогорени јаглеводороди, сулфур, олово, бензен и други ароматични јаглеводороди кои можат да го загрозат човековото здравје и квалитетот на воздухот.

Влијанијата во фазата на изградба (појава на емисии на прашина и издувни гасови) се значителни, со голем интензитет, но се краткотрајни и локални (ограничени на и во близина на планскиот опфат кој е надвор од населени места). Најмногу засегнати од овие влијанија и од влошениот квалитет на амбиентниот воздух би биле работниците кои ќе бидат ангажирани во фазата на изградба.

Во оперативна фаза се очекуваат емисии од возилата кои ќе го транспортираат отпадот и од депонискиот гас кој ќе се генерира од одложениот отпад на депонијата, но тие влијанија ќе бидат непостојани, краткотрајни и локализирани.

Депониите за комунален отпад во оперативна фаза се извор, односно генерираат миризба од отпадот што се депонира. Активностите на собирање, транспорт, депонирање, набивање и покривање на комуналниот отпад, а под влијание на временските услови, високи температури и врнежи, ги разградуваат органските материи во отпадот и при тоа се ослободува непријатна миризба која со помош на ветровите може да доспее на големи далечини.

За потребите на Студијата за ОВЖС за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар, е направен модел на дисперзија на мириси – максимални 24 часовни вредности на мирисни единици во критични услови на проектирана состојба. Резултатите покажуваат дека зоната на горниот праг на осетливост од 3.0 $OUE/m^3$ во ниту еден случај не надминува радиус од околу 2000 m. Зоната со вредности над амбиентната норма од 6.0 $OUE/m^3$ е ограничена на радиус од околу 500 m во најлош случај. Имајќи ја во предвид локацијата на

депонијата, може да се заклучи дека во зоната на интензивна миризба нема осетливи реципиенти.

### 8.4. Влијание врз климатските промени

Секторот отпад, а особено депониите за комунален мешан отпад е значителен во однос на продуцирање на стакленички гасови (метан - $CH_4$ кој се ослободува од депониите при анаеробно разложување на органските материи, $CO_2$ – кој се ослободува при собирање на отпадот и неговиот транспорт и $CH_4$ и $N_2O$ – кои се ослободуваат при третман на отпадни води), а кои имаат удел во глобалните климатски промени.

Сепак, може да се каже дека моменталниот неконтролиран начин на одлагање на отпадот генерира поголеми емисии на стакленички гасови во споредба со емисиите на стакленички гасови кои ќе се генерираат при прописно собирање и транспорт на отпадот. Овие емисии се сметаат за мали во споредба со емисии на стакленички гасови во системот за управување со отпад на пр. неконтролирани емисии на депониски гас.

Во рамки на предложениот проект – изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, се предвидува изградба на постројка за третман на исцедок, и систем за управување со депониски гасови, со што ќе се придонесе кон намалување на емисиите на стакленички гасови од отпадот.

Влијанијата врз климатските промени се оценети како долготрајни, со мал интензитет и локално ограничени.

### 8.5. Влијанија врз квалитетот на водите

Воспоставувањето на санитарна регионална депонија Русино ќе има долгорочни позитивни влијанија врз квалитетот на површинските и подземните води во околината, на начин со кој ќе се прекинат досегашните негативни влијанија (од постоечката депонија) односно директно излевање на депониски исцедок во површинските и подземните води.

Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче од кој се водоснабдува Градот Скопје и селата во Скопскиот плански регион. Во оваа зона мора да се почитуваат условите за заштита дефинирани со „Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита (Службен весник на РМ, бр. 36/90).

Регионалната депонија се наоѓа во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“. Во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“ врз основа на „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“, се дефинирани активности за кои е дозволено да се изведуваат во рамки на зоната.

Влијание врз површинските води се очекува во фазата на изградба, односно санација и надградба на постоечката регионална депонија при расчистување на земјиштето, ископи, бетонирање и други градежни активности, активности поврзани со постоечкото депониско тело, обликување и компактирање на отпадот и сл. Доколку при изведување на некои од горенаведните активности дојде до неконтролирано истекување на гориво од возилата и/или градежната механизација, моторни масла и хемикалии, како резултат на дефект или хаварија, може да го промени квалитетот на подземните и површинските води.

За време на реализација на проектот, работниците кои ќе работат на изградбата на објектите ќе користат флаширана вода за санитарни потреби. На локацијата нема да бидат поставени кампови за ангажираните работници, туку само мобилни тоалети кои ќе се одржуваат од страна на овластена компанија и затоа не се очекува влијание врз квалитетот на водите од комунални отпадни води.

Реален проблем кој што е детектиран и во Студијата за ОВЖС за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино и може да предизвика значителни негативни влијанија врз површинските и подземните водни тела е санација на постоечката депонија, односно планираните активности поврзани со постоечкото депониско тело. Потребно е собирање на расфрланиот отпад, негово обликување и компактирање со цел формирање на основа за идната депониска ќелија. При изведување на овие активности може да дојде до неконтролирано излевање на исцедок на сите страни. Исто така големи количини на отпад се одложени неправилно и се лоцирани на влезот на локацијата, а во близина на Сушичка река.

Во оперативната фаза се очекува создавање на исцедок во депониското тело кој потекнува од распаѓањето на отпадот, па поради тоа е потребно да се предвидат соодветни мерки.

## 8.6. Влијание врз почвата

Влијанија врз почвата во фазата на изградба, односно санација и надградба на постоечката депонија се очекуваат поради ископување на површинскиот слој на почвата, преместување, обликување, односно набивање и компактирање на отпадот, транспорт на градежни материјали, складирање на земјени и градежни материјали врз почвата, неправилно одложување на градежен шут и комунален отпад (од постоечкото депониско тело), потоа изградба на пристапни патишта и други пропратни содржини (административна зграда, работилница, канализациска мрежа, вкопување на резервоар, поставување на ограда и сл.).

Неконтролираното истекување на моторни масла и горива, може да се јави во случај на дефект или хаварија на моторните возила и градежната механизација или при изведување на земјено-градежни активности.

Неконтролираното излевање на исцедокот од постоечкото депониско тело (при собирање и преместување на растурениот отпад) може да има негативно влијание врз почвата.

На локацијата нема да бидат поставени кампови за ангажираните работници, туку само мобилни тоалети кои ќе се одржуваат од страна на овластена компанија и затоа не се очекува влијание врз квалитетот на почвата од отпадни води кои се создаваат од работниците.

Во оперативна фаза се очекува создавање на исцедок во депониското тело кој потекнува од распаѓањето на отпадот, па поради тоа е потребно да се предвидат соодветни мерки за спречување на доспевање на исцедокот во подземните води и почвата.

## 8.7. Влијание врз пределските карактеристики

Моменталните пределски карактеристики на планскиот опфат каде е предвидена реализацијата на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ се една грда слика, огромна површина со расфрлан отпад од различно потекло на сите страни (во близина на река Сушица, на влезот на локацијата има големи купови отпад од минерално потекло), исцедок и контаминирана вода која тече низ депонијата, тешка механизација од која еден дел е исправна, а другата е хаварисана, и вон употреба која стои на локацијата.

Реализацијата на УППГДЗ за регионална депонија со пропратните содржини ќе обезбеди оформување на архитектонска целина со рационално користење на земјиштето со максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот, а притоа ќе се применат мерки за заштита на природата и животната средина.

Влијанијата врз пределските карактеристики не се оценуваат како негативни, туку напротив во овој случај реализацијата на УППГДЗ за регионална депонија со пропратните содржини, на локацијата ќе и даде поубав изглед.

## 8.8. Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Во рамки на планскиот опфат за реализација на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ нема популации на чувствителни видови растенија, габи и фауна кои се карактеризираат со ограничена дистрибуција (ретки, ендемични или идентификувани како приоритетни видови во Директивата за живеалишта).

При реализација на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ со пропратните содржини, во фаза на изградба се можни влијанија од типот на вознемирување на животинскиот свет; фрагментација на живеалишта; нарушување на циклусот на размножување на животинскиот свет (птици) и сл.

Иако не се евидентирани ретки, ендемични или загрозени видови, градежните активности може да имат негативни ефекти врз растенијата и животните (влекачи, птици и цицачи) како резултат на појава на бучава и вибрации.

Градежните активности може да предизвикаат нарушување во циклусот на размножување на птиците. Во Анексот I на Директивата на ЕУ за птици се наоѓаат пет видови: Aquila chrysaetos, Buteo rufinus, Calandrella brachydactyla, Dendrocopos syriacus и Falco peregrinus. Најпогодена ќе биде заедницата со птици во дабовите шуми, во која има значителен број видови со неповолен статус на заштита. Ова важи и за обработливите

полиња и крајречните шуми. Видовите поврзани со пасиштата (сврачиња, дроздови, врапчиињa, сипки, ѕвингалки и други семејства) ќе бидат најпогодени од фрагментација и изгубено директно живеалиште.

Фрагментација на живеалиштата се јавува поради расчистување на вегетацијата на еден дел од подрачјето, односно најблиските шумски живеалишта (крајречната шумска заедница од врба и топола) кои се протегаат покрај реката Сушица.

## 8.9. Влијание врз културното наследство

Според Експертскиот елаборат, на подрачјето на катастарската општина Церово, кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата: археолошки локалитет „Гробишта", КО Церово, доцен среден век и археолошки локалитет „Липа", КО Церово, доцен среден век.

Во Археолошката карта на Р. Северна Македонија која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарските општини Сушица и Церово евидентирани се следните локалитети: КО Сушица, Русино, средновековна црква и некропола; КО Церово, Билјаново Црквиче, средновековна некропола; КО Церово, Гробишта, средновековна некропола; КО Церово, Крст, средновековна некропола; КО Церово, Липа, средновековна некропола.

Археолошкото наоѓалиште „Русино", КО Сушица, средновековна црква и некропола од средниот век е лоцирано во северниот и северозападниот дел на планскиот опфат (на оддалеченост на околу 1 km) и од страна на НУ Национален конзерваторски центар Скопје проценето е дека при вршење на земјени и градежни работи при имплементација на УППГДЗ, овој локалитет може да биде загрозен па затоа е потребно задолжително присуство на овластен археолог-конзерватор и примена на мерки за заштита на културното наследство предвидени во Законот за заштита на културното наследство.

## 8.10. Влијание од зголемена бучава и вибрации

За време на фаза на изградба, односно санација и надградба на постоечката регионална депонија „Русино" со пропратните содржини, максимално дозволените нивоа на бучава, ќе бидат повремено надминати. Бучавата и вибрациите кои ќе се појават за време на фазата на изградба се резултат на работата на градежната механизација при вршење на земјено-градежните активности.

За време на работењето на градежните машини и транспортните средства очекуван интензитет на бучава е 85-90 dB на местото на изворот, додека дисперзијата на звукот зависи од временските услови, конфигурацијата на теренот и др.

Зголемено ниво на бучава во текот на фазата на изградба може да се јави за време на пренесување и транспорт и ракување со градежни материјали, инсталирање на опрема и слично.

Планскиот опфат се наоѓа надвор од урбана средина, на отприлика 10 km оддалеченост од центарот на градот Гостивар и токму поради тоа е дефиниран како подрачје со IV степен на заштита од бучава и влијанието од изворите на бучавата во животната средина, каде граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори не треба да бидат повисоки од: 70 dB преку ден и вечер и 60 dB преку ноќ.

Табела 14. Идентификација на влијанијата на целите на планскиот документ врз различните елементи на СОЖС и оценка на влијанијата

| Влијание \ Елемент на СОЖС | население | човечко здравје | воздух | климатски фактори | вода | почва | биодиверзитет | материјални добра | Културно наследство | Пределски карактеристики |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Карактер на влијанието (+/-) | + | + | - | - | - | - | - | + | - | + |
| Тип на влијанието (директно/ секундарни/кумулативни/синергетски ефекти) | директни | директни | директни | кумулативни | директни кумулативни | директни кумулативни | директни | директни | директни | директни |
| Јачина на влијанието (голема/средна/мала) | голема | голема | голема | голема | голема | средна | средна | средна | голема | средна |
| Краткотрајни/среднорочни/долготрајни ефекти | долгорочни | долгорочни | долгорочни | долгорочни | среднорочни | долгорочни | долгорочни | долгорочни | среднорочни | долгорочни |
| Континуирани/привремени ефекти | привремени | континуирани | континуирани | континуирани | континуирани | континуирани | континуирани | континуирани | привремени | континуирани |
| Прекугранични ефекти | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| Реверзибилни/иреверзибилни ефекти | иреверзибилни | иреверзибилни | иреверзибилни | иреверзибилни | реверзибилни | реверзибилни | реверзибилни | реверзибилни | реверзибилни | реверзибилни |
| Веројатност на појавување (сигурно/невозможно/можно) | сигурно | сигурно | сигурно | сигурно | сигурно | сигурно | сигурно | сигурно | сигурно | сигурно |
| Важност (локална/регионална/национална) | регионално | локално | регионално | регионално | регионално | локално | локално | локално | локално | локално |

# 9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Анализата на влијанијата врз животната средина има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерки за заштита на животната средина.

Предвидената регионална депонија „Русино“ треба да биде изградена во согласност со европските и националните закони и прописи.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштита кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на животната средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Во условите за планирање на просторот, а особено во планската документација, се дадени мерки за заштита на културното наследство, за заштита на природни реткости и предели, за заштита на животната средина и за заштита и спасување кои треба да се имаат превид и задолжително да се почитуваат и применуваат од страна на изведувачот на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар.

Особено внимание мора да се посвети на заштитата на водите, односно да се почитуваат условите за заштита дефинирани со „Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита“ а кои важат за третата заштитна зона или зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување и „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“.

Од страна на НУ Национален конзерваторски центар Скопје потврдено е присуство на археолошкото наоѓалиште „Русино“, Сушица, средновековна црква и некропола од средниот век. Ова археолошко наоѓалиште е лоцирано во северниот и северозападниот дел на планскиот опфат (на оддалеченост на околу 1 km) и проценето е дека при вршење на земјени и градежни работи при имплементација на УППГДЗ овој локалитет може да биде загрозен па затоа е потребно задолжително присуство на овластен археолог-конзерватор и примена на мерки за заштита на културното наследство предвидени во Законот за заштита на културното наследство.

За потребите на проектот: “Управување со цврст отпад во Полошкиот регион, Северна Македонија, Фаза I“, изработена е Студија за ОВЖС за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар, во која детално се идентификувани влијанијата во фаза на изградба и во фаза на експлоатација, и врз основа на тоа се дефинирани мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија. Планот за управување со животна средина и социјални аспекти и Акциониот план за заштита на животна средина и социјални аспекти и мониторинг над спроведување на мерки кои се дел од оваа Студија, исто така треба да се земат предвид при реализација на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар.

Табела 15. Преглед на мерки за намалување на влијанијата од реализација на УППГДЗ за регионална депонија Русино

| Елемент на СОЖС | Цел на СОЖС | Мерки за намалување на влијанијата од реализација на УППГДЗ за регионална депонија Русино |
|---|---|---|
| Воздух и климатски промени | Намалување на емисиите на загадувачките супстанции во воздухот од постоечката нестандардна депонија | — Спречување на појава на пожари, самозапалување на депонијата<br>— Контролирано преместување на отпадот од депониското тело во поволни временски услови и под надзор над изведувачот |
| | Намалување на емисиите на загадувачките супстанции во воздухот за време на санација/надградба на депонијата и изградба на пропратните објекти | Во фазата на изградба генерално се препорачува примена на добра градежна пракса:<br>— Употреба на еколошки горива за градежната механизација и камионите кои вршат транспорт на градежните материјали<br>— Земјено-градежните работи да се вршат во поволни временски услови, да се попрскува локацијата со цел минимизирање на емисии на прашина<br>— Запирање на работите при интензивна емисија на прашина,<br>— Употреба на исправна градежна механизација<br>— Исклучување на моторите на механизацијата во периоди кога не се извршуваат активност |
| | Контрола на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот од „новата“ надградена депонија | — Поставување на систем за контролирано собирање на депониски гас и негово соодветно управување<br>Се предвидува инсталирање на вертикален систем за собирање на гас (во депониското тело ќе се постават 20 вертикални бунари за гас) со гасен компресор. Иако се предвидени гасна (компресорска) станица, факел и доволен простор за останати блок станици за електрична енергија, во првите 5 години не е планирано користење на метанот за енергетски цели.<br>— Дневно покривање на одложениот отпад со покривен слој и редовно компактирање со цел да се намали ширењето на непријатна миризба и разнесување на отпадоци и ситни честички во ветровити периоди<br>— Воведување на енергетски-ефикасни мерки.<br>Се предвидува инсталирање на соларен систем за задоволување на потребите за топла санитарна вода на административната зграда |
| Води | Намалување на загадувањето на површинските и подземните води | Во фазата на изградба генерално се препорачува примена на добра градежна пракса:<br>— Организирање места за складирање на материјали и отпад, на доволно растојание од површинските водни текови (Сушичка река), |

| | | |
|---|---|---|
| | | — Забрането е складирање на градежни материјали со опасни супстанции;<br>— Поставување на мобилни тоалети и нивно редовно одржување;<br>— Внимателно преместување, дислоцирање на натрупаниот отпад во близина на Сушичка река<br>— Доколку дојде до истекување, излевање на моторни масла и горива, или пак некои други хемикалии, потребно е да се престане со работите и да се санира загадувањето<br>Примена на одредбите од „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“, според која:<br>— Депонирање и исфрлање на отпадни цврсти материи е можно исклучиво на организирани, обезбедени и контролирани депонии и контролирани депонии кои се наоѓаат надвор од сливното хидрогеолошко подрачје. |
| | Намалување на негативното влијание на депонијата врз хидролошкиот режим и квалитетот на водата | — Воспоставување на ефикасен третман на отпадните води (од депонијата).<br>За собирање и одведување на отпадните води предвидена е сепаратна канализација за атмосферски и фекални отпадни води, која ќе заврши со септичка јама.<br>Санитарните отпадни води заедно со исцедокот ќе бидат третирани во централната станица за пречистување на отпадните води. Атмосферската вода од депонијата прво ќе се третира, а по нејзиниот третман ќе се испушти по пат на гравитација кон северо-исток до планираниот реципиент – Сушичка Река<br>— Поставување на систем за собирање и третман на исцедок<br>Се предвидува инсталирање на контролна комора за собраниот исцедок, резервоар за исцедок и пречистителна станица за третман на исцедок<br>— Да се обезбеди квалитет на третираната вода во согласност со законската регулатива за дозволените гранични вредности за квалитет на вода пред испуст во реципиент;<br>— Поставување на бунари за мониторинг на подземни води (пиезометри) за да се има увид во квалитетот на подземните води |

| | | |
|---|---|---|
| | | — Собирање и користење на дождовница за технички потреби за што е потребно да се обезбеди дозвола за црпење и спроведување на мерки од дозволата<br>— Примена на препораките од Хидролошката студија, односно одржување на коритата на повремените водотеци (Сушичка река) или поставување на соодветни заштитни ободни канали, и издвојување на заштитен и крајбрежен појас со ширина од 1 + 50 m од нивната оска од СЗ-С и Ј-ЈИ страна, во функција на безбедност од плавење при еден и 24-часовни интензитети на врнежи со веројатност на појава на 100 годишни води |
| Почва | Намалување на деградацијата на почвата (намалување на површината на дерадирана почва) | — Чистење и намалување на појавата на создавање на ѓубриштата на територијата на Општина Гостивар и воопшто на територијата на Полошкиот плански регион;<br>— Отстранување на расфрланиот отпад од постоечката депонија, односно негово дислоцирање од почвата во најкраток временски рок<br>— Обележување и зафаќање на минимални потребни површини за паркирање и маневрирање на градежната механизација<br>— Организирање на минимални површини за складирање на материјали за работа<br>— Доколку површинскиот слој од почвата кој треба да се отстрани за потребите на изградба/надградба на депонијата е загаден, треба да се отстрани на посебно место и да се третира како отпад, а доколку не е, треба да се складира и повторно да се употреби<br>— По завршувањето на градежните работи, почвата треба да се врати во првобитната состојба како пред изградбата. Повторната употреба на горните почви треба да се направи користејќи ги најдобрите достапни техники.<br>— Поставување мобилни тоалети и одржување и сервисирање на истите |
| | Намалување на контаминација на почвата од/при управување со отпад | — Соодветен третман на отпадните води од депонијата (санитарни и атмосферски), вклучително и депонискиот исцедок<br>— Контрола на исправност на системот за собирање на исцедок и работата на пиезометрите за мониторинг на квалитет на подземна вода |

| | | |
|---|---|---|
| Природни вредности | Заштита, зачувување и подобрување на пејзажите и природните вредности, | — Намалување на бројот на пожари и штета врз шумските екосистеми како резултат на опожарување на депонијата<br>— Отстранување на расфрланиот отпад од целата површина на постоечката депонија, односно негово дислоцирање на предвидената локација и уредување на просторот согласно предвидените содржини<br>— Урбанистички развој на просторот со примена на принципите и стандардите за заштита на природата; |
| | Заштита на биодиверзитетот (флора и фауна) | — Избегнување на сезоната на размножување птици (согласно Директивата на ЕУ за птици, во планскиот опфат може да се сретнат 5 видови на птици кои се утврдени како значајни видови)<br>— Пред да се почне со расчистување на вегетација да се направи увид на локацијата (гнезда и јајца од птици) од страна на стручно лице<br>— Расчистувањето на вегетацијата, вклучително и шумски заедници треба да се врши врз основа на План за расчистување на шумата и План за обновување на земјиштето (пошумување) |
| Културно и историско наследство | Заштита на културните добра, зачувување на историските згради и археолошки локалитети | — Намалување/ублажување на влијанијатаа врз археолошкото наоѓалиште „Русино“ пркеу примена на мерките за заштита на културно наследство кои се дадени во Извештајот од извршен увид и мерките предвидени од страна на планерите во планската документација (во согласност со член 65 од Законот за заштита на културното наследство)<br>— При изведување на земјените работи, вршење на земјан откоп за поставување на објекти или било какви други градежни и земјани зафати задолжително е присутво на овластен археолог - конзерватор<br>— Заштита и одржување во првобитната состојба на културно-историското наследство во близина на депонијата; |
| Население | Подобрен квалитет на живот | — Обезбедување на квалитетни услуги во функција на задоволување на човековите и еколошките потреби и барања преку складирање на цврстиот комунален отпад на санитарна и безбедна локација надовор од населените места;<br>— Подобрување на комуналната инфраструктура (водоводна, канализациона мрежа и третман на отпадни води, патна и енергетска) и уредување на просторот;<br>— Привлекување на нова работна сила и нови вработувања; |

| | | |
|---|---|---|
| | Здравје на население | Здравјето на населението во овој регион ќе се подобри индиректно преку подобрување на квалитетот на воздухот, односно намалување на честите палења на моменталната депонија и воспоставување на интегриран систем за управување со отпад (пред се редовно и навремено собирање и транспортирање на соодветна локација) |
| | Здравјето и безбедноста на работниците | — Редовна обука и примена на стандарди за безбедност при работа, примена на мерки за заштита и спасување, вклучително и мерки за прва помош и заштита<br>— За време на изведување на земјено-градежните работи, работниците треба да користат целосна лична и заштитна опрема (ракавици, очила, маски, одела, чевли со челичен ѓон и сл)<br>— Собирање, траспорт и депонирање на отпад во фаза на експлоатација ќе вршат обучени работници, вработени или ангажирани од страна на јавното комунално претпријатие кое ќе стопанисува со регионалната депонија |
| Бучава | Намалување на нивото на бучава и вибрации | Локацијата е надвор од населени места (Сушица, 2 km и Долна и Горна Бањица 3-4 km),<br>— Употреба на современа механизација и опрема во фазата на изградба и фазата на експлоатација<br>— Исклучување од работа на машини и возила, кога е можно и потребно<br>— Ограничување на периодите на работа и на локациите за одделни градежни активности од страна на изведувачот, доколку тоа е потребно.<br>— Повремена контрола и мерење со цел да се запазат дозволените ниова на бучава за ова подрачје<br>— Ограничување на брзината од 30 km/h при возење низ или покрај населени места; |
| Отпад | Подобрување на состојбата со постоечката нестандардна депонија Русино | — Собирање на растурениот отпад од целата површина на локацијата, со приоритет на отпадот од минерална индустрија кој се наоѓа во близина на Сушичка река<br>— Распоредување на отпадот врз местото кое е предвидено за депониска ќелија, негово обликување, набивање и компактирање<br>— Уредување на просторот согласно предвидените содржини во УППГДЗ и примена на принципите и стандардите за заштита на природата; |

| | | |
|---|---|---|
| | Селектирање на комуналниот отпад од останатите фракции и посебно искористување на биоразградливиот отпад | — Редовно превземање на отпадите и избегнување на пренатрупување и појава на влијанија,<br>— Одделно складирање на разните видови отпади и избегнување мешање на различни видови на отпад;<br>— Со одделувањето на комуналниот од другите видови на отпад ќе се постигне усогласување со националното законодавство за селектирање на комуналниот отпад и правилно управување со секоја фракција на генериран отпад на регионално ниво и реупотреба на биоразградливиот отпад како компост.<br>— Намалени количини на депониран биоразградлив отпад ќе придонесе кон намалени емисии на депониски гас, помали количини на исцедок и обезбедување поголем простор на депониското тело за депонирање на цврст комунален отпад |
| | Воспоставување на времена регионална депонија за комунален отпад | Следење и целосно исполнување на националната законска регулатива и современите ЕУ стандари во поглед на управувањето со отпадот и негов соодветен третман на регионално ниво.<br>— Воспоставување на санитарни и безбедни услови за депонирање на комунален отпад од општините кои гравитираат кон Полошкиот плански регион<br>— Изградба на административна зграда и останати пропратни содржини согласно УППГДЗ за регионална депонија Русино<br>— Уредување и ставање во функција на постоечкото депониско тело со поставување на систем за зафаќање на депониски гас, систем на собирање и третман на исцедок, дренажен систем и систем од бунарски пиезометри за мониторинг на квалитет на подземната вода<br>— Добивање на Дозвола за оператор на депонија - подготовка и доставување до надлежниот орган барање за оператор на депонија (А интегрирана еколошка дозвола),<br>— Подготовка на Програма за работа, мониторинг и за контрола на депонија (Прирачник за депонирање), Програма за обука, Програма за затворање и за понатамошна грижа по затворањето на депонијата. |

# 10. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

Постапката за СОЖС предвидува разгледување и споредба на понудени на едно или повеќе алтернативни решенија на планскиот документ, врз основа на анализа на низа од критериуми, вклучувајќи ги тука и предвидените влијанија врз животната средина, но и економските и општествените аспекти, за да се избере соодветно решение кое ќе ги задоволи социолошките и економските потреби, но без да предизвика значителни негативни влијанија врз животната средина.

Во Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар, која е изработена во 2021 година разгледани се неколку алтернативни решенија, кои накратко се објаснети во овој Извештај.

## Алтернатива: Итно подобрување на Русино со брзи мерки

Со цел итно подобрувањето на состојбата со депонијата Русино и нејзино користење, да се спроведат брзи мерки што треба да обезбедат итна контрола на влијанијата од Русино, пред да се превземат целосни инженерски мерки за обезбедување на санитарни услови на депонирање.

Брзите мерки опфаќаат: поставување на вага, со цел контрола на цврстиот отпад што се носи за депонирање; изградба на соодветен насип, со цел да се спречи испуштање на води, исцедок кон северната долина; изработка на шанец, со цел да се спречи доток на атмосферски води од север кон телото на отпадот и изградба на резервоар за исцедок и собирна шахта, како и пумпање на исцедокот назад во самото тело на отпадот.

## Алтернатива: Изнаоѓање на нова локација за депонирање на комунален отпад

Процесот за избор на нова локација е многу долг и сложен и опфаќа спроведување на аналзи, теренски увид, консултации со засегнати страни, и изработка на обемна техничка документација. Во 2008 година врз основа на пред-физибилити проценка на опциите за основање на интегриран систем за управување со цврст отпад во Полошкиот региони, од страна на општините биле предложени 8 локации за можна идна регионална депонија Матов Рид (Јегуновце), Марков Рид (Желино), Краста 1 и 2, (Брвеница), Долна Лешица и Еребино (Желино), Русино (Гостивар), Сушички мост (Гостивар), депонијата во Врапчиште и депонијата во Боговиње. На основа на теренски посети и хидрогеолошки информации направена е основна проценка, како резултат на што три локации отпаднале: Марков Рид (Желино), Краста 1 и 2, (Брвеница), Долна Лешица (Желино). Останатите биле детално разледани и поеделни на неколку алтернативи (комбинации на локации), преку анализа на геолошки и хидрогеолошки, хидролошки карактеристики, можен волумен на прифаќање, локација и топографија, сопственост на земјиште, пристап до локација, инфраструктура, потреби и трошоци за подобрување на основата на депонијата итн.

Заклучок на овие истражувања е дека Русино е најповолна локација за централна (регионална) депонија за Полог.

## Алтернатива: Затворање на Русино

Оваа алтернатива подразбира целосно затворање на нестандардната депонија Русино и нејзино запечатување согласно националните стандарди.

Трошоците за целосно затворање (без можност за нејзино идно краткорочно користење) се пресметани околу 1 милион евра.

Освен прописно затворање на локација, со цел да не претставува опасност за животната средина понатаму, оваа алтернатива подразбира и постоење на друга локација за одложување на отпад која би била достапна за околното население. Доколку се изврши само затворање, без да има обезбедено нова/друга локација за депонирање, отпадот би завршил непрописно оставен (исфрлен) на повеќе места низ општината/регионот притоа предизвикувајќи уште поголеми загадувања и притисоци врз животната средина.

## Алтернатива: Релокација на Русино

Активностите за дислокација на ѓубришта се предвидени за мали локации со одложен отпад до 3000 $m^3$ и тоа во услови кога во непосредна близина се наоѓа депонија што поседува дозволи и стандарди за прием на таков отпад. Во Полошкиот регион нема таква депонија, ниту пак има определено локација што би можела да послужи за таа намена.

Најблиската локација до која би се транспортирал отпадот од Русино е депонијата Дрисла во Скопскиот регион.

Со оглед на тоа дека се работи за депонија чија површина е проценета на 80.000 $m^2$ со одложен отпад чија висина варира од 2-8 метри, проценката за одложена количина е повеќе од 650.000 $m^3$ мешан отпад во периодот до 2020 година.

Според овие проценки варијантата за дислоцирање на отпадот од Русино, не е оправдана ниту економски, ниту од социјален аспект, ниту пак е опција која што претставува отстранување на отпадот со најмали влијанија врз животната средина.

Согласно Експертскиот елаборат за цврстиот отпад во Р. Северна Македонија изработен за потребите на Просторниот план на Р. Северна Македонија, локацијата е поволна доколку се наоѓа на растојание од 2 km од помали населени места, односно 2,5 km од погусто населени места и рекреативни центри, во насока на избегнување на негативните влијанија кои депонијата би можела да ги има врз луѓето кои живеат, односно престојуваат во нив.

## Алтернатива 0: Состојба без имплементација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар

Загадувањето на животната средина предизвикува огромни ризици по здравјето и животот на луѓето. Овие негативни ефекти резултираат со големи суми на пари за здравствени услуги, штети врз целокупната животна средина и економијата. Инвестициите во намалување на загадувањето на животната средина резултираат со заштеда на овие трошоци и на тој начин може да се квантифицираат економските заштеди од овие инвестиции.

Соодветното собирање, транспорт и конечно одлагање на отпадот може да доведе до значителни еколошки и здравствени придобивки, кои се рефлектираат со заштеда и

намалување на трошоците што секако би настанале доколку одредени мерки, или во овој случај планот, нема да се реализираат.

„Трошоците“ за нереализирање на проектот може да се класифицираат во три групи:

1. Негативни ефекти врз здравјето на луѓето поврзани со неквалитетна услуга за постапување со отпад/миризба, заразни болести и сл;
2. Негативни влијанија врз животната средина поради деградација на почвата, водите и шумските екосистеми;
3. Потенцијални негативни ефекти врз стопански/бизнис активности поради нередовно и несоодветно превземање на отпадот.

Негативните ефекти врз здравјето на луѓето се рефлектираат преку:

- Зголемен ризик од заразни болести поради нередовно и нессодветно превземање и одлагање на отпадот;
- Влошено здравје на работниците поради лошата состојба и хигиенските услови на самата локација и ризик по здравје за сите директно засегнати со локацијата;
- Ризик по здравјето на работниците од директни влијанија што произлегуваат од Русино (исцедок и загадување на почви, површински и подземни води, емисии од неправилно депонирање и од горење);
- Зголемен ризик од болести поради загадување на почва и води, а преку тоа контаминација на води и земјоделски производи;
- Лош квалитет на воздух и вдишување на отровни гасови поради честите опожарувања на ѓубрето на локацијата Русино;
- Зголемено оптоварување на здравствената заштита;

Негативните ефекти врз социјалните аспекти на луѓето се рефлектираат преку:

- Недостиг на човечки (обучени работници) и технички капацитети (опрема) за управување со санитарна депонија за комунален отпад,
- Ниска јавна свест за правилно и санитарно депонирање на отпад, воспоставување на санитарна депонија и позитивните ефекти поврзани со тоа,

Негативните ефекти врз животната средина се манифестираат преку:

- Продолжување на тенденцијата со нарушување на состојбата со квалитетот на животната средина и здравјето на населението;
- Непостоење на соодветни и воопшто решенија за постапување со отпадот;
- Состојбата ќе остане иста или ќе се влоши, односно ќе продолжат проблемите поврзани со депонирање на отпадот на моменталната локација;
- Расфрлан отпад, мали и поголеми купови ѓубришта по целата површина на локацијата Русино;

- Непостоење на санитарни и безбедни услови за депонирање на цврстиот комунален отпад;
- Деградирани екосистеми, шумски и земјоделски земјишта;
- Ширење на непријатни миризби од неконтролираното распаѓање на отпадот и отровни гасови при горење на депонијата;
- Зголемени емисии на стакленички гасови од неконтролираното распаѓање на отпадот;
- Ризик од пожари поради неправилно депонирање – често пати ѓубриштето се самозапалува, а често пати и намерно се пали како начин за намалување на количините депониран отпад и ослободување место за депонирање на нови колични;
- Неконтролирано истекување на депонски исцедок во поширокатa околина и загадување на почви, површински и подземни води, поради што доаѓа до контаминации на земјоделски површини и земјоделските производи;

Негативните ефекти економските активности се манифестираат преку:

- Намалена земјоделска продуктивност поради контаминација на околните земјоделски површини;
- Намалена пазарна вредност на земјоделските култури во близина на сегашната депонија Русино;
- Отсуство на интерес од страна на економски оператори кои имаат интерес за инвестиции во секторот за управување со отпад;
- Намалена конкурентност и атрактивност на општините и регионот,

Ситуацијата не е јасна, ниту малку лесна за да се одбере најсоодветна алтернатива во услови кога состојбата со постоечката локација Русино е многу сериозна од аспект на загрозување на животната средина и здравјето на луѓето, па според тоа е дадена предност (во Студијата за ОВЖС), но и во овој Извештај за стратегиска оцена на животната средина за реализација на УППГДЗ, да моменталната локација биде уредена согласно законската регулатива и да се обезбедат санитарни и безбедни услови за привремено и времено ограничено користење на Русино како санитарна депонија, а по тој период од 10 години (2023-2032) да следи нејзино прописно затворање.

Според проектот за депонијата, на локацијата Русино на располагање е простор за вкупно количество на отпад од околу 1.050.000 $m^3$. Следствено, животниот век на депонијата Русино ќе биде вкупно 10 години. Животниот век на поединечните ќелии ќе биде:

- Ќелија 1: Животен век 5.5 години (од 2023 – средина 2028) и
- Ќелија 2: Животен век 4.5 години (од средина 2028 –2032)

На овој начин, со оваа опција од една страна ќе се обезбеди времено решение за санитарно и безбедно депонирање на отпад, преку рационално користење на земјиштето (постоечката депонија ќе се надгради), постоечкиот пристапен пат ќе се користи и сл., а од друга страна би се ставила силна контрола и заштита на влијанијата што досега биле поврзани со Русино, а во исто време би се обезбедила гаранција за прописно затворање на Русино.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар ги зема во предвид понудените алтернативи, избраната алтернатива, но ја разгледува и опцијата за (не)спроведување на планските решенија во УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ (“business as usual scenario”- да се продолжи како што е моменталната состојба.

Според сите горе наведени опции може да се заклучи дека најдобра опција е санирање на постојната депонија Русино и надградување согласно законската регулатива; обезбедување на санитарни и безбедни услови за времено ограничено користење на Русино како санитарна депонија за период од 10 години, а по истекувањето на тој период, да следи прописно затворање и запечатување на депонијата согласно националните стандарди.

## 11. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА УП

СОЖС постапката дефинира и план за имплементација на спроведување на активностите и мерките кои се предвидени во Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар.

Мониторингот на сите емисии во основните медиуми од депонијата треба да се спроведува согласно подзаконскиот акт за начинот и постапката за работењето, мониторинг и контрола на депонијата во текот на работниот период, мониторинг и контрола на депонијата во фазата на затворање и понатамошна грижа за депонијата, како и за условите за одржување на депониите по затворањето (Сл. Весник на РМ, бр, 156/07).

Целта на планот за мониторинг е да предвиди и обезбеди следење на имплементацијата на мерките кои се дефинирани со цел намалување или спречување на потенцијалните негативни влијанија.

Со цел да се изврши мониторинг над ефективноста на УППГДЗ за регионална депонија Русино, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој, при што треба да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за системско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина, како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина се:

- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Да се има поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- Да се потврди дека договорените услови при одобрување на проектната документација се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија одимплементацијата на планската документација и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Да се утврди кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанија врз животната средина

Со цел да се изврши мониторинг на ефикасноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на истиот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следење на состојбата на животнта средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Министерството за транспорт е одговорно за следење на спроведувањето на Планот за мониторинг.

Табела 16. План за мониторинг на спроведување на мерките

| СОЖС област | Општа цел на СОЖС | Мониторинг | Индикатори | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| **Население и социо-економски развој** | Унапредување на квалитетот на животот на населението на Општина Гостивар (Добивање на квалитетни комунални услуги, намалена миграција, подобрена социо – економска и здравствена состојба на населението и др) | — Следење на собирање, превземање и транспорт на отпад;<br>— Ангажирање на нова работна сила за потребите на воспоставување на регионалната депонија Русино;<br>— Следење на демографската структура на населението; | — Извештај за превземени и депонирани количини на отпад;<br>— Стапка на (не)вработеност;<br>— Тренд на (де)популација;<br>— Стапка на миграција; | — Јавното комунално претпријатие Гостивар<br>— Регионалното претпријатие за управување со отпад формирано од сите општини во Полошкиот регион „Русино-Полог“<br>— Општина Гостивар,<br>— Министерство за здравство,<br>— Министерство за транспорт<br>— Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>— Државен завод за статистика; |
| **Здравје на населението** | Заштита и унапредување на здравјето населението на територијата на Општина Гостивар | — Следење на здравствената состојба на населението;<br>— Мониторинг на квалитет на воздух, вода и почва; | — Извештаи за квалитет на воздух;<br>— Извештаи за здравјето на населението;<br>— Трендови на загадување на медиумите и областите од животната средина;<br>— Зголемена јавна свест за селектирање, реупотреба и правилно одлагање на ЦКО; | |
| **Квалитет на воздух и климатски промени** | Заштита и унапредување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови | — Следење на работите при санација и уредување на регионалната депонија Русино;<br>— Следење на состојбата поврзана со опожарување на депониското тело;<br>— Следење на начинот на управување од отпад; | — Број на поплаки од граѓани поради прашина, бучава, непријатна миризба, и сл;<br>— Емисии на загадувачки материи ($SO_2$, цврсти честички)<br>— Непријатна миризба<br>— Обновливи извори на енергија | — Министерство за транспорт<br>— МЖСПП,<br>— Јавното комунално Претпријатие Гостивар<br>— Регионалното претпријатие за управување со отпад формирано од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | — Следење на системот за зафаќање на депониски гас; | | сите општини во Полошкиот регион „Русино-Полог“<br>— Општина Гостивар,<br>— Министерство за здравство,<br>— Здруженија на граѓани, |
| Квалитет на вода | Заштита и унапредување на квалитетот на површинските (Сушичка Река) и подземните води<br>*Локацијата се наоѓа во трета заштитна зона на изворите Рашче и Вруток | — Следење начинот на одведување и третман на комунални и атмосферски отпадни води;<br>— Следење на квалитетот на водите во Сушичка Река;<br>— Следење на системот за собирање и треман на исцедок<br>— Следење на примената на мерки за заштита на водите;<br>— Следење на состојбата со пиезометрите; | — Изградена постројка за прочистување на отпадни води;<br>— Извештаи за квалитет на водата која се испушта во реципиент (Сушичка Река);<br>— Извештаи од мониторинг на квалитет на подземни води; | — Министерство за транспорт<br>— МЖСПП,<br>— УХРМ,<br>— Р333<br>— Општина Гостивар,<br>— Министерство за здравство,<br>— Јавното комунално Претпријатие Гостивар<br>— Регионалното претпријатие за управување со отпад формирано од сите општини во Полошкиот регион „Русино-Полог“<br>— Здруженија на граѓани, институти, |
| Почва | Заштита и унапредување на квалитетот на почвата | — Следење на примената на мерки за заштита на почвите од ерозија, порои, деградација и загадување;<br>— Контрола на начинот на управување со отпад;<br>— Следење на системот за собирање и треман на исцедок; | — Тренд на ерозија;<br>— Извештаи за квалитет на водата која се испушта во реципиент (Сушичка Река);<br>— Извештаи од мониторинг на квалитет на подземни води; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | — Следење на квалитетот на земјоделските производи; | | |
| **Биодиверзитет и природно наследство** | Заштита и унапредување на биодиверзитетот и природното наследство | — Следење на процесот на заштита на значајни видови и живеалишта;<br>— Следење на состојбата со пожарите; | — Резултати од извршен мониторинг;<br>— Број на пожари;<br>— Број на одржани кампањи и едукации; | |
| **Предел** | Заштита и унапредување на пределските карактеристики | — Следење на користењето на земјиштето во согласност со намените на УППГДЗ;<br>— Следење на начинот на управување од отпад; | — Резултати од извршен мониторинг; | |
| **Материјални добра** | Заштита и унапредување на материјалните добра | — Следење на изградбата на објектите и инфраструктурата;<br>— Следење на начинот на управување од отпадни води и исцедок;<br>— Следење на работата на соларниот систем;<br>— Следење на работата на системот за зафаќање на депониски гас; | — Број на интервенции;<br>— Поплаки и пофалби од населението;<br>— Број на дефекти и хаварии; | |

# 12. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

## 12.1. Вовед

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година е изработен врз основа на Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1 и КО Церово, Општина Гостивар. Оваа програма е изработена од страна на Агенцијата за планирање на просторот, а одобрена од Министерството за транспорт. Изработени се и Услови за планирање на просторот за изградба на регионална депонија КО Сушица 1 и КО Церово, Општина Гостивар за кои е издадено Решение за Услови за планирање од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

На локацијата која е предмет на овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар се наоѓа постоечката депонија Русино. Оваа локација е дефинирана со Физибилити студијата за управување со цврст отпад (ЦО) во Полошкиот регион (2022 год.), која пак предвидува современ систем за одлагање на отпад со кој ќе се опслужува целокупното население од Полошкиот плански регион (кој во 2023 год. броел околу 328.407 жители, а според проекцијата за 2042 год. овој број ќе изнесува околу 352.788 жители). Генерираното количество на ЦО во 2023 год. изнесува 126.691 тони, а во 2042 год. се предвидува да достигне 156.794 тони/годишно.

Со овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење се разработува регионална депонија „Русино“, која се наоѓа на една катастарска општина и повеќе катастарски парцели: КП бр. 716, КП бр. 717, КП бр. 719, КП бр. 712/1, КП бр. 712/2, КП бр. 720, дел од КП бр. 718, дел од КП бр. 678/1, дел од КП бр. 721, дел од КП бр. 707, дел од КП бр. 710, дел од КП 679/3, дел од КП бр. 708, дел од КП бр. 706, дел од КП бр. 704, дел од 713/1, дел од 713/2, дел од КП бр. 709, КО Сушица 1, Општина Гостивар. Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“ предвидува и изградба на нов сообраќаен пристап, како и нови градби и инфраструктура, потребни за оперативност на депонијата. Површината на планскиот опфат за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, општина Гостивар, изнесува 153644.8433 $m^2$ или 15,364 ha и е во рамки на земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија.

Законската регулатива од областа на животната средина при подготовка на краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи на национално и локално ниво за развој во сите области (урбан развој, управување со отпад, земјоделие, индустрија, стопански развој, туризам, транспорт и др.) инсистира на спроведување на постапка за Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ кој се изработува и донесува (план, програма или стратегија) врз животната средина.

Министерството за транспорт донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена за животната средина за УППГДЗ за депонија РУСИНО, општина Гостивар и заедно со Формуларот за спроведување на СОЖС за УППГДЗ за депонија РУСИНО, општина Гостивар ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на член 65, став 13 од Законот за животна средина, Министерството за животна средина и просторно планирање донесе Решение, односно Известување за

прифаќање на Одлуката за спроведување на стратегиска оцена. Одлуката, формуларот и известувањето од МЖСПП се дадени како прилози на овој Извештај.

Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година е изработен во согласност со Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

## 12.2. Вовед во стратегиската оцена на животната средина (СОЖС)

Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) е постапка која има за цел да обезбеди дека еколошките аспекти се земени предвид при изработката на планови и програми од јавен интерес, пред тие да бидат усвоени.

СОЖС постапката се спроведува во неколку чекори:

**Проверка:** овој чекор има за цел да идентификува и утврди дали УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС. Овој чекор предвидува изготвување на одлука и формулар за спроведување или неспроведување на СОЖС.

**Определување на обемот:** овој чекор има за цел да го определи обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот за СОЖС. Овој чекор е претставен преку решението кое го изготвува Министерството за животната средина и просторно планирање.

Изработката на **Извештајот за СОЖС** е главниот механизам во кој ќе бидат идентификувани значителните влијанија (негативни и позитивни) врз животната средина од имплементација на планскиот документ, како и мерките за спречување, намалување и колку што е можно повеќе, ублажување на значителните негативни влијанија. Извештајот за СОЖС треба да ги содржи информациите кои се дефинирани во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиската оцена на животната средина.

Процес на **консултации со јавност:** опфаќа консултација со засегнатите страни и конкретната јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, нацрт Извештајот за СОЖС и ставање на јавен увид. Овој чекор подразбира и изработка на План за вклучување на засегнатите страни во процесот. План за засегнати страни е изработен во рамки на проектот за управување со цврст отпад во Полошкиот регион.

**Прифаќање/одобрување:** овој чекор дава информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементацијата на планскиот документ.

**Мониторинг:** овој чекор опфаќа следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти во рана фаза за да им се овозможи на одговорните органи да преземат мерки за подобрување во текот на имплементацијата на планските документи.

## Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Целите на СОЖС се насочени кон интегрирање на заштитата на животната средина во процесот на планирање и донесување одлуки за политики, планови и програми, особено оние кои може да имаат значително влијание врз животната средина.

Главни цели на СОЖС се:

- Превенција на негативни влијанија врз животната средина
- Интеграција на животната средина во процесот на планирање
- Поддршка на одржлив развој
- Подобрување на транспарентноста и вклучувањето на јавноста
- Поддршка во процесот на правилно одлучување
- Идентификација и проценка на алтернативи
- Промовирање на квалитетна животна средина
- Обезбедување правна усогласеност

Специфичните цели на стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошката разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот.

Специфичните цели на СОЖС за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, Општина Гостивар се насочени кон:

- Проценка на потенцијалните влијанија врз животната средина
- Проценка на ризиците врз здравјето на населението
- Утврдување на мерки за заштита, превенција и намалување на влијанијата
- Разгледување на алтернативи за минимизирање на негативните влијанија
- Осигурување на усогласеност со релевантните законски и стратешки документи
- Поддршка на одрживото просторно планирање
- Обезбедување на транспарентност и вклученост на јавноста

## Придобивки од спроведување на СОЖС

СОЖС е еден од најважните инструменти за насочување на процесот на стратешко планирање кон целите за одржлив развој во различни области на човековата активност. Ова важи и за областа на управувањето со отпад. Со примена на СОЖС во планирањето на управувањето со отпад, може да се видат придобивките и последиците од предложените промени во просторот што ќе се појават за време на

имплементацијата на концептите за стратешко планирање и врз основа на тоа да се донесат соодветни одлуки почитувајќи го капацитетот на просторот каде што ќе се спроведуваат планираните активности.

Клучните придобивки од спроведувањето на СОЖС за УППГДЗ за регионалната депонија „Русино“ се:

- Рано препознавање на ризиците
- Информирано донесување одлуки
- Подобра усогласеност со законската рамка
- Минимизирање на еколошките и социјалните конфликти
- Одредување на еколошки и економски оддржливи решенија
- Заштита на јавниот интерес
- Поддршка на одржлив развој

Правна рамка со која се регулира СОЖС постапката

Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во поглавје X од Законот за животната средина, при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарство, енергетика, индустрија, рударство, транспорт, регионалниот развој, телекомуникациите, **управувањето со отпадот**, управувањето со водите, туризмот, просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, за националниот акционен план за животната средина и локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето;
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето;
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина;
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина;
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена.

При подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, земена е предвид и Директивата 2001/42/ЕС за оцена на влијанијата на одредени планови и програми врз животната средина, која е транспонирана во националното законодавство.

<u>Цел на извештајот за СОЖС и применета методологија</u>

Согласно член 3, точка 10 – управување со отпад, алинеја 7 – плански документи за депонирање, односно одлагање со депонирање од Уредбата за стратегии, планови и програми, вклучувајќи ги нивните промени, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар (плански период 2023-2033 година), е документ за кој задолжително се применува стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за СОЖС е изготвен врз основа на:

- Законот за животна средина (чл. 65–75)
- Директива 2001/42/ЕС на ЕУ за оценка на влијанијата врз животната средина од реализирање на стратегии, планови и програми
- Архуска конвенција за учество на јавноста во процесот на донесување на одлуки за прашања поврзани со животната средина

Извештајот е изработен во согласност со Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Целта на Извештајот за СОЖС е да се обезбеди систематска анализа на потенцијалните влијанија врз животната средина од реализацијата на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар (плански период 2023-2033 година). Преку оваа анализа се овозможува интегрирање на еколошките аспекти уште во раните фази на планирање, со што се:

- препознаваат ризиците и негативните влијанија;
- предлагаат алтернативи или мерки за ублажување;
- зголемува информираноста и учеството на јавноста;
- обезбедува усогласеност со националната и европската регулатива.

На овој начин, СОЖС придонесува за **одржлив развој, транспарентност и подобро управување со животната средина.**

Методологијата која се користеше при подготовка на Извештајот за СОЖС се базира на спроведување на истражувања, проценки и аналитички пристап кој се состоеше од неколку чекори:

➢ Дефинирање на опфат и цели на СОЖС

- Утврдување на границите на планскиот документ и целите на СОЖС.

- Определување на еколошки, социјални и економски параметри кои ќе се оценуваат.
- Идентификација на релевантни законски и стратешки документи (на национално, регионално и локално ниво).

➢ Собирање и анализа на постоечки податоци

- Анализа на постојната состојба на животната средина на планираната локација (почва, вода, воздух, биодиверзитет, заштитени подрачја, население, природно и културно наследство).
- Идентификација на чувствителни зони и потенцијални конфликти.
- Идентификација и проценка на потенцијални влијанија
- Проценка на директни, индиректни, кумулативни, краткорочни и долгорочни влијанија од спроведување на урбанистичкиот план.
- Фокус на влијанија од изградба и функционирање на депонијата врз: квалитетот на воздух и вода; загадување на почвата; јавното здравје; биодиверзитетот; пределски карактеристики.

➢ Разгледување на алтернативи

- Вклучува споредбена анализа на: алтернативни локации; технички решенија; пристапна или постоечка инфраструктура.
- Оценка на секоја алтернатива според еколошка, економска и социјална одржливост.

➢ Предлог на мерки за заштита, намалување и ублажување на влијанијата

- Технички и плански мерки за: спречување на загадување; зафаќање на исцедок и депониски гас; контрола на миризба, бучава и прашина; заштита на извори на вода и биодиверзитет,
- Мониторинг и ревизија во текот на реализацијата.

➢ Проценка на можности за мониторинг

- Дефинирање на индикатори за следење на влијанијата и ефикасноста на предложените мерки.
- Подготовка на План за периодично известување.

➢ Јавна консултација и вклучување на засегнати страни

- Организирање јавна расправа и собирање на мислења од јавноста, граѓанските организации, институции и сите засегнати страни кои се идентификувани во Планот за вклучување на засегнатите страни за регионална санитарна депонија Русино.
- Изготвување на извештај од консултации со јавноста, со записник од одржаната јавна расправа, листа на заинтересирани страни кои дале коментари, како и листа на

одговори и негово споделување на веб страницата на органот кој го изготвува планскиот документ;

- Интегрирање на добиените мислења од јавноста во финалната верзија на СОЖС.

➢ Изработка на финален извештај за СОЖС за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година

- Сумирање на резултатите од анализите и консултациите.
- Формулирање на заклучоци и препораки.
- Доставување до надлежните органи (Министерство за животна средина и просторно планирање) за одобрување, односно добивање на мислење за спроведување или неспроведување на планскиот документ

## 12.3. Резиме/краток преглед на содржината на УППГДЗ

УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, за плански период 2023-2033 година е изработен од страна на Агенцијата за планирање на просторот во ноември 2024 год., а нарачатели се Министерството за транспорт и Министерството за животна средина и просторно планирање. Изработен е врз основа на Физибилити Студија за управување со цврст отпад во Полошкиот регион, Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска посглога, Хидролошка Студија – анализа на еден и 24-часовни интензитети на врнежи и нивно влијание врз Регионалната депонија Русино, во катастарска парцела КП бр. 679/3, во имотен лист ИЛ бр. 9, КО Сушица 1, Општина Гостивар.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар содржи: Документациона основа со текстуален и графички дел и Планска документација со текстуален, нумерички и графички дел.

<u>Главни цели на УППГДЗ за регионална депонија “Русино“</u>

Главната цел е да овозможи создавање на услови за реализација на регионална депонија „Русино“. Урбанистичкиот план треба да ги објективизира тенденциите на просторниот развој на предложената локација од аспект на правната, општествената, економската, еколошката и просторно-планерската оправданост за реализација, а кои претходно се анализирани и дефинирани во Физибилити студијата за управување со цврст отпад во Полошкиот плански регион.

Целта на урбанистичкиот план е да ги дефинира правилата во вид на плански одредби, кои ќе се однесуваат на изработката на проектните документации и изградбата на комплексот со градби кои во иднина ќе се користат и ќе бидат во функција на регионалната депонија Русино.

Планскиот период кој е предвиден е период од 10 години, 2023-2033 година, кој период практично е предвиден и како животен век на регионалната депонија. Една од целите е

да се создадат санитарни и безбедни услови за привремено и времено ограничено користење на Русино како санитарна депонија за Полошкиот регион, а по завршување на овој период и нејзино прописно затворање.

Комплексот ќе биде испланиран согласно потребните програмски содржини за непречено функционирање и работа на вработениот персонал во просторот и градбите. На овој начин ќе се овозможи подобрување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на услугите кои придонесуваат за минимизирање на негативните ефекти предизвикани од генерирање и управување со отпад врз здравјето на луѓето и животната средина.

<u>Граници на планскиот опфат</u>

Планскиот опфат за реализација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“ се наоѓа во Општина Гостивар, поточно ја зафаќа катастарската општина КО Сушица 1 и зафаќа вкупна површина од 15.364 хектари.

Границата на планскиот опфат е дефинирана по следните оски:

- Од север минува низ катастарските парцели: КП бр. 709, КП бр. 713/1, КП бр. 704 и КП 706, КО Сушица 1;
- Од источната страна ги сече катастарските парцели: КП бр. 706, КП бр. 708, КП бр. 707, КП бр. 710, КП бр. 679/3, КП бр. 678/1, КО Сушица 1;
- Од јужната страна минува низ катастарските парцели: КП бр. 679/3, КП бр. 710, КП бр. 707, КП бр. 721, КП бр. 678/1, КП бр. 718, КО Сушица 1;
- Од запад минува по границата на КП бр. 718, КП бр. 707, КП бр. 709, КО Сушица 1;

Во планскиот опфат влегуваат следните катастарски парцели и тоа: КП бр. 716, КП бр. 717, КП бр. 719, КП бр. 712/1, КП бр. 712/2, КП бр. 720, дел од КП бр. 718, дел од КП бр. 678/1, дел од КП бр. 721, дел од КП бр. 707, дел од КП бр. 710, дел од КП 679/3, дел од КП бр. 708, дел од КП бр. 706, дел од КП бр. 704, дел од 713/1, дел од 713/2, дел од КП бр. 709, КО Сушица 1, Општина Гостивар.

<u>Наменска употреба на земјиштето</u>

Со Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, планирана е 1 (една) градежна парцела (1.1) со површина од 15,106 ha (151059.5068 $m^2$). Површината за градење во рамки на оваа парцела е 11,194 ha (111943.5238 $m^2$). Висината на градбите, односно на завршниот венец на градбите може да биде 10 m’, додека бројот на катови е П (приземје).

Во рамките на планскиот опфат потребно е да се предвидат површини со класа на намена Д2, при што минималната застапеност треба да изнесува 20% од површината на парцелата под која не се планира градба. Дополнително, долж оградата на депонијата потребно е да се предвиди и заштитен појас со високо зеленило за да се спречи визуелен контакт и пристап кон депонијата. Овој заштитен појас ќе биде предмет на посебен проект за хортикултурно уредување.

Градежната парцела ГП 1.01 се предвидува да биде оградена со транспарентна ограда со вкупна висина од 1.20 m до 2.00 m со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0.40 m до 0.80 m во согласност со стандардите и нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање.

Сегашна состојба на предметниот простор

Во рамки на планскиот опфат е постоечката регионална депонија „Русино“ и во комплексот инвентаризирани се објекти кои согласно Правилникот за урбанистичко планирање се класифицирани како Помошни и времени градби (монтажни бараки): времен монтажен објект – администрација со дрвена конструкција, со катност приземје, во лоша состојба со површина од 106 $m^2$, пријавница – монтажен објект со челична конструкција, со катност приземје, во лоша состојба со површина од 10 $m^2$ и вага – челична монтажна – во средна состојба со површина од 71 $m^2$.

Сообраќајна инфраструктура

Регионалната депонија „Русино“ е поврзана на локалната патна мрежа преку главен локален пат Гостивар – с. Горна Бањица – с. Сушица – Депонија „Русино“. Трасата на возилата за превоз на отпад оди низ улиците во Гостивар и Горна Бањица, патот М4 К4, доаѓајќи до крстосницата на селото Митрој Крсти и селото Сушица / Русино. Оваа раскрсница е во подрачјето на фабриката Микро калцит, а растојанието до депонијата е 5 km.

Во 2019 и 2020/21 година беше реновиран патот до Сушица. По должината на патот, постои жичана ограда за да се спречи фрлање отпад во коритото на реката Сушица.

Водостопанска инфраструктура

Во границите на планскиот опфат нема изградена инфраструктура за водоснабдување и одведување на отпадните води (фекална и атмосферска канализација), нити пак системи за наводнување и/или одводнување на обработливи површини. Во границите на планскиот опфат се наоѓа Сушичка река која треба да се третира во согласност со Законот за водите, а исто така предметната локација се наоѓа во третата заштитна зона на Вруток, за што е потребно да се превземат сите неопходни мерки предвидени со Одлуката.

Електроенергетска, електро-комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

Во границите на планскиот опфат не постојат инсталации во сопственост на АД МЕПСО и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, но при реализација на УППГДЗ задолжително треба да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно мрежните правила за дистрибуција на електричната енергија.

Во границите на планскиот опфат, за постојна телефонска мрежа, евидентирано е дека не постојат инсталации во сопственост на Македонски Телеком АД Скопје.

Постојни споменички целини, културно наследство и заштитени природни подрачја

Во рамки на планскиот опфат се наоѓа археолошко наоѓалиште „Русино“ (средновековна црква и некропола) – добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство. Од страна на НУ Национален конзерваторски центар Скопје извршен е увид на терен каде е констатирано постоењето на археолошкото наоѓалиште „Русино“, кое е лоцирано во северниот и северозападниот дел на планскиот опфат. Проценето е дека при вршење на земјени и градежни работи при имплементација на УППГДЗ за регионална депонија Русино овој локалитет може да биде загрозен па затоа е потребно задолжително присуство на овластен археолог-конзерватор и примена на мерки за заштита на културното наследство предвидени во Законот за заштита на културното наследство.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот План на Република Македонија, на предметниот простор на кој се предвидува изградба на регионална депонија, КО Сушица 1, Општина Гостивар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

<u>Анализа на можности за просторен развој</u>

Во рамки на документационата основа на УППГДЗ за потребите на регионалната депонија „Русино“ изработена е и анализа на можности за просторен развој, која покажува дека на предметниот плански опфат постои изграден градежен фонд од времен карактер, не е изградена комунална супраструктура и инфраструктура, така што УППГДЗ за регионалната депонија „Русино“, предвидува плански концепт кој максимално ќе ги почитува просторните природни и создадени услови и ќе овозможи просторен развој за многу повисоко ниво на услуги, кој треба да биде базиран врз: приоритети и потреби, корелативни меѓусебни условенсти, комплементарност и економска исплатливост.

При дефинирање на планскиот концепт, треба да се земат предвид следните критериуми:

- Дефинирање на сообраќајната мрежа во посебни релјефни услови за потребите на висококвалитетен флексибилен простор, односно поврзаност со сите делови на државата преку системот на регионални и магистрални пати правци;
- Условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап;
- Условување на пешачкото движење во функција на лица со посебни потреби, без бариери;
- Задоволување на потребите од водоснабдувањето, односно поврзување на водоснабдителниот систем (санитарна вода) и можност за обезбедување на техничка вода (за противпожар и за наводнување) преку соодветна инфраструктурна мрежа;
- Прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку соодветна инфраструктурна мрежа;
- Можност за поврзување на инфраструктурните водови за снабдување со електроенергија и телекомуникации.

За потребите на проектот „Управување со цврст отпад во Полошкиот регион, Северна Македонија, Фаза I“, изработена е Студија за оценка на влијание врз животната средина и социјалните аспекти за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар (2021 год.), каде е опфатена и планираната инфраструктура (постоечката инфраструктура и објекти се во лоша состојба и е потребно нивно реконструирање или заемена со нови) за создавање на санитарни и безбедни услови за времено ограничено користење на Русино како санитарна депонија за Полошкиот региони.

Инфраструктурата за целата депонија е поделена на влезна (контролна) област и инфраструктурна област.

Влезната област вклучува изградба на:

- рампа со влезна зграда (контролна зграда) за проверка на отпад, регистрација и безбедност на локацијата.
- вага со должина од 18 m, што овозможува максимално оптоварување од 60 Mg (вклучувајќи и достава на податоци до канцеларијата за регистрација на отпад во влезната зграда) и
- единица за чистење на тркала на камиони што ја напуштаат депонијата (чистење со вода).

Инфраструктурната област вклучува изградба на:

- административна (оперативна) зграда, вклучувајќи санитарни јазли и метеоролошка станица,
- паркинг простор за вработените во депонијата (близу административната зграда),
- зграда за одржување што служи исто така како засолниште за целата механизација што ќе се користи на депонијата,
- област за проверка на отпад, за контејнери и јавна површина,
- контролна комора за собраниот исцедок,
- резервоар за исцедок и пречистителна станица за третман на исцедок, и
- гасна (компресорска) станица, факел и доволен простор за останати блок станици за електрична енергија

Административната зграда е предвидена како приземен објект со површина од 156 m и ќе се состои од: две канцеларии; сала за состаноци; лабораторија; машки и женски тоалети, вклучително и за лица со посебни потреби; соблекувални со оддел за туширање; санитарна просторија и кујна со просторија за одмор на вработените.

<u>Работилница и гаража (зграда за одржување на возила)</u>

Вкупната површина на работилницата и гаражата е 156 m² и ќе служи како засолниште за целата механизација што треба да се користи на депонијата (освен компакторот на депонијата). Во рамки на оваа зграда предвидени се: просторија за складирање, тоалет и одвоена работна просторија. Бидејќи ќе има поправки на возилата во внатрешноста на зградата, во подот на овие простории ќе бидат поставени отвори за чистење. За да се избегне директен проток на водата за чистење со масло, а сепаратор за масло ќе има помеѓу отворите и септичката јама.

<u>Патишта и други поплочени делови</u>

Патот во рамките на депонијата ќе се подобри, на истата траса како и постојната. Ќе има коловоз со асфалтирана површина од 6 m, со неопходни падови за одводнување и придружни помошни делови. Асфалтираните области, како што се паркинг и пешачки патеки ќе бидат од бетонски поплочни елементи од набиен песок.

Областа за контрола на отпад ќе се наоѓа во инфраструктурната област (најмалку 300 m²), која ќе служи за идентификување на отпадот што доаѓа до депонијата, со цел да се провери, да се контролира изворот, како и да се сегрегира и да се ограничи доаѓање на недефиниран отпад на депонијата.

Покрај инспекцијата на отпадот, ќе бидат изградени и други две бетонски поплочени области (контејнер и јавна површина), како и подконструкција со заштита од мрзнење.

Привремено користените улици и патишта ќе бидат поплочени со слој од песок (патишта во депонијата и - после исполна – врз површинскиот слој, таканаречена работна патека).

Планирани се 13 паркинг места, од кои 10 паркинг места се наменети за вработените на депонијата, 1 паркинг место наменето за инвалиди и 2 паркинг места наменети за камионите во функција на депонијата, кои ќе се разработат со проектна документација.

<u>Уред за чистење тркала</u>

На излезната патека на возилата ќе се инсталира уред за чистење тркала. Предвидена е едноставна единица за чистење тркала за возила што ја напуштаат депонијата. Чистењето на тркалата ќе се врши со возење низ единицата исполнета со вода.

Единицата за чистење ќе се состои од бетон со хоризонтална челична решетка во бетонската конструкција. Празнењето ќе биде со пумпа и гребење со утоварувач.

<u>Ограда</u>

Депонијата ќе има рампа за да се спречи неконтролиран пристап на камиони до локацијата. Помеѓу влезниот дел и депонијата ќе се изведе влезната зона (контролна зграда) и инфраструктурна област (згради, контејнери и сл.).

Целата депонија (ќелиите за отстранување на отпадот, влез и инфраструктуна област) ќе биде оградена со ограда, во должина од околу 1.4 m. Оградата ќе има висина од 2.0 m и ќе биде изградена од бетонски столбови и жичана ограда.

## Опрема

За секојдневното работење и оперативност на регионалната депонија „Русино“, ќе се користи следната мобилна опрема:

- Компактор со челични тркала и булдожер кои ќе се користат за набивање на отпад и земјени работи;
- Багерот ќе се користи за различни активности за товарење поврзани со работата на депонијата.
- Пикап камион ќе се користи за превоз на персонал и опрема, а ќе има и кипер камион и цистерна со вода.

## Водоснабдување и одведување на отпадни води

Депонијата е лоцирана на место каде што не е достапна водоводна мрежа, поради што потребната вода ќе се обезбеди преку експлоатација на подземни води со помош на бунар. Во бунарската бушотина ќе биде инсталирана потопна бунарска пумпа.

Дневната количина на вода за пиење ќе се движи во просек од околу 1,0 $m^3$ (околу 80 литри на лице/на ден). Во близина на административната зграда ќе има септичка јама, резервоар за гориво и генератор. Ќе биде инсталиран (вкопан) полиетиленски водонепропусен резервоар со капацитет од 2.000 l за непречено снабдување на објектите со санитарна и питка вода.

За собирање и одведување на отпадните води од санитарните јазли од објектите, предвидена е канализација за фекални отпадни води, која ќе заврши со септичка јама. Септичката јама ќе биде водонепропусна со капацитет од 16.000 l. Решението за третман на отпадни комунални води треба да ги исполни пропишаните гранични вредности за испуштање на третирани отпадни води во реципиент.

Санитарната топла вода ќе биде обезбедена преку систем со соларна енергија, поставен на кровот од административниот објект. Соларниот систем ќе биде опремен со сета потребна опрема за негово соодветно функционирање, која опфаќа и циркулациона пумпа, сет за управување, вентили и останата опрема.

За константно и непречено снабдување на објектите со хидрантска вода за потребите за гаснење на евентуално избиен пожар, ќе биде инсталиран полиетиленски водонепропусен резервоар со капацитет од 21.000 l, кој ќе биде вкопан и ќе се полни со дождовна вода.

## Снабдување со електрична енергија

Објектите ќе се снабдуваат со електрична енергија преку новопредвидената трансформаторска станица 20/0.4KV 250KVA, со вклучена средно напонска постројка, ниско напонски табли, трансформатор, кабелски врски и заземјување. Во случај на пад на мрежата, како резервно напојување ќе се користи дизел електричен генератор од

125KVA, поставен веднаш до трафостаницата. Истиот ќе биде опремен со вграден резервоар со капацитет од 700 литри, за 8h-непрекинато напојување.

**Греење и ладење**

За греење и ладење на објектите ќе биде инсталиран VRF систем со директна експанзија. Ќе биде инсталирана една надворешна централна единица, поставена на плато позади објектот.

**Вентилација**

Во лабораторијата ќе биде инсталиран систем за вентилација, составен од вентилациона хауба која ќе биде поставена над работната маса, и лимен канал за ветилација кој ќе биде поврзан со надворешниот ѕид.

**Видео надзор**

Камери за видео надзор ќе бидат инсталирани на влезот и на административната зграда. Тие ќе бидат интегрирани во системот за набљудување во реално време и ќе имаат можност за снимање од една недела.

## 12.4. Релевантни аспекти за моменталната состојба во животната средина

Во ова поглавје е даден приказ на релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина на локално ниво, на територијата на Општина Гостивар, од аспект на демографска состојба, економски развој, туризам, здравје на население, квалитет на воздухот и климатски карактеристики, квалитет на водите, квалитет на почвата, шуми и шумско земјиште, биолошка разновидност и природно наследство, културното наследство и состојба со материјалните добра (водоснабдување, управување со отпадни води, управување со отпад и патна мрежа).

## 12.5. Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати во отсуство на имплементација на УП

Во ова поглавје во Извештајот е даден приказ на состојбите, трендовите и заканите врз населението, здравјето на населението, воздухот и климатските промени, води, почви, биолошката разновидност и природно наследство, културно наследство, материјалните добра, како и состојба без имплементација и со имплементација на УП.

## 12.6. Области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите

**Емералд подрачја**

Република Северна Македонија иницираше развој на мрежата ЕМЕРАЛД во 2002 година, со цел промовирање на европски широк систем на заштитени подрачја. Овие Емералд подрачја сè уште не се официјално одобрени од Советот на Европа и македонското законодавство сè уште не ги вклучило обврските што произлегуваат од член 6.4 од

Директивата за живеалишта 92/43 / ЕЗ во однос на проценката на плановите и проектите што значително влијаат на Натура 2000 подрачјата.

Во Полошкиот плански регион има две подрачја врз кои проектот може да има влијание:

- Шар Планина, зафаќајќи го северозападниот дел на земјата, на границата со Косово. Површина: 46.980 ha. Локалитетот се наоѓа на 5,40 km северо-западно од локацијата на проектот.
- Маврово, зафаќајќи го западниот дел на земјата, на границата со Албанија. Површина: 73.088 ha. Локалитетот се наоѓа на 4,9 km западно од локацијата на проектот.

Двете локации се назначени како области важни за птици, други видови и / или живеалишта, кои сè уште не се официјално одобрени од Советот на Европа.

<u>**Значајни подрачја за птици (ЗПП)**</u>

Значајните подрачја за птици се области каде што е присутен значителен дел од популацијата на еден или повеќе видови птици кои се сметаат за приоритетни од страна на организацијата BirdLife. Македонската ЗПП листа брои 24 подрачја, опфаќа 6.907 $km^2$ или 26,9% од целата територија на земјата.

Идентификувани се 2 ЗПП: Шар Планина и клисурата на реката Радика и тие се далеку од областа на коридорот на депонијата.

- ЗПП Шар Планина, е едно од петте најважни места за златниот орел и големиот ушест був во земјава, а некои видови кои се ограничени на алпскиот биом на Балканскиот Полуостров, како што се галицата и ушестата чучурлига. До сега се најдени околу 130 вида, што значи дека областа не е добро истражена. Локалитетот се наоѓа 5,40 km северо-западно од локацијата на проектот.
- ЗПП Кораб и Клисура на Радика, Биогеографски и еколошки, локацијата е скоро идентична со ЗПП Шар Планина а списокот на регистрирани видови птици изнесува над 140 видови. Зачудувачки видови се Златниот орел и големиот ушест був, но на локацијата се наоѓаат интернационално значајни популации на еребицата камењарка, дрозд, додека ветрушката, галицата и ушестата чучурлига веројатно се присутни со важни популации. Исто така, познато е дека тука се јавува и црниот мршојадец, брадест мршојадец, негнездечкиот белоглав мршојадец. Локалитетот се наоѓа 4,90 km западно од локацијата на проектот.

<u>**Значајни растителни подрачја (ЗРП)**</u>

Означувањето на ЗРП е иницијатива на Plantlife International за идентификација на области важни за разновидноста на дивите растенија засновани на присуство на загрозени растителни видови, загрозени живеалишта и богатство на видови. Постојат три идентификувани ЗРП во областа, Шар Планина, Маврово и Буковиќ - Стража и тие не се пресекуваат со областа на коридорот на депонијата.

- Најблиското ЗРП Буковиќ – Стража се наоѓа на околу 1,15 km јужно од трасата на Проектот. Вклучува важни живеалишта на европско ниво, во согласност со Класификацијата EUNIS. Исто така, постојат три важни растителни видови кои задоволуваат критериум А (iv): Solenanthus scardicus, Centaurea grbavacensis и Erodium guicciardii.
- ЗРП Шар Планина се преклопува со ЗПП Шар Планина. Вклучува важни живеалишта на европско ниво, во согласност со Класификацијата EUNIS. Исто така, постојат 24 важни растителни видови кои ги исполнуваат критериумите А (i, ii, iii и iv). Критериумот А (i) задоволува еден вид (Ranunculus degenii), А (ii) еден вид (Ramonda serbica), А (iii) задоволува два вида (Alkanna nonneiformis и Silene schmuckeri), додека критериумот А (iv) ги задоволува останатите 20 видови. Локалитетот се наоѓа на 5,40 km северозападно од локацијата на депонијата.
- ЗРП Маврово вклучува важни живеалишта на европско ниво, во согласност со Класификација на EUNIS. Исто така, постојат единаесет важни растителни видови кои ги исполнуваат критериумите А (ii, iii и iv): Campanula abietina, Ramonda serbica, Alkanna nonneiformis, Acer heldreichii subsp. visiani, Colchicum pieperanum, Lilium albanicum, Oxytropis purpurea, Sempervivum kosaninii, Sideritis scardica, Solenanthus scardicus и Trifolium pilczii. Локалитетот се наоѓа на 5,70 km западно од локацијата на Проектот.

## 12.7. Цели за заштита на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво

Генерални цели на заштита на животната средина на планскиот опфат за реализација на УППГДЗ за регионалната депонија Русино се:

- Воспоставување на санитарни и безбедни услови за прописно одлагање на цврстиот комунален отпад од територијата на Полошкиот плански регион
- Отстранување на ЦКО во согласност со законската регулатива и на начин што е прифатлив за животната средина;
- Спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина (водата, воздухот, почвата), животот и здравјето на луѓето;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот (од опожарување на депонијата) и намалување на емисиите на депониски гас метан;
- Заштита на површинските и подземни водни тела и примена на мерките за заштита кои се предвидени во Одлуките за определување на заштитни зони на изворот Рашче и водозафатниот објект Вруток;

- Воспоставување на третман на отпадните комунални води кои потекнуваат од депонијата (исцедок, атмосферски води и санитарни води) до квалитет кој е прифатлив за класата на реципиентот каде ќе се испуштаат;
- Рационално и одржливо користење на природните богатства, одржување на постоечкиот биодиверзитет и избегнување на неповратни загуби (при изградба на пропратните содржини на депонијата);
- Навремено информање на јавноста за донесување на одлуки за прашања поврзани со управувањето со животната средина и можности за учество на јавноста во донесување на одлуки;
- Зајакнување на капацитетите на локалните власти (локална самоуправа, јавно комунално претпријатие) за донесување на одлуки, планирање и спроведување на законската регулатива во сите елементи на животната средина;

Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина (Цели на СОЖС) се идентификувани врз основа на анализа на проблемите со животната средина во планскиот опфат и околината и идентификација на најосетливите елементи на животната средина врз кои се чувствува најголем притисок и кои би биле најпогодени од реализацијата на планскиот документ.

Целите на стратегиската оцена на животната средина се претставени преку статусот на медиумите и областите на животната средина, односно на: населението и здравјето, биолошката разновидност, водата, почвата, воздухот и климатските промени, пределот, културно наследство, материјалните добра и интеракцијата помеѓу нив.

## 12.8. Идентификација на значајни влијанија врз животната средина

Во ова поглавје се разгледани генералните општите влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето од реализација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар за плански период 2023-2033 година.

На планскиот опфат веќе постои нестандардна депонија (ѓубриште) „Русино“ од поголем размер, која функционира од 2005 година и претсатвува предизвик за здравјето на локалното население и животната средина, па реализацијата на овој УППГДЗ се очекува да има значителни позитивни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето со создавање на санитарни и безбедни услови за времено депонирање на цврстиот комунален отпад од општините кои гравитираат во Полошкиот плански регион.

Од друга страна пак треба да се земе предвид дека УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ е временски ограничен, од 2023 – 2033 година и дека воспоставувањето на оваа депонија е времено решение. Според проектот за депонијата, на локацијата Русино на располагање е простор за вкупно количество на отпад од околу 1.050.000 $m^3$. Следствено, животниот век на депонијата Русино ќе биде вкупно 10 години. Животниот век на

поединечните ќелии ќе биде: Ќелија 1: Животен век 5.5 години (од 2023 год. до средина на 2028 год.) и Ќелија 2: Животен век 4.5 години (од средина на 2028 год. до крај на 2032 год). По истекот на овој период предвидено е оваа локација да биде санирана, односно затворена прописно.

Во овој Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период 2023-2033 година, ќе бидат разгледани општите влијанија на ниво на планска документација и ќе бидат предвидени превентивни мерки за намалување на идентификуваните влијанија во текот на временскиот период за кој е предвидена реализацијата на овој УППГДЗ.

Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче од кој се водоснабдува Градот Скопје и селата во Скопскиот плански регион. Во оваа зона мора да се почитуваат условите за заштита дефинирани со „Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита (Сл. Весник на РМ, бр. 36/90).

Регионалната депонија се наоѓа во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“. Во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“ врз основа на „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“, се дефинирани активности за кои е дозволено да се изведуваат во рамки на зоната.

Очекувани негативни влијанија врз здравјето на луѓето и животната средина од реализација на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, се:

- Негативни влијанија во фазата на изградба, како на пр. емисии на штетни материи во воздухот, емисии во површинските и подземните водни тела (во близина на локацијата се наоѓа Сушичка Река, а планскиот опфат се наоѓа во третата заштитна зона - зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче и третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“, штетни влијанија врз почвата и врз флората и фауната, зголемено ниво на бучава, создавање на градежен шут и отпад, влијанија врз културно наследство и архехеолошките наоѓалишта во близина на локацијата и сл.
- Негативни влијанија во фазата на експлоатација, како на пр. нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации, несоодветно управување со отпадот и сл.

За планскиот опфат не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на  градба, ниту во фазата на експлоатација поради доволната оддалеченост на опфатот од границата на Р. Северна Македонија.

## 12.9. Анализа на алтернативи

Постапката за СОЖС предвидува разгледување и споредба на понудени на едно или повеќе алтернативни решенија на планскиот документ, врз основа на анализа на низа од критериуми, вклучувајќи ги тука и предвидените влијанија врз животната средина, но и економските и општествените аспекти, за да се избере соодветно решение кое ќе ги задоволи социолошките и економските потреби, но без да предизвика значителни негативни влијанија врз животната средина.

Во Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар, која е изработена во 2021 година разгледани се неколку алтернативни решенија, кои накратко се објаснети и во овој Извештај.

Алтернатива: Итно подобрување на Русино со брзи мерки

Со цел итно подобрувањето на состојбата со депонијата Русино и нејзино користење, да се спроведат брзи мерки што треба да обезбедат итна контрола на влијанијата од Русино, пред да се превземат целосни инженерски мерки за обезбедување на санитарни услови на депонирање.

Брзите мерки опфаќаат: поставување на вага, со цел контрола на цврстиот отпад што се носи за депонирање; изградба на соодветен насип, со цел да се спречи испуштање на води, исцедок кон северната долина; изработка на шанец, со цел да се спречи доток на атмосферски води од север кон телото на отпадот и изградба на резервоар за исцедок и собирна шахта, како и пумпање на исцедокот назад во самото тело на отпадот.

Алтернатива: Изнаоѓање на нова локација за депонирање на комунален отпад

Процесот за избор на нова локација е многу долг и сложен и опфаќа спроведување на аналзи, теренски увид, консултации со засегнати страни, и изработка на обемна техничка документација. Во 2008 година врз основа на пред-физибилити проценка на опциите за основање на интегриран систем за управување со цврст отпад во Полошкиот регион, од страна на општините биле предложени 8 локации за можна идна регионална депонија Матов Рид (Јегуновце), Марков Рид (Желино), Краста 1 и 2, (Брвеница), Долна Лешица и Еребино (Желино), Русино (Гостивар), Сушички мост (Гостивар), депонијата во Врапчиште и депонијата во Боговиње. На основ на теренски посети и хидрогеолошки информации направена е основна проценка, како резултат на што три локации отпаднале: Марков Рид (Желино), Краста 1 и 2, (Брвеница), Долна Лешица (Желино). Останатите биле детално разледани поеделни на неколку алтернативи (комбинации на локации), преку анализа на геолошки и хидрогеолошки, хидролошки карактеристики, можен волумен на прифаќање,

локација и топографија, сопственост на земјиште, пристап до локација, инфраструктура, потреби и трошоци за подобрување на основата на депонијата итн.

Заклучок на овие истражувања е дека Русино е најповолна локација за централна (регионална) депонија за Полог.

Алтернатива: Затворање на Русино

Оваа алтернатива подразбира целосно затворање на нестандардната депонија Русино и нејзино запечатување согласно националните стандарди.

Трошоците за целосно затворање (без можност за нејзино идно краткорочно користење) се пресметани околу 1 милион евра.

Освен прописно затворање на локација, со цел да не претставува опасност за животната средина понатаму, оваа алтернатива подразбира и постоење на друга локација за одложување на отпад која би била достапна за околното население. Доколку се изврши само затворање, без да има обезбедено нова/друга локација за депонирање, отпадот би завршил непрописно оставен (расфрлан) на повеќе места низ општината/регионот притоа предизвикувајќи уште поголеми загадувања и притисоци врз животната средина.

Алтернатива: Релокација на Русино

Активностите за дислокација на ѓубришта се предвидени за мали локации со одложен отпад до 3000 $m^3$ и тоа во услови кога во непосредна близина се наоѓа депонија што поседува дозволи и стандарди за прием на таков отпад. Во Полошкиот регион нема таква депонија, ниту пак има определено локација што би можела да послужи за таа намена.

Најблиската локација до која би се транспортирал отпадот од Русино е депонијата Дрисла во Скопскиот регион.

Со оглед на тоа дека се работи за депонија чија површина е проценета на 80.000 $m^2$ со одложен отпад чија висина варира од 2-8 метри, проценката за одложена количина е повеќе од 650.000 $m^3$ мешан отпад во периодот до 2020 година.

Според овие проценки варијантата за дислоцирање на отпадот од Русино, не е оправдана ниту економски, ниту од социјален аспект, ниту пак е опција која што претставува отстранување на отпадот со најмали влијанија врз животната средина.

Согласно Експертскиот елаборат за цврстиот отпад во Р. Северна Македонија изработен за потребите на Просторниот план на Р. Северна Македонија, локацијата е поволна доколку се наоѓа на растојание од 2 km од помали населени места, односно 2,5 km од погусто населени места и рекреативни центри, во насока на избегнување на негативните влијанија кои депонијата би можела да ги има врз луѓето кои живеат, односно престојуваат во нив.

Според проектот за депонијата, на локацијата Русино на располагање е простор за вкупно количество на отпад од околу 1.050.000 $m^3$. Следствено, животниот век на депонијата Русино ќе биде вкупно 10 години. Животниот век на поединечните ќелии ќе биде:

- Ќелија 1: Животен век 5.5 години (од 2023 – средина 2028) и
- Ќелија 2: Животен век 4.5 години (од средина 2028 –2032)

Ситуацијата не е јасна, ниту малку лесна за да се одбере најсоодветна алтернатива во услови кога состојбата со постоечката локација Русино е многу сериозна од аспект на загрозување на животната средина и здравјето на луѓето, па според тоа е дадена предност (во Студијата за ОВЖС), но и во овој Извештај за стратегиска оцена на животната средина за реализација на УППГДЗ, да моменталната локација биде уредена согласно законската регулатива и да се обезбедат санитарни и безбедни услови за привремено и времено ограничено користење на Русино како санитарна депонија, а по тој период од 10 години (2023-2032) да следи нејзино прописно затворање.

На овој начин, со оваа опција од една страна ќе се обезбеди времено решение за санитарно и безбедно депонирање на отпад, преку рационално користење на земјиштето (постоечката депонија ќе се надгради), постоечкиот пристапен пат ќе се користи и сл., а од друга страна би се ставила силна контрола и заштита на влијанијата што досега биле поврзани со Русино, а во исто време би се обезбедила гаранција за прописно затворање на Русино.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар ги зема во предвид понудените алтернативи, избраната алтернатива, но ја разгледува и опцијата за (не)спроведувањето на планските решенија во УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ (“business as usual scenario”- да се продолжи како што е моменталната состојба.

<u>Алтернатива 0: Состојба без имплементација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар</u>

Загадувањето на животната средина предизвикува огромни ризици по здравјето и животот на луѓето. Овие негативни ефекти резултираат со големи суми на пари за здравствени услуги, штети на целата животна средина и економијата. Инвестициите во намалување на загадувањето на животната средина резултираат со заштеда на овие трошоци и на тој начин може да се квантифицираат економските заштеди од овие инвестиции.

Соодветното собирање, транспорт и конечно одлагање на отпадот може да доведе до значителни еколошки и здравствени придобивки, кои се рефлектираат со заштеда и намалување на трошоците што секако би настанале доколку одредени мерки, или во овој случај планот, нема да се реализираат.

„Трошоците“ за нереализирање на проектот може да се класифицираат во три групи:

- Негативни ефекти врз здравјето на луѓето поврзани со неквалитетна услуга за постапување со отпад/мириза, заразни болести и сл;

- Негативни влијанија врз животната средина поради деградација на почватам водите и шумските екосистеми;
- Потенцијални негативни ефекти врз оние стопански/бизнис активности поради нередовно и несоодветно превземање на отпадот.

Негативните ефекти врз здравјето на луѓето се рефлектираат преку:

- Зголемен ризик од заразни болести поради нередовно и нессодветно превземање и одлагање на отпадот;
- Влошено здравје на работниците поради лошата состојба и хигиенските услови на самата локација и ризик по здравје за сите директно засегнати со локацијата,
- Ризик по здравјето на работниците од директни влијанија што произлегуваат од Русино (исцедок и загадување на почви, површински и подземни води, емисии од неправилно депонирање и од горење),
- Зголемен ризик од болести поради загадување на почва и води, а преку тоа контаминација на води и земјоделски производи.
- Лош квалитет на воздух и вдишување на отровни гасови поради честите опожарувања на ѓубрето на локацијата Русино
- Зголемено оптоварување на здравствената заштита

Негативните ефекти врз социјалните аспекти на луѓето се рефлектираат преку:

- Недостиг на човечки (обучени работници) и технички капацитети (опрема) за управување со санитарна депонија за комунален отпад,
- Ниска јавна свест за правилно и санитарно депонирање на отпад, воспоставување на санитарна депонија и позитивните ефекти поврзани со тоа,

Негативните ефекти врз животната средина се манифестираат преку:

- Продолжување на тенденцијата со нарушување на состојбата со квалитетот на животната средина и здравјето на населението;
- Непостоење на соодветни и воопшто решенија за постапување со отпадот
- Состојбата ќе остане иста или ќе се влоши, односно ќе продолжат проблемите поврзани со депонирање на отпадот на моменталната локација,
- Расфрлан отпад, мали и поголеми купови ѓубришта по целата површина на локацијата Русино;
- Непостоење на санитарни и безбедни услови за депонирање на цврстиот комунален отпад;
- Деградирани екосистеми, шумски и земјоделски земјишта;

- Ширење на непријатни миризби од неконтролираното распаѓање на отпадот и отровни гасови при горење на депонијата;
- Зголемени емисии на стакленички гасови од неконтролираното распаѓање на отпадот;
- Ризик од пожари поради неправилно депонирање – често пати ѓубриштето се самозапалува, а често пати и намерно се пали како начин за намалување на количините депониран отпад и ослободување место за депонирање на нови колични;
- Неконтролирано истекување на депонски исцедок во пошироката околина и загадување на почви, површински и подземни води, поради што доаѓа до контаминации на земјоделски површини и земјоделските производи;

Негативните ефекти економските активности се манифестираат преку:

- Намалена земјоделска продуктивност поради контаминација на околните земјоделски површини;
- Намалена пазарна вредност на земјоделските култури во близина на сегашната депонија Русино;
- Отсуство на интерес од страна на економски оператори кои имаат интерес за инвестиции во секторот за управување со отпад;
- Намалена конкурентност и атрактивност на општините и регионот,

Според сите горе наведени опции може да се заклучи дека најдобра опција е да моменталната локација Русино биде санирана и надградена согласно законската регулатива; да се обезбедат санитарни и безбедни услови за привремено и времено ограничено користење на Русино како санитарна депонија, а по тој период од 10 години (2023-2033) да следи нејзино прописно затворање и нејзино запечатување согласно националните стандарди.

### 12.10. План за мониторинг врз имплементација на УП

СОЖС постапката дефинира и план за имплементација на спроведување на активностите и мерките кои се предвидени во Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар.

Мониторингот на сите емисии во основните медиуми од депонијата треба да се спроведува согласно подзаконскиот акт за начинот и постапката за работењето, мониторинг и контрола на депонијата во текот на работниот период, мониторинг и контрола на депонијата во фазата на затворање и понатамошна грижа за депонијата, како и за условите за одржување на депониите по затворањето (Службен весник на Р. Македонија бр, 156/07).

Целта на планот за мониторинг е да предвиди и обезбеди следење на имплементацијата на мерките кои се дефинирани со цел намалување или спречување на потенцијалните негативни влијанија.

Со цел да се изврши мониторинг над ефективноста на УППГДЗ за регионална депонија Русион, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој, при што треба да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за системско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина се:

- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Да се има поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- Да се потврди дека договорените услови при одобрување на проектната документација се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија одимплементацијата на планската документација и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Да се утврди кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанија врз животната средина

Со цел да се изврши мониторинг на ефикасноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на истиот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следење на состојбата на животнта средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што се претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Министерството за транспорт е одговорно за следење на спроведувањето на Планот за мониторинг.

# 13. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 13.1. Заклучоци

- ✓ Во декември 2024 год., изработен е Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар. Изработени се и Услови за планирање на просторот за изградба на регионална депонија, КО Сушица 1 и КО Церово, Општина Гостивар (тех. бр. Y11119i и дополна со тех. бр. Y11119ii) за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање (арх. бр. УП1-15 1836/2019 од 31.12.2019 год. и арх. бр. УП1-15 1929/2022 од 10.10.2022 год).

За потребите на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, изработени се и:

- ✓ Физибилити Студија за управување со цврст отпад во Полошкиот регион (плански период 2023 – 2042 год.) чија цел е да го дефинира опфатот на идните проекти, со оценка на нивната изводливост со што ќе се придонесе кон подобрување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на услугите за управување со отпад во Полошкиот регион, како и намалување на негативните влијанија врз здравјето на луѓето и животната средина.
- ✓ Хидролошка Студија – анализа на еден и 24-часовни интензитети на врнежи и нивно влијание врз Регионалната депонија Русино, во катастарска парцела КП бр. 679/3, во имотен лист ИЛ бр. 9, КО Сушица 1, Општина Гостивар, која е изготвена со цел заштита на регионалната депонија Русино, Општина Гостивар, од плавење при појава на големи води. Во Студијата одредено е оттекувањето од сливните површини кои гравитираат кон регионалната депонија и дадени се препораки за одржување на коритата или поставување на соодветни заштитни ободни канали, кои се во функција на безбедност од плавење при еден и 24-часовни интензитети на врнежи со веројатност на појава на 100 годишни води.
- ✓ Планскиот опфат за реализација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“ се наоѓа во Општина Гостивар, поточно ја зафаќа КО Сушица 1 и зафаќа вкупна површина од 15.364 хектари. Во планскиот опфат влегуваат следните катастарски парцели и тоа: КП бр. 716, КП бр. 717, КП бр. 719, КП бр. 712/1, КП бр. 712/2, КП бр. 720, дел од КП бр. 718, дел од КП бр. 678/1, дел од КП бр. 721, дел од КП бр. 707, дел од КП бр. 710, дел од КП 679/3, дел од КП бр. 708, дел од КП бр. 706, дел од КП бр. 704, дел од 713/1, дел од 713/2, дел од КП бр. 709, КО Сушица 1, Општина Гостивар;
- ✓ Во рамки на проектот Управување со цврст отпад во Полошкиот регион, Република Северна Македонија, Фаза I, во 2021 година е подготвена Студија за оценка на влијание врз животната средина за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад во Русино, општина Гостивар;

Прифатена алтернатива е санирање на постојната депонија Русино и надградување согласно законската регулатива; обезбедување на санитарни и безбедни услови за времено ограничено користење на Русино како санитарна депонија за период од 10 години, а по истекувањето на тој период, да следи прописно затворање и запечатување на депонијата согласно националните стандарди.

- ✓ Имајќи ги предвид геолошките и хидрогеолошките својства, условите за надградба на депонијата за цврст отпад се релативно поволни (според последниот стручен извештај од анализа на расположливите податоци од теренот – Фактички Геолошки Извештај Јануари 2020 год., Управување со цврст комунален отпад во Полошкиот регион;
- ✓ Согласно Експертскиот елаборат за цврстиот отпад во Р. Северна Македонија изработен за потребите на Просторниот план на Р. Северна Македонија, локацијата е поволна доколку се наоѓа на растојание од 2 km од помали населени места, односно 2,5 km од погусто населени места и рекреативни центри, во насока на избегнување на негативните влијанија кои депонијата би можела да ги има врз луѓето кои живеат, односно престојуваат во нив.
- ✓ Постоечката депонија „Русино“ моментално не функционира како целосна санитарна депонија: реализирани се делови од инфраструктурата за санација, како што се асфалтиран пристапен пат, ваги, машини и опрема, но целосниот систем за управување не е завршен. Отпадот се покрива делумно со земја, а местото е под 24-часовен надзор, но без сите услови кои треба да ги имаат стандардните санитарни депонии;
- ✓ Во рамки на планскиот опфат, на северниот и северозападниот дел се наоѓа археолошко наоѓалиште „Русино“ (средновековна црква и некропола) за кое се смета дека при вршење на земјени и градежни работи при имплементација на УППГДЗ може да биде загрозено, па затоа е потребно задолжително присуство на овластен археолог-конзерватор и примена на мерки за заштита на културното наследство предвидени во Законот за заштита на културното наследство.
- ✓ Планскиот опфат на УППГДЗ за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче од кој се водоснабдува Градот Скопје и селата во Скопскиот плански регион. Во оваа зона мора да се почитуваат условите за заштита дефинирани со „Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита (Службен весник на РМ, бр. 36/90).
- ✓ Регионалната депонија се наоѓа во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“. Во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“ врз основа на „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на

воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“, се дефинирани активности за кои е дозволено да се изведуваат во рамки на зоната.

Како заклучок на крајот од овој Извештај, потенцираме уште еднаш дека реализацијата на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар, плански период треба да се случи, поради тоа што состојбата со одлагањето на отпадот е многу лоша и е неопходна урбанизација и планско уредување на просторот.

УППГДЗ за регионална депонија „Русино“ треба да се реализира во согласност со врменската рамка, и треба да создаде безбедни и санитарни услови за времено депонирање на цврстиот комунален отпад од Општина Гостивар и од општините кои гравитираат во Полошкиот плански регион, за временски период од 10 години, 2023-2032 година.

Операторот на депонијата (Регионалното претпријатие за управување со отпад формирано од сите општини во Полошкиот регион „Русино-Полог“) во соработка со МЖСПП задолжително да подготви план за престанок со работа и затворање на депонија, што ќе опфати безбедно затворање на површината на депонијата со цел контрола на фугитивните емисии на гасови од површината на депониското тело; контрола на создавањето на исцедок (кој ќе продолжи да се создава во мали количини и по престанокот со работа); следење на системите за прифаќање и одведување на атмосферски води надвор од депонијата; следење на покривката на депонијата поради можна ерозија од атмосферските води и обнова на покривката кога е потребно и др. Овој план ќе ги дефинира одговорностите, финансиските трошоци и временската рамка за следење и мониторинг на состојбата со локацијата.

Со оглед на тоа што капацитетот на депонијата и моментално е надминат, а за 10 години ќе се соочиме со уште поголеми количини на отпад, треба да се применуваат најстроги стандарди при депонирање, прекривање и компактирање на отпадот и веднаш после 10-тата година депонијата треба да се затвори[24] во согласност со националните и ЕУ стандардите. Треба да се земат предвид фактите дека депонијата се наоѓа непосредно до Сушичка река која иако е непостојан водотек укажува на тоа дека на таа локација гравитираат подземни води, а исто така локацијата се наоѓа и во третата заштита зона на изворите Рашче и Вруток.

Во рамки на планскиот период неопходно е да се спроведат дополнителни анализи за изнаоѓање на нова поволна локација која ќе биде иден регионален центар за депонирање на отпадот од Полошкиот плански регион.

[24] Според проектот за депонијата, на локацијата Русино на располагање е простор за вкупно количество на отпад од околу 1.050.000 $m^3$ (до 2020 проценето е дека депонираната количина на отпад изнесува 650.000 $m^3$). Следствено, животниот век на депонијата Русино ќе биде вкупно 10 години. Животниот век на поединечните ќелии ќе биде: Ќелија 1: Животен век 5.5 години (од 2023 – средина 2028) и Ќелија 2: Животен век 4.5 години (од средина 2028 –2032).

### 13.2. Препораки

- ✓ Доследна имплементација на процедурите за СОЖС како и соодветна проценка на влијанијата на ниво на конкретна планска/проектна документација или проект при изведба на предвидените активности;
- ✓ Да се обезбеди активно учество и вклучување на засегнатата јавност во процесите на креирање на мислење и донесување на одлуки;
- ✓ Доследна имплементација на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар и предвидените пропратни содржини, односно на мерките кои се предвидени во планската документација;
- ✓ Доследна примена на мерките за намалување на влијанијата врз животната средина и задравјето на луѓето, кои се предвидени во елаборатот за заштита на животната средина;
- ✓ Особено внимание да се посвети на мерките кои се дадени во: „Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита (Службен весник на РМ, бр. 36/90) и „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“,
- ✓ Особено внимание да се посвети на мерките кои се дадени во: Извештајот од теренски увид извршен од страна на НУ Национален конзерваторски центар Скопје за заштита на археолошко наоѓалиште „Русино“ (средновековна црква и некропола) за кое се смета дека при вршење на земјени и градежни работи при имплементација на УППГДЗ може да биде загрозено;

## 13. ПРИЛОЗИ

### 13.1. Одлука за спроведување на стратегиска оцена

### 13.2. Формулар

### 13.3. Решение за спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22), **Министерството за транспорт,** на ден __.__.2024 **година**, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За стратешкиот плански документ **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар,** кој го донесува Министерство за транспорт и врски потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар,** се определуваат: Министерство за транспорт, Министерство за финансии, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа Секретаријат за европски прашања, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Јавно препријатие за државни патишта ЗЕЛС, АДКОМ, МАСВА, Центар за развој на Полошки плански регион, 9 општини (Боговиње, Брвеница, Гостивар, Јегуновце, Теарце, Тетово, Врапчиште, Маврово и Ростуше и Желино), јавни комунални претпријатија во сите 9 општини, неформален сектор на собирачи на отпад, земјоделци/фармери. Дополнително засегнати страни ќе бидат професионалните асоцијации, стопанските заедници, граѓанските здруженија и невладиниот сектор.
3. За стратешкиот плански документ **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар,** за чија изработка е одговорна "**Агенција за планирање на просторот"**, а го донесува **Министерството за транспорт и врски,** донесувањето на стратешкиот плански документ **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар,** ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **сегашниот начин на управување со комуналниот отпад, проблемите со кои се соочуваат општините и комуналните претпријатија во управувањето со комуналниот отпад, влијанието врз животната средина (квалитет на воздух, нарушување на квалитет на почва, површински и подземни води, биодиверзитет), здравјето на луѓето, како и позитивните придобивки од реализацијата на урбанистичкиот план изразени преку унапредување на управувањето со отпадот, подобрен квалитет на животна средина, намалување на влијанието врз климатските промени, одржлив развој на локалните самоуправи и подобрување на социо – економската состојба на населението и неговата здравствена состојба.**
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Министерството за транспорт** на следната адреса: **www.mtc.gov.mk**.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр.** 67-712/3 **од** 12.11.2024 **година**
**Скопје**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**
**Министер,**
**Александар Николоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ СКОПЈЕ - SHKUP

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, општина Гостивар |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Агенција за планирање на просторот |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Иван Арсовски, дипл.инж.арх. |
| Назив на работното место | Самостоен планер |
| Контакт податоци за лицето | телефон: 075/402523 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Урбанистичко-планската документација со која се уредува предметниот плански опфат е Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар.<br>Истата се изработува врз основа на<br>• Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2021, 2023 и 2024 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 15/21, 107/21, 258/21, 37/23, 15/24 и 160/24) подточка 24 од точка III која гласи: Изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино" – КО Сушица 1 во Општина Гостивар.<br>• Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/20, 111/23, 171/24),<br>• Закон за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 42/14, 44/15 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22);<br>• Закон за управување со отпад (Сл. Весник бр.216/21);<br>• Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23),<br>• Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат депониите (Сл. Весник бр.78/09);<br>• Правилник за критериумите за прифаќање на отпадот во депониите од секоја класа (Сл. Весник бр.08/08);<br>• Правилник за начинот и постапката за работа, следење, работа и контрола на депонијата за време на работењето (Сл. Весник бр.156/07);<br>• Правилник за формата и содржината на барањето за основање на депонија за неопасен и инертен отпад (Сл. Весник бр.133/07);<br>• План за управување со отпад на Република Северна Македонија за 2021 – 2031. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да X<br>Не |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Планскиот опфат, кој е предмет на уредување со оваа урбанистичко-планска документација, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија 2002 - 2020, донесен на 11.06.2004 год. од Собранието на Република Македонија.<br>Следствено, за локацијата која е предмет на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар, со технички бр.Y11119i и Y11119ii, за кои се издадени:<br>• Решение за Услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 1836/2019 од 31-12-2019г. и<br>• Решение за Услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 1561/2021 од 20-10-2021г. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| ДА – управување со отпадот.<br>Реализацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење ќе биде во функција на развој на регионите, унапредување на управувањето со отпадот и согласно определбите на Просторниот план на РМ и треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој. |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е |

| | | | |
|---|---|---|---|
| определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка: 10 | Алинеја: 7 |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Да.<br>ПРИЛОГ I: Точка 8. Инсталации за депонирање на отпад за горење, согорување и физички и хемиски третман. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:<br>– рационално користење на земјиштето,<br>– максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,<br>– оформување архитектонска целина,<br>– почитување и заштита на правото на човекот на работа,<br>– почитување и валоризација на културното и градителското наследство,<br>– вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,<br>– подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,<br>– вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,<br>– вградување мерки за заштита и спасување,<br>– почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,<br>– почитување на законските прописи за дадената намена,<br>да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Урбанистичките и Основни проекти за идната планирана градежна парцела. | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Планирање на просторот | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| 2023-2033 година | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |
| / | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) | | | |
| Површината на планскиот опфат за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар, изнесува 153644.8433 m² или 15,364 ha и е во рамки на земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија. Локацијата на планираната регионална депонија се наоѓа јужно од градот Гостивар, на оддалеченост од околу 8 km. Најблиско населено место е селото Сушица кое се наоѓа на 2,5 km северно од локалитетот. Источно од локалитетот се наоѓа селото Митрој Крсти, додека на запад селото Ново Село.<br>Границата на планскиот опфат е дефинирана:<br>• од север: минува низ катастарските парцели: КП 709, КП 713/1, КП 704 и КП 706, КО Сушица 1;<br>• од источната страна: ги сече катастарските парцели: КП 706, КП 708, КП 707, КП 710, КП 679/3 и КП 678/1, КО Сушица 1;<br>• од јужната страна: минува низ катастарските парцели: КП 679/3, КП 710, КП 707, КП 721, КП 678/1 и КП 718, КО Сушица 1;<br>• од запад: по границата на КП 718, КП 707 и КП 709, КО Сушица 1.<br>Регионалната депонија „Русино" е поврзана на патната мрежа преку локалниот пат Гостивар-с. Горна Бањица-с.Сушица-Депонија „Русино".<br>Во непосредна близина на планскиот опфат, издадени се Услови за планирање на простот со тех бр. Y54622 за алтернативен пат до депонијата од западната страна со што се предвидува | | | |

да се поврзе со магистралниот пат А2 (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар-Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан) со што би се обезбедиле услови за алтернативен влез во депонијата.






Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Реализацијата на планското решение треба да обезбеди соодветно управување со отпадот на регионално ниво. Иако, се очекува во фазата на градба и оперативна фаза да има негативни влијанија врз животната средина, истите треба да се миниминираат или целосно иззбегнат со соодветна примена на мерките и активностите кои ќе произлезат од Извештајот за стратегиската оцена на животната средина.

За време на градежната фаза се очекува нарушување на квалитетот на подземните води, површинските води, нарушување на пејзажните карактеристики на пределот, квалитетот на воздухот, создавање на отпад, бучава и вибрации.

Се очекува од социјалните аспекти да бидат афектирани безбедноста и здравјето на работниците кои ќе работат на изградбата на регионалната депонија.

Во градежна фаза се очекуваат и позитивни влијанија преку ангажирање на мали и средни претпријатија за снабдување со потребни материјали за градба, техничка поддршка, транспорт, храна и др.

Во оперативна фаза се очекува нарушување на квалитетот на воздухот и појава на бучава и вибрации, појава на непријатен мирис, влијанија врз почва и подземни води.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Веројатноста од појава на негативни влијанија е извесна. Времетраењето е краткотрајно и се очекува истите да бидат присутни само при изградба на депонијата.<br><br>Очекуваните негативни влијанија може благовремено да се редуцираат преку примена на мерки за спречување на негативните влијанија во фазата на избор на енергетски ефикасна опрема, |

| | |
|---|---|
| | возила и механизација и други елементи кои ќе бидат предложени при оцената на негативните влијанија врз животната средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Со реализација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар, се очекува позитивно влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето, поради унапредување на состојбата со управувањето со комуналниот отпад преку воведување на меѓународни стандарди и практики. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, сообраќајни незгоди, експлозии, пожари, поплави и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Полошкиот плански регион е формиран од девет општини (Боговиње, Брвеница, Гостивар, Јегуновце, Теарце, Тетово, Врапчиште, Маврово и Ростуше и Желино) како административни единици со пониско ниво кои вкупно вклучуваат 184 населени места со вкупна површина од 2.379 km² и опфаќа население од 322.385 жители.<br><br>Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 год. вкупниот број на жители во Општина Гостивар на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 59.770 жители, што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Покрај основното и клучното позитивно влијание односно унапредување на управувањето со комуналниот отпад, планскиот документ ќе иницира и позитивно влијание врз социо-економските карактеристики на општината, преку подобрување на функционалноста на комуналните активности, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br><br>Општините во рамки на регионите, управувањето со отпадот (комунален отпад) го спроведуваат претежно преку јавните комунални претпријатија (ЈКП) кои ги формирале за таа намена и нивниот делокруг на работа го вршат преку собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад на општинските депонии. Евидентен е многу низок степен на селекција и рециклирање на отпадот од речиси 5%, додека повеќе од 90% од создадениот отпад се одлага на депонија.<br>Сегашната состојба со управувањето со цврстиот отпад во регионите во државата може да се карактеризира како супстандардна, недоволна и неефикасна и попречена од сериозни недостатоци (јавна свест, немање капацитет и предизвици поврзани со јавноста околу спроведување на законските мерки а особено со носење конечни одлуки за локации за регионални санитарни депонии), што резултира во различни дисфункционални системи и многу поврзани негативни ефекти врз животната средина и здравјето на луѓето. Главната причина се недостаток на ресурси - човечки и финансиски, како недоволно и неефикасно спроведување на процедурите за мониторинг. |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Просторот на кој се предвидува изградба на регионална депонија во КО Сушица 1, Општина Гостивар се наоѓа во ВП „Полог”. Ова ВП го опфаќа сливот на реката Вардар, извориштето до водомерниот профил „Радуша”. На ВП „Полог” припаѓа и сливот на реката Горна Радика со притоките зафатени со хидроенергетскиот систем „Маврово”.<br>На изворот на реката Вардар - Вруток изграден е водозафат од кој се водоснабдуваат градот Гостивар и околните села.<br>Со „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“ (Службен Весник на Република Македонија бр. 89/2018) дефинирани се три заштитни зони и режим на заштита на водозафатниот објект извор „Вруток“.<br>• потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) I зона<br>• широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) II зона<br>• поширока заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување) III зона<br>Регионалната депонија се наоѓа во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“. Во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор „Вруток“ врз основа на „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ“ не треба да се врши:<br>– изградба на објекти како што се трла, бачила, мандри, кланици, фарми за одгледување на животни и сл. освен врз основа на одобрен Елаборат за заштита на животната средина;<br>– изградба на индустриски, станбени, туристички, угостителски, спортско - рекреативни, земјоделско-стопански објекти и други објекти, како и вршење на дејности чии отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворот, освен ако се приклучени на канализација или поседуваат прописно изведени септички јами кои треба да се чистат, како и да се врши соодветно одлагање на отпадот од објектите:<br>– изградба на бензиски пумпи, механичарски сервиси или сервиси за миење возила чии отпадни води можат да го загрозат квалитетот и здравствената исправност на водата од изворот, освен врз основа на одобрен Елаборат за заштита на животната средина;<br>– интензивно земјоделство со примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди, освен за индивидуални потреби без употреба на вештачки ѓубрива и пестициди;<br>– складирање на градежни материјали со опасни супстанци;<br>– транспорт и испуштање на дериват и хемикалии, складирање и користење на нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;<br>– изградба на сообраќајници без одводни канали за атмосферски води од површината на истите;<br>– формирање на нови гробишта и проширување на |

| | |
|---|---|
| | капацитетот на постојните;<br>– движење на тешки моторни возила и движење на неисправни возила освен транспорт на шумски сортименти и саден материјал;<br>– одржување на авто и мото трки;<br>изведба на експлоатациони бунари кои не се во функција за јавно водоснабдување, а нивната позиција ќе биде одредена со соодветна проектна документација.<br>Во поширокатa трета заштитна зона може да се спроведуваат мерки на одгледување , нега и обнова на шумите, пошумување на насадите за обнова на шумите и пошумување на голини за заштита од ерозија од страна на ЈП „Македонски шуми“.<br>Одгледувањето на добиток треба да биде на постојниот традиционален начин.<br>Во поширокатa заштитна зона, не треба да се користи земјиште доколку се загрозуваат неговите природни вредности, вклучувајќи ги подземните и површинските води кои може да го загрозат квалитетот, здравствената исправност и издашност на водата во извориштето.<br>Во водотеците кои се дел од Вардарското сливно подрачје не треба да се испуштаат непречистени урбани отпадни води и непречистени индустриски води.<br>Депонирање и исфрлање на отпадни цврсти материи е исклучиво на организирани, обезбедени и контролирани депонии кои се наоѓаат надвор од сливното хидрогеолошко подрачје.<br>Корисниците на земјиштето во поширокатa заштитна зона доколку изведуваат активности кои имаат влијание врз животната средина треба да изработат Елаборат за заштита на животната средина или Студија за оцена на влијанието врз животната средина согласно закон.<br><br>Согласно дописот од Управа за заштита на културното наследство доставени се податоци (арх. бр. 0902-115/9 од 18.11.2022г.) во кои е презентирано дека на подрачјето на планскиот опфат лежи археолошко наоѓалиште „Русино“ (средновековна црква и некропола) со ЕМБ 4-807-070/199 – Е НД – добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство. Поради тоа, за да не дојде до дејствија, појави и влијанија кои што би настанале и би предизвикале нарушување на интегритетот на недвижното културно наследство упатуваат на контакт со НУ Национален конзерваторски центар – Скопје како надлежна установа да пропишат услови под кои ќе се реализира предметниот план.<br>Од НУ Национален конзерваторски центар – Скопје доставен е допис со извештај до извршен увид во границите на планскиот опфат за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за потребите на реализацијата на регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, Општина Гостивар (арх. бр. 08-26/2 од 15.02.2023г.). Од увидот на терен и од расположливата документација тимот констатира дека на северниот и северозападниот крај на планскиот опфат се наоѓа археолошко наоѓалиште „Русино“ (средновековна црква и некропола) со ЕМБ 4-807-070/199 – Е НД – добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство. Со реализација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за потребите на реализацијата на регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, општина Гостивар, може да биде загрозен археолошкиот локалитет „Русино“, доколку се изведуваат земјени и градежни работи во северниот и северозападниот дел на планскиот опфат.<br>Доколку при изведба на градежни, земјоделски и други |

| | |
|---|---|
| | работи, се дојде до предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен да постапи согласно одредбите на член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Сл. Весник на РМ“, бр 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 23/13, 164/13, 38/14, 44/14, м199/14, 104/15, 154/15, 195/15), кој меѓу останатото првенствено предвидува:<br>Да го пријави откритието во смисла на член 129 став 2 од овој Закон;<br>Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап;<br>Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата на која се најдени.<br><br>Од Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство доставено е позитивно мислење (арх. бр. 0902-549/15 од 26.10.2023г.) |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности бидејќи ќе бидат применети најсовремени техники за опрема и механизација која ќе се користи за управување со комуналниот отпад на регионалната депонија. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | На просторот опфатен со овој плански документ се наоѓа постојната депонија „Русино“. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со донесување на овој плански документ и неговата реализација ќе се отворат можности за развој на мали и средни претпријатија кои ќе учествуваат во работењето на депонијата преку транспорт на отпад, работници, потребни материјали, развој на локалните/регионални економии и задржување на населението во своите места каде би обезбедиле вработување, а воедно и чиста животна средина преку воведување на новиот начин на управување со комуналниот отпад.

За активностите за кои се пропишани мерки за управување со отпад ќе бидат подготвени следните документи: Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, Студија за оцена на влијанијата на животната средина или Елаборати за заштита на животната средина како и А или Б интегрирани еколошки дозволи

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во рамки на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Реализацијата на планското решение има исклучително значење за заштита на животната

средина бидејќи преку воведување на новиот регионален пристап ќе се воспостави соодветен механизам за одржливо управување со отпадот на регионално ниво, ќе се зголеми хигиената во општините, ќе се подигне јавната свест кај населението, ќе се намали загадувањето на воздухот во градовите од несоодветното постапување со отпадот, ќе се зголеми ефикасноста на јавните претпријатија што севкупно ќе резултира со одржлив пристап и развој на локалните самоуправи, региони, градови и околни села во Полошкиот регион.
Од аспект на одржливост, донесувањето на планскиот документ позитивно ќе влијае врз:

- Одржливо управување со отпадот на регионално ниво,
- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот како потенцијален ризик за загадување на почвите, површинските и подземните води и воздухот што доведува до нарушување на квалитетот на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој на планското решение кое како тип на дејност во оперативна фаза истовремено ќе обезбеди заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Основа за изготвување на овој плански документ се:

- Просторен план на РМ,
- Услови за планирање на просторот,
- Национални стратегии за управување со отпад (НСУО), со кои се дефинираат долгорочните потреби и законски мерки за спроведување (2008-2020, преработени се 2020 - 2032 година);
- Национален план за управување со отпад (НПУО), кој ги оценува тековните состојби на УЦО и ги дефинира активностите за подобрување (2009 - 2015, преработено е 2018-2024);
- Регионален план за управување со отпад (РПУО), кој е во согласност со НСУО.
- Физибилити студија за управување со цврст отпад во Полошкиот регион (Февруари 2020г.) и друго.

Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт за заштитна на животната средина се донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

| | | |
|---|---|---|
| За реализација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино“, КО Сушица 1, општина Гостивар согласно законската регулатива се предвидува започнување на Постапка за Оценка на влијание врз животната средина.<br>Бидејќи проектот согласно Уредба за утврдување проекти и критериуми врз основа на кои треба да се спроведе ОВЖС скринингот (Службен весник на РМ бр. 74/05, 109/09, 164/12 и 202/16) спаѓа во Прилог I - Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина, Прилог 1, точка 8 - Инсталации за депонирање на отпад, горење, согорување, физички и хемиски третман.<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се спроведе постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесва Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и законот за заштита на природата правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на планот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на планот. | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Александар Николоски | |
| Бр. 67-712/4<br>Датум 12.11.2024 година<br>Место: Скопје | М.П. | |

26

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП1-15-2117/2024

Дата/Data: 16-12-2024

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Скопје - Shkup

| Прими-о / Pranuar | 15. 01. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / N. organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 67-33/1/1 | | | |

До: Министерство за транспорт
Ул. Црвена Скопска Општина бр. 4
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: Ваш арх.бр. 67-712/5 од 12.11.2024 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под бр.УП1-15-2117/2024 од 15.11.2024 год. поврзано со постапка за носење на планска документација за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија "Русино", КО Сушица 1 – Општина Гостивар, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина бр. 67-712/3 од 12.11.2024 год. и Формуларот бр. 67-712/4 од 12.11.2024 год., Министерството за животна средина и просторно планирање **ги прифаќа.**

Deri te: Ministria e Transportit
Rr. Crvena Skopska Komuna nr. 4
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Lënda: Njoftim
Lidhja: Nr. juaj ark. 67-712/5 datë 12.11.2024

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën tuaj të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr. UP1-15-2117/2024 datë 15.11.2024, e cila lidhet me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për Planin Urbanistik për zona dhe ndërtesa me rëndësi shtetërore për deponinë rajonale "Rusino", KO Sushicë 1 – Komuna e Gostivarit, ju informojmë se, në përputhje me Ligjin për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimi juaj për realizimin e Vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor nr. 67-712/3 nga data 12.11.2024 dhe Formulari nr. 67-712/3 nga data 12.11.2024, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor **i pranon.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimi së bashku me formularët detyrimisht të publikohen në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Зарије Абази/Zarije Abazi, помлад соработник/bashkëpunëtore e re
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска, помошник раководител на сектор/ndihmëse udhëheqëse i sektorit
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi:Resmi Ejupi/Ресми Ејупи, Државен секретат/Sekretar shtetëror
Согласен /Me pëlqim të: Недим Рама/Nedim Rama, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit
Согласен /Me pëlqim të: Хусамед Агушовски/Husamed Agushovski, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk